**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Десетата седница на Собранието на Република Македонија одржана на 12 февруари 1999 година**

Седницата се одржа во просториите на Владата на Република Македонија, голема сала, со почеток во 10,40 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше г-дин Саво Климовски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дами и господа пратеници, Ја отворам Десеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Илија Илоски и Илија Георгиев ме известија дека од орпавдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Исто така, министерот за развој Милијана Даневска, министерот за одбрана Никола Кљусев и министерот за внатрешни работи Павле Трајанов ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети: Претседателот на Република г-динот Киро Глигоров, претседателот и членовите на Владата на РМ.

Комисијата за прашања на изборите и именувашата предлага денвниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог за разрешување на Јавниот обвинител на Република Македонија.

Предлогот за разрешување Ви е поделен. Кој е за предлогот, молам да крене рака?

Збор бара г-динот Горѓи Спасов.

**ГОРГИ СПАСОВ:**

Почитуван г-дине претседателе, почитувани пратеници, почитувани министри,

Во јавноста на Република Македонија пред некој ден беше соопштено дека Владата на РМ на својата неодамншена седница веќе го разрешила Републичкиот јавен обвинител Стеван Павлески. Истовремено на таа седница, беше соопштено дека Владата на РМ веќе именувала и нов Републички јавен обвинител, г-динот Ставре Џиков.

Секако, малку подоцна, кога Владата на РМ ги прочитала законите, видела дека тоа не е во нејзина надлежност па ја промени сопствената одлука со образложение дека не биле јасни законите. Во тие закони, односно во Законот за Јавното обвинителство на РМ се вели дека Владата на РМ може да покрене постапка за разрешување на јавниот обвинител, разрешувањето го врши Собранието врз основа на елементите дадени во членот 31 од Законот за јавно обвинителство. Истовремено се распишува оглас врз основа на кој што сите кандидати за обавување на таа функција можат рамноправно да учествуваат, по што, евенуално, Владата би можела односно да му предложи на Собранието да го направи својот избор.

Денеска, како што знаете, Владата, во согласнсот со новото сознание, ни предлага покренување на постапка за разрешување на Републичкиот јавен обвинител врз основа на член 31 став 6.

Во членот 31 став 6 меѓу другото се вели дека може да биде покрената таква постапка во случај кога Републичкиот јавен обвинител енстручно и несовесно ја врши функцијата во Јавното обвинителство, што го утврдува Владата на Република Македонија. Како што Ви е познато, за денешнава седница на која што токму ова ни се предлага не ни е даден, истовремено, ниту еден аргу-мент, ниту една информација што значи тоа нестручно и што значи тоа несовесно однесување на Републичкиот јавен обвинител. не ни е поделена ниту една елементарна информација врз основа на која што Владата на РМ дошла до таквиот заклучок и во која што бара пратениците денеска да се изјаснат за таквиот нејзин предлог. Тоа е едната причина заради која што пратениците на Пратеничката група на СДСМ смета дека во име на демократијата елементарно право е, ако некого разрешувате заради несовесно и нестручно однесување да ги дадете основните елементи во писмена форма, да се даде време,да се проучат тие елементи за да може да се води нормална дебата.

Отаму, прво, поради таа причина бараме денеска оваа точка да не биде ставена на дневен ред.

Втора причина заради која што исто така е во согласност со Законот тоа е дека во членот 32 , меѓу другото се вели дека Собранието на РМ по предлог на Валдата покренува постапка за разрешување на јавен обвинител односно заменик јавен обвинител и кога ќе се утврди дека е исполнет некој од условите, значи треба во рамките на таа постапка, дури, како што знаете, Републичкиот судски совет има направено за судиите и посебна постапка, претходна постапка, па редовна постапка, па има утврдено елементи на несовесно и нестручно однесување врз основа на кои што може да се разгледуваат,би требало некоја слична постапка да постои за обвинителите, се вели дека тогаш кога ќе утврди во постапката што ја спроведува таа Влада односно Собранието и овој Парламент на РМ за утврдување на постоење на некој од основите за разрешување на јавен обвинител, односно заменик, прибавува мислење од јавниот обвинител.

Сметаме дека елементарно право на Републичкиот јавен обвинител да му се даде можност да се одбрани од она што му се товари

како несовесно и нестручно работење, обавување на неговата функција и да биде поканет да учествува, во рамките на постапката со која тој се разрешува. Тоа е уште една причина да бараме оваа точка да не биде ставена на дневен ред.

Дозволете ми само да Ве потсетам на одредбите од Законот, бидејки во Уставот е утврдено дека Јавното обвинителство, како институција на државната власт, остварувањата за остврaување на функцијата ги наоѓа во Уставот на РМ каде е дефинирано дека Јавното обвинителство е единствен и самостоен државен орган кој ги гони сторителите на кривични дела и на други, со Закон утврдени, казниви дела и врши други работи утврдени со Законот.

Ако Владата навистина инсистира на вака брзи постапки, без елементарно утврдување на нестручноста, на несовесноста, без елементарна можност овие луѓе да се одбранат од таквите обвинувања, мислам дека сме навистина на погрешен пат.

Затоа барам во името на Пратеничката група на СДС денеска точката да биде одложена и да се даде можност во една нормална постапка да се одвиваат работите во оваа држава.

Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има збор претсеавникот на Владата г-дин Владо Камбовски, министер за правда.

**ВЛАДО КАМБОВСКИ:**

Прво, дозволете ми да Ве потсетам на соопштението на Владата по повод предлогот за разрешвување на г-динот Павле Павлевски,во кое дословно стои дека Владата го утврди предлогот да му предложи на Собранието на РМ да го разреши од функција.

Тоа што пишувале весниците, како што читате и денеска, пишуваат се и сешто, тоа е второ прашање. Ако почнеме според она што го пишуваат весниците да ги толкуваме одлуките и предлозите на Владата, мислам дека нема да постигнеме ништо.

Според тоа, би молел денеска да се стави на дневен ред Предлогот на Владата, онака како што е дефиниран и доставен до пратениците. При разгледување на тој предлог исто така би молел да се има на ум дека во отсуство на други прописи за тоа како тече постапката на разрешување или именување јавен обвинител, зашто наспроти она што го тврдеше колегата Спасов, кому не му замерам зашто не е правник, ќе констатирате дека ниту во Законот за Републичкиот судски совет, ниту во Законот за јавно обвинителство не е утврдена некоја посебна процедура за разрешување или именување на Републичкиот јавен обвинител. Таму се само наведени основите поради кои може да се предложи разрешување и именување. Владата има свои ставови, своја оценка дека треба да покрене таква псотапка. Му ја предлага на Собранието таа процедура и Собранието треба понатаму да постапува. А, ќе постапува, веројатно онака како што постапувале 1996 година, кога г-динот Павлевски беше именуван на местото Републички јавен обвидител. Јас би Ве потсетил само на процедурата што беше спроведена 1996 година со раз-решување на поранешниот јавен обвинител и именување на г-динот Павлески.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор Реплика од г-динот Спасов.

**ЃОРГИ СПАСОВ:**

Прво, за опозицијата да биде добро информриана за тоа што виситнски решила Владата, редно е Владата да ја информира опозицијата,а не да мора опозицијата, како што е сега праксата , за многу суштествени работи да разбира од весниците. И, да знаеме дали навистина на Владата бил предложен веќе г-динот, не сакам да го споменувам името за нов јавен обвинител или тоа е само шпекулација на весниците. Чисто пвоеќе за таа комуникација мислам дека е редно да се направат работите за потоа да не можеме да се вадиме на тоа дали било навистина кажано на Владата, дали било заклучок на Владата или пак отпосле и текнало на Владата дека е тоа грешка.

Меѓутоа, што се однесува до постапката, г-динот Камбовски, кој е правник, кој ги знае работите, знае многу добро дека вистина точно не е регулирана постапката за утврдување на одговорноста на републичкиот јавен обвинител. Меѓутоа, многу е големо прашањето дали можеме недостатокот на една правна регулатива да го искористиме за воведување на праксата, на таканаречени "преки судови", елементарно образложение на пратениците кои, едноставно прво имаат право да знаат врз основ на што Владата дошла до заклучок дека кој човек несовесно и нестручно ја обавувал работата. Да ни бидат предложени и во писмена форма, ако ништо повеќе, имаме рапаво да видиме врз основа на кои елементи се темели таквиот предлог од страна на Владата на РМ. Мислам дека е тоа, прво, основно демократско право за да можеме ние, како претставници на една пратеничка група да решава дали ќе гласаме или не, или нема да гласаме за таа работа.

Втората работа, независно што не пишува во законите и т.н. односно што не е регулирана постапката, исто така сметаме дека е човечко рпаво на еден човек кој ја обавувал функцијата Републички јавен обвинител, со целиот свој жар и енергија во целиот овој период, да има право да се одбрани, меѓу другото (реакции од страна на пратениците), ќе Ве молам ќе бидете сите во една таква ситуација,да имате правод а се одбраните од основани или неосновани обвиненија за несовесно и нестручно обвинување. Сметаме дека е тоа елементарно човечко право и дека ние во овој процес развиваме еден модел на политичка култура што всушност треба да биде знак на демократијата во

Македонија за која што сите толку многу говоревме во време на изборната кампања.

Оттаму, сметам дека не е добро денеска да се постави ова на дневен ред, иако парламентарното мнозинство може да изгласа се што всушнсот ќе посака.

Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има збо г-динот Чедо Кралевски, претседател на Комисијата за избори и именвуање.

**ЧЕДО КРАЛЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани членови на Влада и претседател на Влада, дами и господа пратеници,

Г-динот Горги Спасов зборуваше дека нема образложение на предлогот на Владата доставен сега, кога се зборува за дополнвуање на дневниот ред.

Меѓутоа, денеска заседаваше Комисијата за избори и именување и на седницата беше присутен повереник на Владата кој го образложи предлогот на Владата, тоа образложение е во фаза на умножување и ќе биде поделено на пратениците ако оваа точка се стави на дневен ред. Кога ќе дојде точката на дневен ред, кога ќе дозволите расправа по таа точка, претходно ќе бидете запозанени за образложениeто на предлогот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има збор г-динот Насер Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа,

Мислам дека навистина не е добро што адхок, истиот ден кога се расправа за другите точки за што е свикана седница на Собранието да се постави точка на дневен ред за разрешување на јавен обвинител.

Второ, мислам дека должна е Владата, сепак, согласно на Законот за јавен обвинител да даде една доволна аргументација за да се образложи предлогот за разрешување на јавниот обвинител. А, доколку сакаме да бидеме уште поаргументирани, требаше да се направи претходно една анализа за работата на јавниот обвинител, соодветно да се бара и мислеше од Републичкиот судски совет и други институции од правосудството и , врз основа на таква елаборација, да се дадеше пред Собрание со предлог за разрешување, се разбира, доколку анализите и фактите беа основани за покренвуање на една ваква постапка.

Мислам дека е доволно и јасно дека мнозинството може да крене рака и точката да се стави на дневен ред. Согласно на тоа дури да биде разрешен јавниот обинител и да се распише оглас за избор на нов јавен обвинител.

Но, само да Ве потсетам, политичкиот систем во една држава не се гради само врз основ на аргументот или силата на прстите. Во политиката, во политичкиот систем сепак постојат и принципи што ги почитуваат и мислењата, различните мислења или, во најмала мерка однсоите опозиција позиција. Доколку се поведуваме по принципот на имање потребен број на прсти за изгласување на одлука, закон, или било каков друг акт, тогаш , се разбира, тој процес води кон еден тоталитарен систем, без оглед што мнозинството има доволен број на гласови.

Само да потсетам дека претходното мнозинство имаше можност да донесе Закон за избори по теркот за кој ќе се согласеше само мнозинството. А, знаете дека во една демократска расправа и со вонпарламентарните партии од тогашната опозиција беше најден еден консензус за еден многу важен проект како што беше Законот за избор на пратеници. Мислам дека беше навистина добар пат да се изгради една демократска атмосфера за да се дојде до поиздржана проекција за која утре нема да има забелешки ни од страна на мнозинството, ни од страна на опозицијата.

Должен сум да обрнам внимание дека прашањето на институтот јавен обвинител е најчувствително најцензибилно прашање во правниот систем и во системот на органите на правосудството во една држава. Затоа, јавниот обвинител секогаш, во сите системи, се разбира демократски е најнедопирливата точка, визави, влијанието на власта. Зашто можете да претпоставите во што ќе се претвори правниот систем и органите на правосудството доколку перманентно бидат усложени на влија ниај на власта коај во секој момент може да ги разреши и да поставува свои луѓе. И тогаш песната е сосема јасна " Кадија те тужи Кадија те тужи".

Од тие причини сметам дека предлогот не треба да се прифати.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Насер Зибери. Дали уште некој бара збор?

Процедурално може г-дине Спасов, но немојте повторно за дискусија.

Повелете.

**ГОРГИ СПАСОВ:**

И мене ми е непријатно што морам да се јавувам по трет пат. Меѓутоа, господа пратеници,

Воопшто не држи образложениeто дека дајте, гласајте за предлогот да биде утврден на дневен ред, разрешувањето, па потоа ние ќе Ви ги дадеме аргументите. Мислам дека навистина нема логика во сето тоа.

Сакам само да Ви укажам на нешто, деновиве јавноста беше практично бомбардирана со поставување, со објавување на низа имиња во кои министрите покренуваат кривични пријави.

Беше бомбардирана со информациите дека се сменети многу луѓе во полицијата и т.н.

Денеска, на овој начин се разрешува и републичкиот јавен обвинител. Бидете убедени дека се создава впечаток за политичка инструментализација на се она што претставува органи на прогон, органи на обвиненија и се влегува во една шема во која, всушнсот, најмалку има врска со демократијата и демократскиот развој на Република Македонија.

Оттаму е нашето обраќање, во интерес на оваа држава едноставно да се одложи оваа точка и Вие практично ги имате истите иснтрументи да ја направите таа работа, меѓутоа во една демократска процедура.

Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ**:

Му благодарам на г-динот Горѓи Спасов за дополнувањето на своето излагање.

Дали уште енкој бара збор?

Претставникот на Владата, Камбовски повторно сака образложени**.**

**ВЛАДО КАМБОВСКИ:**

Господине претседателе, господа пратеници. Нема да ми верувате но јас во целост се согласувам со она што го спомнаа господинот Зибери и господинот Спасов. Навистина треба да се востановат правила кои ќе ја гарантираат независноста и самостојноста на јавниот обвинител. Во нашиот устав тој е дефиниран од институција што има самостојна позиција, но за разлика од судството не е дефиниран како независна институција. Понатаму низ Уставот и низ Законот за јавното обвинителство не се дадени сите тие гаранции за кои тука се зборуваше, така што тие останиваа на рамништето на политички постулати. Се поставува прашањето зошто тие досега не биле вградени во законите, туку било оставено тоа прашање да стои вака како што е денеска и да се реплицира од 1991 до 1998, 1999, како што се повторува. Ние навистина имаме намера да ги повлечеме тие потези со менување на позицијата во Уставот и со менување на законите. Меѓутоа нема да направиме ништо друго од она што беше направено во 1996 година., беше направено пред тоа, пред изборот на претходниот обвинител. Законите ги применуваме такви какви што се, господа. Ние не можеме да им даваме друга интерпретација, од она што пишува во Уставот и законите, за жал.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор по овој предлог? (Никој)

Имаме предлог предлогот денес да не се става на дневен ред и предлагам сега ние да гласаме тој предлог.

Кој е за тоа овој предлог да не го ставиме на дневен ред? (45 пратеници)

Констатирам дека Предлогот не е усвоен.

Кој е за тоа предлогот да го ставиме на дневен ред (67 пратеници)

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Според тоа предлогот го ставам на дневен ред.

Пратениците Чедомир Краљевски, Горан Невеновски и Љупчо Анушев поднесоа предлог на одлука за огласување и именување на јавен обвинител на Република Македониај и предлагаат тој да биде разгледан на оваа седница.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Дали некој бара збор? (НИкој)

Бидејќи никој не бара збор, предлогот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (69 пратеници)

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Група од 20 пратеници поднесоа предлог на одлука за основање на Анкетна комисија за испитување на одговорноста на пратеникот Тито Петковски во вршењето на функцијата претседател на Собранието на Република Македониаја и предлагаат тој да биде разгледан на денешната седница.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам расправа.

Молам кој бара збор? (Никој)

Го ставам на предлогот на гласање.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? (83)

Дали има некој против?(5)

Дали некој се воздржува до гладање? (7)

Констатирам дека овој предлог е усвоен.

Според тоа за денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Информација за воспоставувањето на дипломатски односи меѓу Република Македонија и Република Кина (Тајван).

2. Информација за состојбите во откупот на тутунот за родот 1998 година во Република Македонија.

3. Предлог на одлука за изменување и дополнување на Одлуката за основање на Анкетна комисија за испитување на Јавните набавки на министерствата, Владата на Република Македонија и Собранието на Република Македонија.

4. Предлог на одлука за формирање на одбор за одбележуваше на 50-годишнината од основањето на Советот на Европа.

5. Предлог за разрешување на јавниот обвинител на Република Македонија.

6. Предлог на одлука за огласување именување на јавен обвинител на Република Македонија.

7. Предлог на одлука за основање на Анкетна комисија за испитување на одговорноста на пратеникот Тито Петковски во вршење то ан функцијата претседател на Собранието на Република Македонија.

Кој е за усвојување на предложениот дневен ред. Господинот Насер Зибери има забелешка.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

На крајот откако ќе се прочита дневниот ред кој го предлага претседателот на Собранието, нормално треба да се праша дали има предлог за измени и дополнувања. Јас во таа смисла се јавив да барам дополнување на дневниот ред со точката - Предлог резолуција за Косово , инаку текст кој ви е доставен уште пред три недели,во кое меѓувреме двапати заседаваше Собранието а точката не ја стави на дневен ред иако заклучок на Собранието беше по предлог на Владата тоа ќе го направи на првата наредна седница.

Барам објаснување зошто и овој пат не е ставена на дневен ред.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Го молам претставникот на Владата г-динот Бедредин Ибраими да земе збор.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, познато ви е на сите дека целокупната светска и европска јавност во Франција, близу до Париз во Рамбуе одржува меѓународна конференција за изнаоѓање решение за проблемот на Косово.

Со оглед што на оваа конференција се опфатени сите точки кои беа предложени од страна на пратеничката група на ПДП како предлог ова Собрание да донесе резолуција, Владата оцени дека нема потреба да се изјасни и да се стави како точка на дневен ред пред ова Собрание.

**САВО КЛИМОВСКИ**:

Дали г-динот Зибери е задоволен од одговорот.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Се разбира дека не сум задоволен од мислењето на Владата. Дотолку повеќе ако е така тогаш нема никаква причина Собранието да не го прифати текстот. Затоа инсистирам да се стави на дневен ред точката, а по однос на тоа дозволете ми да дадам образложение.

Господине претседателе, дами и господа пратеници, Последните настани на Косово несомнено претставуваат опасност по мирот и стабилноста во регионот и злочин по цивилното население. Овие дела се санкционирани со норми и акти на меѓународната заедница и како такви тие се осудувани од пошироката јавност, разни меѓународни организации, владини и невладини.

Косово подолго време претставува потенцијално кризно жариште на Балканот. Ескалацијата на состојбите дојде минатата година и таа трае, за жал, до денес. Напорите на Меѓународната заедница, во прв ред Европската унија и САД досега не дадоа посебни ефекти. Напротив, ситуацијата е се понапната, војната продолжува, расте бројот на жртвите, поготово меѓу цивилното населенеи, жените и децата. Се поголем е и бројот на бегалците, во прв ред во Албанија, Црна Гора, но не е мал бројот и во другите земји, вклучувајќи Ја тука и Република Македонија. За материјалните штети и не станува збор. Како резултат на ваквите состојби кон крајот на минатата година беа интензивирани напорите на контакт групата и САД за изнаоѓање на мирно решение од една страна и зајакнување на притисоците со закани за воена интервенција на силите на НАТО. Како што се знае овие притисоци гио принудијг Белград да седне на преговарачката маса и да се потпише мировниот договор Холбрук-Милошевиќ и да прифати присуство на верификаторите на ОБСЕ. И покрај се смирувањето на состојбата траеше многу кратко. Повторно дојде до обнова на вооружените конфликти со масовни убиства како што беше случајот со Рачак, Рогова итн. Реакциите на меѓународната јавност овој пат беа уште поостри. Заеднички именител на сите тие беше квалификацијата дека се работи за масакар врз цивилното население. Хашкиот трибунал испрати своја екипа за испитување на случајот и преземање на натамошни мерки за казнување на виновниците, додека министрите за надворешни работи на државите членки на ЕУ ја донесоа веќе познатата одлука за свикување на меѓународна конференција за Косово. Исто така помеки не беа ни реакциите на НАТО која повторно го реактивира својот план за воздушни напади врз српските сили а во исто време реагираа и владите на неколку земји, како што се на пример САД, Велика Британија, Германија, но и одделни земји во регионот и Балканот како што се Турција, Албанија итн.

Имајќи го предвид фактот дека Република Македонија непосредно се граничи со Косово , со Сојузна Република Југославија, имајќи го предвид фактот што во Република Македонија живее значителен број на албанско население, како и низа други прашања, Република Македонија не смее рамнодушно да гледа на настаните на Косово, туку треба да одигра активна улога во спречувашето на конфликтот и изнаоѓањето на мирно решение за косовскиот проблем. Тоа дотолку повеќе што последиците од оваа војна, посредно или непосредно ги чувствува или ќе ги чувствува понатаму Република Македонија.

Војната на Косово претставува реална опасност за проширување на конфликтот во регионот и пошироко, Македонија во најмала мера брзо може да биде ставена пред

предизвикот на НАТО за овозможување на користење на територијата и воздушниот простор како што беше случајот со екстракторитена ОБСЕ. За ова веќе имаме конкретни најави од страна на генералниот секретар на НАТО и контакт групата. Во тој случај неминовно ќе се доведува во прашање неутралноста на Република Македонија, визави конфликтот од една страна и извршувањето на обврските и ќе нема НАТО, Советот за безбедност и меѓународната заедница. Се разбира последиците можат да бидат поголеми како на внатрешен така и на надворешен план, директно за Македонија. Затоа, со цел да се спречи понатамошната ескалација на ситуацијата и проширување на војната, Република Македонија како непосреден сосед е многу загрижена земја во регионот и треба да биде поактивна со својата политика, да им се придружи на иницијативите и напорите на меѓународните организации и одделни земји за итно и безусловно запирање на воените дејствија од било која страна. Значи воспоставување на мирот, згрижување на раселените лица и казнување на виновниците за масакрите врз цивилното население, како и свикување на меѓународна конференција во духот на заложбите на министерската конференција на земјите членки на Европската унија. Затоа ПДП на Собранието на Република Македонија му предлага на денешната седница да ја стави на дневен ред Предлог резолуцијата за Косово. Се разбира овој текст и текстот на Предлог резолуцијата се напишани пред три недели, заблагодарувајќи се на вештото одлагање и избегнуваше да се даде мислење од страна на Владата. Дел од содржината на оваа резолуција веќе е надминато или веќе е во функција на она што е заложба на резолуцијата. Но доколку став на Владата е ставот на министерот за одбрана изнесен вчера за тоа, по однос на тоа што претставува УЧК, која би била позицијата на Косово во рамките на идната Србија и со ваков статус каков што е, тогаш ние навистина имаме дијаметрално различни гледања со Владата по однос на статусот на Косово.

Сепак Република Македонија добро е да им се придружи на напорите на контакт групата за успешно завршување на преговорите во Рамбуе и воспоставување на НАТО силите на Косово, затоа бараме Собранието денес без оглед што веќе мировниот процес е почнат, Република Македонија со прифаќањето ан текстот на резолудијата всушност ќе го определи својот став и политичките гледања кон настаните на Косово и ќе биде уште еден поддржувач на напорите на меѓународната заедница за мирно разрешување на конфликтот на Косово.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динто Зибери.

Сега имаме уште еден предлог за дополнување на невниот ред со Резолуцијата за Косово, што ја поднесе пратеничката група на Партијата за демократски просперитет.

Ние денес треба да се произнесеме по овој предлог, а имаме и предлог на Владата која сеуште не расправала по тоа прашање.

Дали уште некој бара збор по овој предлог?

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, јас сум должен во името на мојата пратеничка група да кажам зошто неи ќе бидеме воздржани во изјаснувањето по барањето на пратеничката група на ПДП да се стави оваа точка на дневен ред.

Имено, ние останувaме понатаму на тоа, додека не го добиеме ставот или мислењето на Владата, не можеме да се изјасниме. Ке бидеме воздржани во гласањето.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор г-динот Мерсел Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, Мислам дека начелно се работи за една многу опасна состојба бидејќи имаме една опасна реалност, а тоа е грубо преземање на овластувањата од страна на Владата во однос на Собранието. Имено, Владата е таа која одлучува по кои точки треба да расправа Собранието на РМ. На жалост ние ниту имаме право да се мешаме што Владата треба да постави на дневен ред, а пак, исто така правно и уставно најмалку има право Владата да се меша што ова Собрание да стави на дневен ред. Впрочем и некоја воспоставена постапка или преседа дека за секое прашање е потребно мислење на Владата, мислам дека нема деловничка основа, а мислам нема ни уставна основа. Тоа може да има само револутивно дејство однсоно револутивна сила односно Владата може само да сугерира предложи и дава мислење. Меѓутоа, тоа воопшто не е задолжително.

Јас предлагам да се стави оваа точка на дневен ред од причина што е тоа деловничка обврска, а требаше тоа да се стави од страна на претседателот, односно Претседателството на Собранието кое го сочинуваат претседателот и двајцата потпретседатели. Незнам зошто не се стави, со оглед на тоа што тука на двапати претставникот на Владата изјави дека на првата наредна седница оваа точка ќе биде ставена на дневен ред, а сега не е ставена на дневен ред. Дали Владата забранува да се дискутира за ова прашање.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Јас би сакал едно дообјаснување по ова прашање. Ние рековме дека ќе расправаме, дека не ја оспоруваме иницијативата, но рековме дека ќе одиме по оној ред прво Владата да се произнесе а потоа да се произнесат и работните тела на Собранието на РМ.

Јас мислам денес ние да не се произнесуваме со гласање дали сме за предлогот или не. Предлогот да остане, а сепак да го

доложиме за првата наредна седница, ќе се произнесе и Владата, ќе се произнесат и работните тела на Собранието и на тој начин ќе можеме да одлучиме. До тогаш, мене ми се чини дека и многу работи околу состојбата во Косово ќе бидат и многу појасни, можеби ќе придонесат ние да донесеме можеби и подруго решение. Но секако кон оваа иницијатива да се вклучат со расправа и работните тела. Јас мислам тоа би било најдобро денес да не гласаме дали сме за оваа точка или не сме за оваа точка, туку оваа точка да ја оставиме за наредната седница да расправа Владата а исто така и ние во работните тела да расправаме.

**САВО КЛИМОВСКИ**: (Продолжение)

Има воздржување од Пратеничката група на СДСМ и така натаму, ништо не губи од својата актуелност, дури можеби ќе бидеме и многу посилни доколку изградиме и заеднички став како Собрание, да не се прегласуваме, надгласуваме по некои делови на таа резолуција, туку да имаме еден заеднички став по ова прашање.

Има збор господинот Насер Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Приодот на претседателот на Собранието навистина е за поздравување доколку навистина имаше намера тоа да се направи, имаше простор еве три недели откако е поднесен предлогот.

Две седници имаше Владата и сето тоа сепак ќе го прифатевме доколку не беше претходното изјаснување на потпретседателот на Владата дека со оглед на тоа што веќе се запознати преговорите во Рамбуе а ставовите на контакт групата изнесени по повод конференцијата за Косово се идентични во ставовите кои ги предлага Пратеничката група во предлогот на резолуцијата Владата оценува дека нема потреба да се изјаснува. Мислам дека ситуацијата сосема јасна и затоа инсистираме Собранието да се изјасни дека Владата нема да дава свое мислење.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Владата нема никаква намера да предложи на Собранието да не расправа по ова прашање. Јас го изнесов ставот зошто Владата не се произнесе по Предлогот на резолуцијата на ПДП и многу јасен бев и дециден особено последната точка од Предлогот на резолуцијата апсорбира се тоа што бара ПДП.

Јас јавно поставувам прашање. Дали со ова Предлог резолуција се сака да се помогне во разрешување на проблемот на Косово или пак сака да се одмогне. Или,пак третото да се покажеме ние како повеќедушебризници во однос на опозицијата и во однос на дел на позицијата дека вие сте толку загрижени и дека токму оваа резолуција, особено ако се предложи од Владата ќе помогне во разрешување на проблемот.

Точката 4 што ја предлагате, фактички е во тек и Вашиот предлог е апсорбиран и фактички нема зошто да расправа ова Собрание.

Ова е мислење односно став на Владата зошто не предложи на Собранието и не се изјасни по Вашиот предлог. Ако сакаме сега да ги замениме местата во однос на албанската партија ПДП со ДПА мислам дека многу бледа е таа разлика и замена на местата, затоа што сепак на ДПА тоа го ликуваше, затоа што тоа го правеше навистина отворено со голем елан и сакаше да помогне во разрешување на сите проблеми, па вклучувајќи го и проблемот на Косово.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Позициите веќе на секој му е јасно господине потпретседател на Владата дека се сменети. Вие сте сега на страната на позицијата.

(Реагирање на потпретседателот на Владата Бедредин Ибраими).

Јас ве ислушав со трпение и треба да ме ислушате и вие.

Не се работи за никакво душебрижништво, доколку повеќе ако вие сметате дека текстот на Предлогот на резолуцијата е веќе апсорбиран се совпаѓа со ставовите на Владата по однос на тоа прашање зошто тогаш стравувате да ги дигнете рацете и да ја прифатите резолуцијата. Многу е јасна ситуацијата. Ние бараме Собранието да се изјасни и не се работи за никакво друго прашање. Ако вие се согласувате навистина со содржината на Резолуцијата повелете поддржете ја. Второ, тоа е не е прашање кое е веќе апсорбирано. Одредување на политички став на една земја, на една влада и на едно Собрание по однос на едно прашање никогаш не се апсорбира. Тоа ќе значи став по кој ќе се изгради политиката на извршната власт и на другите органи на државата ви за ви тој настан согласно ставот што ќе искаже во однос на Резолуцијата. Тие прашања,за тие што ги знаат, сосема се јасни.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Молам, дали некој друг бара збор?

Има збор господинот Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Влада, почитуван премиер, можеби ви е чудно зошто станав околу дискусијата за Косово, бидејќи има предлог барања да биде точка на дневен ред.

Со ова сакам да укажам и да кажам, од двете страни не ја бранам ни едната ни другата страна, ни српската позиција, ни албанската позиција, туку ја бранам позицијата на Ромите кои гинат во Косово.

Ромите во Косово од двете страни се малтретирани, убивани друго. Ако идат со Албанците, ако не идат со Албанците ги убиваат Албанците, ако не идат со Србите против Албанците ги убиваат они. Затоа би сакал таа точка да биде на дневен ред на наредната седница, или кога ќе биде, затоа што има многу

аррументи, многу  докази, факсови кои имаат стигнато, и други работи, се работи за Ромите, Ромите испаштаат невини во Косово, затоа што не се ни од едната страна ни од другата страна. Многу Роми гинат и многу Роми се убиени.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Молам, дали уште некој бара збор? Има збор господинот Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Господине претседателе, дами и господа, самиот факт дека од Пратеничката група на ПДП е доставена односно имаме Предлог на резолуција во врска со настаните во Косово и изјаснување на Собранието тоа значи дека се работи за едно многу значајно прашање тука ние како пратеничка група апсолутно, и во текстот што ви е предложен не одевме на тоа дека си земаме право само ние да дадеме некоја оценка и проценска какви се состојбите и што треба да преземе меѓународната заедница. Меѓутоа, ако не се изгради јасен став од Собранието во врска со некој настан кој, ние велиме, сите не загрижува и тоа перманентно и со време затоа што сме сведоци на тоа што се случува и тука меѓународната заендица веќе е вклучена многу активно, тогаш ставот односно Резолуцијата која ќе се донесе во Собранието е добра подлога за понатаму да бидат јавните настапи на одредени министри, или одредени политичари од Република Македонија во врска со Косово. Сега ние сме во состојба да бараме од потпретседателот на Владата кој го брани во овој случај ставот на Владата да се дистанцира од вчерашните изјави на министерот за одбрана во врска со статусот на Косово и сето тоа што се случува со Косово. Ние имавме такви случаи. Дури и Меѓународната заедница, па и ние се прашувавме често пати дали одреден министер тоа што го изјавува е став на Владата, или одреден висок политичар функционер на Република Македонија изјавува нешто спротивно од тоа што е став на Владата. Затоа Резолуцијата овозможува понатаму Република Македонија да има одреден јасен став во врска со сето тоа што се случува во Косово, за Косово и околу Косово. Затоа мислам дека Предлог резолуцијата не беше ад хок предложена од Пратеничката група на самата седница како што се предлагаат денеска и на минатите седници.Кога се во прашање разрешувања навистина да се доставуваат на самата седница, се гласа и слично. Ова имаше една регуларна процедура каде што Претседателството на Парламентот требаше да се изјасни односно денеска требаше да биде на дневен ред без да бараме ние. Зошто? Затоа што кога претседателот на Собранието веќе се изјасни односно одлучи каков дневен ред ќе му се предложи на Собранието и немал никакво писмено мислење од Владата на Република Македонија за Предлог резолуцијата, тоа значи дека требаше денеска точката да биде на дневен ред и само да се расправа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Молам, кој друг бара збор?

Има збор господинот Замир Дика.

**ЗАМИР ДИКА:**

Почитуван господин претседателе, колеги пратеници изгледа дека ситуацијата е веќе јасна, оваа точка на дневен ред се предлага само за да се чујат овие загрижувачки говори. Не сакам да повторувам уште еднаш дека сите сме загрижени за ситуацијата во Косово, но сакам да нагласам и да информирам дека случајот на Косово не е денешен и можеа вакви резолуции во овие осум години да се предложат.

За да ги прекинеме овие дискусии јас предлагам да го стави овој предлог на гласање денеска и да го искажам ставот на ДПА, ние ќе го поддржиме овој предлог.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Почитуван претседдателе, почитувани министри, дами и господа пратеници, незнам што е изненадувачко во ова Собрание особено за потпретседателот, заменикот на премиерот на Владата и за Пратеничката група на ДПА дека пратеничката група на ПДП е загрижена за состојбите во Косово. Се разбира дека сме загрижени, се разбира дека сме поттикнати да предложиме наши видувања кои би сакале да бидат видувања и на оваа Влада и на ова Собрание по однос по прашањето за состојбите на Косово. Се разбира би сакале да слушнеме, ако ништо друго едно дистанцирање од страна на претставниците од ДПА во Владата и во Собранието по однос на изјавите на господинот Кљусев. И тоа пред се бидејќи се знае за што се работи.

По однос на ставот дека министерот за одбрана, господинот Кљусев, кој е член на Влада, и јас се надевам дека не е став на Владата, дека е Косово внатрешна работа на Србија и дека решавањето на косовското прашање треба да се бара во рамките на Србија.

Второто што е уште позагрижувачко и попоразително за нас е ставот дека ОВК, УЧК е терористичка организација, што е во спротивност со позициите на меѓународната заедница, бидејќи ОВК или УЧК е учесник во мировна конференција. Кога би било така, кога УЧК би се третирала како терористичка организација сигурно дека не би имала место во преговорите во Рамбуе. Токму поради тоа ние инсистираме да го слушнеме ставот и сите да знаат, да им биде јасно дека Албанците во Косово истоветно ги имаат своите позиции, Албанците во Република Македонија ги поддржуваат ставовите на Албанците, на легитимните претставници на Албанците во Косово а не обратно.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има збор господинот Бедредин Ибраими и молам да ја прившиме расправата по ова прашање.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Со оглед дека господата од ПДП бараат да се изјасниме во врска со пресс конференцијата на министерот за одбрана, Вие или до крај не сте ја прателе таа конференција за печат, или пак сте ја прателе, па сега заборавате што рече на крај. Дека тоа се негови приватни ставови околу ОВК, УЧК....

(Реагирање на пратениците од ПДП)

...ова е одговорот господа. Он многу јасен и дециден беше на крај на конференцијата дека тоа се негови приватни ставови во врска со се искажано за ОВК, УЧК и за сите други проблеми. Ако веќе јавноста вие господа од опозицијата сакате да знаете кои напори ги прави Владата на Република Македонија во однос на разрешување на проблемот на Косово кој и како е опасен по мирот и безбедноста не само на Балканот туку и пошироко јасни се конкретните постапки и одлуки кои ги прави и донесува Владата на Република Македонија.

Во однос на стационирањето на НАТО силите за извлекување на верификаторите, во однос на нејзината готовност за давање на одобрение за зголемување на тие сили во Република Македонија се во полза за што поуспешно и побрзо разрешување на проблемот на Косово.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има збор господинот Раде Карангелески.

**РАДЕ КАРАНГЕЛЕСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги јас малку сум зачуден бидејќи на координацијата каде што беше и координаторот на Пратеничката група на ПДП, таа координација се одржа после состанокот на ОБСЕ, тоа беше на 14 и 15 во Виена, каде што е изгласана Резолуција за Косово и ние разговаравме дека веќе има одредени ставови, знаевме дека и македонската делегација беше таму и го имаме поделено текстот на Резолуцијата, според мене немаме разлики во сите дискусии по однос на она дека треба да се постави на дневен ред. Меѓутоа, каква е ситуацијата? Од 14 и 15 ја имаме Резолуцијата на ОБСЕ. Во меѓувреме се случуваат овие работи во Рамбуе и затоа на таа координација се договоривме да почекаме и да ги измиксираме сите тие работи во интерес затоа што сите знаеме дека тоа е едно најсензитивно прашање и по безбедноста во Македонија заради слевањето на евентуални конфликти и се она што значи.

Сметам дека ние треба да имаме став на Влада, треба да имаме една генерална политика и Пратеничката група на Демократската алтернатива смета дека на наредната седница кога темелно ќе се разгледаат сите овие документи, ќе го имаме ставот на Владата, тука можеме и ние да донесеме некои потемелни и поубави заклучоци по она што е резолуција.

Не би навлегувал во текстот што е предложен, меѓутоа, исто така во текстот има некои работи кои не се сосема, во однос на она што е и контакт групата и другите групи.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Сакам со сета почит кон пратеникот на Пратеничката група на ДА да кажам дека таква координација немало, дека координатор на пратеничка група на таква координација не учествува.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

По се изгледа ќе треба да се водат записници и на тие координации.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, јас се согласувам со предлогот на некои пратеници дека треба да прекинеме со оваа работа, но една работа неможеме, неможеме да отидеме од ова Собрание без да го чуеме и јасниот став околу изречените квалификации во врска со ОВК и УЧК од страна на министер на Влада. Слушнавме образложение дека имало приватни министри, приватни влади, за што барем јас лично прв пат слушам.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:** (продолжение)

Знам дека има само министри на одредена политичка влада која има и политичко мнозинство. Но, денеска кога веќе речиси сите точки од Резолуцијата се во извршува односно веќе имаа конференција, а претседател односно координатор на преговорачкиот тим на албанците во Рамбуе е токму претставникот на УЧК, односно ОВК денеска да се слушне став на Влада на Република Македонија која треба да биде најзагрижена можеби на Балканот дека УЧК, ОВК е терористичка организација апсолутно е неприфатлив. Тоа значи дека ние како да сакаме да се дистанцираме од општиот политички став кој денеска владее во Европа и во светот од Контакт групата, ЕУ и Америка. Мислам денеска мора да добиеме едно разграничување на овој став.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор по овој предлог?(никој) Денеска имаме два предлога. Едниот предлог е да ја ставиме точката на дневен ред Резолуцијата за состојбите на Косово. Вториот предлог е да ја одложиме, јас би рекол за наредната седница каде што би побарале и Владата да се произнесе и да се води расправа во работните тела на Парламентот, а потоа да ја ставиме на дневен ред.

Го ставам на гласање предлогот како точка 8 на дневниот ред да биде Резолуцијата за состојбите на Косово.

Кој е за тој предлог, молам да крене рака?(23 пратеници) Кој е против предлогот да се расправа на оваа сецница?(50 пратеници)

Дали некој се воздржува од гласање? (20 пратеници). Според тоа Предлогот не е усвоен.

Го ставам на гласање вториот предлог, имено за наредната седница, тоа се на

двете пратенички групи овде веќе на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија и на...

**АМДИ БАЈРАМ:**

Јас се извинувам на претседателот на Собранието, но без разлика што сум јас еден пратеник во Собранието, јас претставувам пратеничка група, затоа што ние сме националност Ромите. Јас сум еден, исто барав на наредните седници да биде ова. И сакам да се земе во предвид и мојот глас кога некогаш ќе го предложам, затоа што јас сум еден Ром овде во Парламентот на Република Македонија, еден од Сојузот на Ромите, нема други Роми.

**САВО КЛИМОВСКИ**:

Значи имаме и втор предлог, тоа е предлогот на овие две пратенички групи кои што пред малку ги спомнав, да се расправа на наредната седница одкако ќе се добие мислење на Владата и одкако работните тела на Собранието ќе се произнесат.

Кој е за тој предлог? (52 пратеника) Дали има некој против? (2 пратеника) Дали некој се воздржува од гласење? (никој)

Констатирам дека предлогот да се расправа на наредната седница по Резолуцијата за состојбите на Косово е усвоен.

Ќе Ве молам, Владата да се произнесе по него. Дали има уште некој предлог во врска со утврдувањето на дневниот ред?

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, господа министри,

Барам за денешната седница Владата да изготви информација за студентскиот стандард, за животот во домовите и бараките.

Сведоци сме и на многу пишуваша и многу рекации за животот, условите, храната, хигиената, одржувањето, приемот на студентите, партиципацијата од Владата за она што значи живот за студентите и крајно време е да се изготви една Информација. Владата да изготви информација, затоа што она што се случува посебно во бараките "Стив Наумов" наликува на хорор филмови и добро е да се земе во предвид затоа што тие објекти на кои многу одамна им е поминат векот на траење.Треба да се изреагира во позитивна насока, затоа што на минус 20 степени студентите се бањаат во една барака оддалечена 500 и повеќе метри. Од тие причини барам од Владата за една од наредните седници да изготви информација за студентскиот стандард.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали Владата се согласува?

Владата се согласува.

Значи, на една од наредните седници,ќе донесеме заклучок Владата да подготви информација за состојбите со студентскиот стандард, посебно сместувањето на студентите во бараките "Стив Наумов".

Дали имаме уште некој предлог во врска со дневниот ред?(нема) Предложените 7 точки кои што ги прочитав ги ставам на дневен ред.

Кој е за тоа да го; усвоиме предложениот дневен ред?(87)

Дали има некој против? (2 пратеника)

Дали некој се воздржува? (никој)

Според тоа, констатирам дека со 87 гласа за и 2 против,

дневниот ред е усвоен.

Минуваме на точка 1 - Информација за воспоставување дипломатски односи меѓу Република Македонија и Република Кина - Тајван.

Информацијата Ви е доставена,

Молам кој бара збор?

Има збор Александар Димитров, министер за надворешни работи.

**АЛЕКСАНДАР ДИМИТРОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, дами и господа, пред се би сакал да им заблагодарам на господата Поповски, Андов, Зибери, Иванов и Бајрам за иницијативата да се стави на дневен ред Информацијата за воспоставувњето на дипломатските односи меѓу Република Македонија и Република Кина. Според мене тоа е еден типичен пример на позитивна интеракција меѓу позицијаа и опозицијата и придонес и помош би рекол на ориентацијата и определбата на Владата и мојата да можеме и пред пратениците да ги објасниме причините за воспоставувањето на односите меѓу двете земји. Познато ви е дека Република Македонија и Република Кина на 27 јануари со потпишувањето на заедничката спогодба со миниситерот за надворешни работи на Република Кина господинот Ху имаат потпис, ги воспоставија дипломатските односи на амбасадорско ниво. Исто така, познато ви е дека после тоа уследи и потпишување на специјална изјава меѓу директорот на Агенцијата за обнова и развој г-динот Тупурковски и минситерот за надворешни работи на Република Кина во која беа предвидени неколку можни области за стопанска взаемна соработка и рпед се инвестициони активности. Исто така се надевам дека ви е познато дека во рамките на таа спогодба се предвидува еден широк бран на инвестиции некаде од повеќе стотини милиони американски долари кои врз взаемни проекти, врз обостран интерес ќе овозможат едно многу забрзано унапредување на вкупниот живот, и вкупнтие економски состојби во Република Македонија. Уследи после потпишувашето на дипломатските односи и ќе уследи допрва една интензиван политичак активност, една интензивна комуникација меѓу двете земји. Деновиве таму е делегација, или група на 30-тина новинари, таму е министерот за информации г-динот Златку. Наскоро ја очекуваме посетата на минситерот за надворешни работи на Република Кина во Македонија, очекуваме да

дојдат веќе на 17-ти една широка, огромна група на 40-тина експерти предводени до нивната агенција директорот на нивната агенција за инвестиции кои би требало да ги снимаат состојбите, да ги увидат потребите и да се отпочне конечно во изготвувањето на предвидениот договор за долгорочна економска соработка кој би требало да се потпише при претстојната посета на премиерот Георгиевски на Република Кина. Тоа е фактографијата која сакам да ви ја изнесам и да ве запознаам.

При потишувањето на заедничкото соопштение за воспоставување на дипломатски односи се појде од исклучивата надлежност на Владата на Република М акедонија содржана во членот 91 од Уставот на Република Македонија за воспоставувашето на дипломатски и конзуларни односи со други земји. Така што според мене тоа е акт во исклучива надлежност на Владата и ни за малку не отстапува ниту со правниот, ниту со законскиот, ниту со уставниот систем на нашата земја. Притоа Владата се раководеше од сувереното право, или волја на Република Македонија самата да ги определува своите надворешно политички ориентации, се раководеше од Повелбата на Обединетите Нации каде што сите земји се рамноправни, нема мали и големи, има само земји кои сакаат да живеат и да се развиваат и на тој начин да си ја штитат.nsојата безбедност и суверенитет.

Трето, се појде од еден приод во надворешната политичка ориентација во светот кој ќе го ослободи светот од идеологизации , од напластени стеги и кој ќе овозможи една широка комуникација со сите земји во светот. Ние како мала земја која сеуште имаме проблеми со нашето меѓународно признавање, со нашето целосно вклучување во меѓу народните организации, сеуште имаме проблеми со своето име и со она под кое е таа призната во светот. Мораме да покажеме една солидарност спрема истите такви држави кои ги исполнуваат основните критериуми според мегународното право да бидат држави, имаат своја власт, своја територија, демократски избрана власт, имаат граници. Според тоа се рамноправни субјекти, или биле субјек.ти во меѓународните односи и тука Република Македонија направи еден мошне позитивен стратешки исчекор на тој план.

Исто така, познати се и реакциите во Република Кина особено на амбасадорот кој до скоро беше тука и сеуште е тука, кој прво вложуваше протести, потоа манифестира едно исклучиво грубо мешање во внатрешните работи на нашата земја,спротивно и на членовите 3 и 41 од Виенската конвенција за дипломатските односи за конечно по потврдувањето на Одлуката од страна на Владата на Република Македонија на 8 февруари оваа година Република Кина да одлучи да ги суспендира дипломатските односи и со одлука да ги прекине веднаш примената на меѓусебните спогодби кои се во сила. Околу тоа би сакал да кажам само неколку работи.

Прво, во меѓународната практика ретко е суспендирањето на дипломатските односи. Има неколку градации на нивото на дипломатските односи од одповикување на амбасадори до апсолутен прекин и е индикативен чинот што Република Кина го направи со суспендирањето на односите.

Второ, во меѓународните спогодби кои се некои и ратификувани во овој Парламент, предвидено е еднострано откажување на тие спогодби да биде по писмен пат пред нивниот истек од б месеци. Според тоа, како што изјавив после соопштувањето на Одлуката за суспендирање на дипломатските односи, ние како Влада и јас како минситер за надворешни работи не можеме ништо друго освен да го изразиме нашето длабоко жалење заради овој едностран чин на Кинеската Влада. Ние и натаму останувавме како што бевме и претходно цврсто определени за еден позитивен развој на односите и соработката со Кина. Актот на воспоставувањето на односите со Република Кина Тајван во никој случај не можевме и не сакаме да се смета како чин кој е насочен против интересите на Народна Република Кина. Според тоа Одлуката за суспендирањето на дипломатските односи ние можеме само да ја примиме како еднострана изјава на волја на Владата на Народна Република Кина и за која навистина искрено жалиме.

Воспоставеното претходно коминике за воспоставување на дипломатските односи меѓу Република Македонија и Народна Република Кина во која има една мала енигма, но за тоа ќе говорам во некоја друга прилика околу датумите, начинот на воспоставувањето, на некои груби преправки на датумот и тоа би сакал да го кажам произлегува е атипичен документ во меѓународните односи. Од сите досега 99 документи со кои Република Македонија воспоставила дипломатски однсои со одделни земји во ниту еден, освен во овој случај не е применета формулата која најблаго кажано е условување, или да не го употребам зборот дури и уцена. Се работи за обврската што нашата земја спотивно на принципите во меѓуанродните односи и спротивно на принципите на меѓународното право кое е максимално применувано во ОН да превземе обврски кои ниту требало, ниту смеела да ги превземе. Но, тоа останува на времето и на историјата да го дооценат тој чин на едно, би го нарекол асиметрично отстапување и на постоење на само еден договор кој отскокнува од другите 98 договори, или комуникеа за воспоставуваше на дипломатски односи.

Познати ни се исто така и другите рекации во светот. Морам да подвлечам и овде, преку средствата за информираше веќе се соопштени ставовите на одделни земји, тука пред се мислам на ставот на САД околу дилемите и можните реакции на Кина, Народна Република Кина во однос на продолжувањето на мандатот на силите на УНПРЕДЕП во Република Македонија.

Точно е, Народна Република Кина е една од петте земји постојани членки на Советот за безбендост и го има правото на вето. Расположението, јас вчера дојдов од Рим, завчера бев во Париз таму разговарав и со мојот колега министерот за надворешни работи, вчера разговарав во Рим со минситерот за надворешни работи на Република Италија. Би сакал да ви го пренесам уверувањето не само на овие земји, туки и на оние со кои имаме интензивна комуникација дека интересот на Светската заедница на сите земји членки на Советот за безбедност и особено на четирите постсојани членки на Советот за безбедност е заштитата на мирот и обезбедувањето на мирот во било кој дел од светот вклучително и на подрачјето на кое се наоѓа Република Македонија. Впрочем мирот е од првокласно,првостепено значење за активностите на ОН и таа е обврска која ја имаат сите, повеќе од 180 земји членки на оваа меѓународна организација од универзално значење. Не верувам дека и не се верува, не само јас што не верувам, и не се верува дека заради одредени билатерални проблеми, заради одредени наслаги од минатото било која земја независно дали е тоа нала, или голема, независно дали е тоа постојана, или повремена членка на Советот за безбедност ќе си дозволи да го прекрши, или да работи спротивно на она што е од првостепено значење за целиот свет, а тоа е мирот и заштииуга на мирот. Ние сме сведоци и деновиве и не само деновиве за една мошне интензивна засилена ангажираност на Меѓународната заедница поагајќи и од ОН, ОБСЕ, ЕУ, НАТО, одделни земји членки на овие меѓународни организации за превенција, за превентиван активност и за обезбедување на мир во Косово, а тоа значи и во овој регион.

**АЛЕКСАНДАР ДИМИТРОВ**: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Би повторил, мирот е од првостепено значење и ниту една земја нема право да стави вето за една мировна акција која е неопходна на светот.

Би сакал уште неколку работи да напоменам. Пред воспоставувањето на дипломатските односи меѓу Република Македонија и Република Кина е, пред се, политички чин, длабоко осмислен чин, поаѓа од трајните интереси на сите граѓани на Република Македонија.

Новата Влада, како што ви е познато, се определи за широки промени и врз основа на изразеното расположение на граѓаните, пред се врз економска програма, ја формира Владата да ги оствари токму тие економски промени во земјата кои ќе му обезбедат на секој наш граѓанин просперитет, работа, развој, среќа. Ние ја заборавивме среќата и ги заборавивме насмевките кај луѓето. Ние мораме како Влада да водиме грижа за она како ќе се развива Македонија, колку ќе биде економски просперитетна, бидејќи, ќе се согласите, пред се економски просперитет на развиена земја може да го гради и да го зацврстува и својот интегритет и својата сувереност и да биде пример како може да се биде безбеден и како да се иува во тој правец во регионот и пошироко.

Ние, во услови кога бевме доведени поради нашата економска состојба престанавме да праќаме позитивни сигнали на светот дека сме способни да преживееме, ние не можеме да пледираме на една широка меѓународна активност, ние не можеме да пледираме на тоа дека имаме извонредно голем углед во светот, ние не можеме да пледираме на тоа дека сме ретко почитуван фактор во Меѓународната заедница, дека си го рушиме, на овој начин, имиџот или реитингот, бидејќи нашиот имиџ и нашиот реитинг добро му се познати на светот.

Како нова Влада низ развојните перспективи што се пруаат и низ широкиот бран на инвестициона активност взаемна, взаемно прифатлива врз обостран интерес ќе почнеме да го поправаме токму тој нарушен мошне негативен имиџ што Република Македонија го има во светот.

Првите денови на постоењето на Владата овие 70-тина токму потврдија дека Владата почна да го враќа тој имиџ во светот не само заради мирниот трансфер на власта и демократскиот начин на кого беше обезбедена промената и извршени изборите, туку и заради фактот што се овозможи со една определеност и подготвеност на Владата да се менува системот во позитивна насока, да се овозможуваат натамошни економски реформи, да се развива демократијата, да се воведува владеење на правото, да се релаксираат пред се до неодамна мошне напнатите меѓуетнички односи, да се почитуваат човековите права на секој наш граѓанин. Интересот ни е да бидеме развиени, да бидеме просперитетни и токму од тие причини благодарам што ми се даде можност како Влада да ги искажеме нашите видувања околу воспоставувањето на дипломатските односи со Република Кина и да можеме да го дадеме тој придонес токму во правецот на економскиот просперитет на земјата.

Нам, и со тоа би завршил, пред се, треба да ни е од првостепено значење водењето грижа за интересот на оваа држава што се вика Република Македонија.

Во изминатите неколку дена, за жал, имаше и такви тонови и оценки кои водеа повеќе грижа за некои други земји отколку за нашата земја. Ние како Влада поаѓаме, пред се, од првенственото наше и определување и заинтересираност да водиме грижа за Република Македонија и за секој нејзин граѓанин.

Тоа беа мотивите, тоа беа причините и убеден сум дека во мошне скоро време ќе можеме да покажеме дека ова ниту беше дело на неколкумина, дека ова не беше ниту државен удар, дека ова не беше ниту падобрански скок, дека ова не беше некаква трговија и бизнис, како што некој се нарече, туку стратешки, првокласен потез на новата Влада кој ќе овозможи на Република Македонија и на сите нејзини граѓани еден широк замав во позитивен правец и конечно обезбедување низ економскиот развој едно навистина заслужено место во светот, во нашето соседството во Европа. Поинаку ние не можеме да одиме напред. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на министерот за надворешни работи Александар Димитров за дополнителната информација.

Отворам расправа.

Молам, кој бар азбор?

Деловнички, госпоѓица Шеќеринска.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, би сакала да се заблагодарам на министерот за надворешни работи на Владата на Република Македонија за вака исцрпното излагање кое е навистина во контраст со она што го добивме од Владата како пишана информација, која, пред се, по мое мислење се сведува на голем број на информации, меѓутоа, без некакви проценки, оценки, анализи кои ги слушнавме во излагањето и токму поради тоа би сакала во име на пратеничката група на Социјалдемократскиот сојуз да побарам пауза од еден час на која ќе ни биде поделен стенограмот од излагањето на министерот, за да може денеска да имаме навистина дискусија околу тоа кои биле причините на Владата, кои се активностите на Владата кои ги презела, кои мислат дека ќе бидат последиците и тн.

**САВО КЛИМВОСКИ:**

Министерот Димитров повторно побара з бор.

**АЛЕКСАНДАР ДИМИТРОВ:**

По се судејќи се заборава дека се бараше итно да се расправа за Информацијата за воспоставување на дипломатските односи и со едно вакво одлагање итноста е ставена на второ место.

Мислам дека нема да има потреба од симнување на стенограмот иако тоа веќе го слушнавме како редовна практика и барање на опозиционите партии кои се во Парламентот, навистина јас бев во дилема ако ја прочитав Информацијата ќе беше дека нема ништо ново ако не кажев, на ова се бара стенограм. Договорете се, одлучете се. Мислам дека навистина се бара итност и не знам зошто толку време изгубивме пред усвојуваштето на дневниот ред. Значи, не било толку итно.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Госпогица Шеќеринска.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Навистина ми е жал што министерот очигледио има некој проблем со тоа да му се анализираат малку подетално теаите кои ги изложи. Инаку, што се однесува до итноста која, не знам, навистина на мое изненадување самиот министер ја спомнува, да потсетам дека барањето на Социјалдемократскиот сојуз за итна седница беше дадено пред две недели. Денеска е по малку смешно да дискутираме за точка која е барана да биде по итна постапка или итна седница која ќе биде поставена на дневен ред, бидејќи на две недели не може во ниту една теорија, по ниту една проценка, по ниту еден терк да биде ста-вена како итна. Јас жалам ако на министерот му беа премногу, ако му беше прекраток периодот од две недели да подготвшеве и пишана Информација и да се подготви и за усмено излагање, меѓутоа, итноста на седницата и денеска е актуелна, но сметам дека едночасовното одлагање ниту ќе ја успори работата, ниту целта на тоа барање да ја успори одлуката и да ја успори дискусијата и целата таа процедура, туку сметам дека навистина беше интересно да се слушне, еве ќе го употребан зборот "интересно" да се слушнат некои од

тезите кои беа пласирани и не знам зошто би претставувало проблем доколку некоја пратеничка група, па дури и некој пратеник побара да го искористи своето право кое одредено со Деловникот. Не знам зошто сега тука министерот би требало да реагира. Затоа повторно ќе го упатам моето барање до претседателот на Собранието кој ја води оваа седница и кој мислам за вакви технички работи, се согласувам, кои можат да ја подобрат работата на Собранието не би му требал или не би било потребно да се прават некои вакви интервенции.

Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро, јас ја прифаќам иницијативата на госпоѓица Шеќеринска. Давам еден час пауза, а потоа продолжуваме во 13,15 часот.

(Седнидата прекина со работа во 12,10 часот).

(По паузата)

Седницата продолжи со работа во 13,35часот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Почитувани дами и господа пратеници, продолжуваме со работа.

Кој бара збро по повод Информацијата за воспоставување на дипломатски односи меѓу Република Македонија и Република Кина (Тајван)?

Збор побара пратеникот Љубомир Поповски.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, претседателство, почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на Владата.

И овој пат се потврдија предупредувањата на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија дека воспоставувањето на дипломатски односи со Тајван е политички штетно за Република Македонија. Тие штети се многу поголеми од наводната корист на економски план што ни ја ветува Владата. Нема сомнение дека на таа евентуална корист ќе мора да попричекаме подолго време, а и прашање е кога и дали воопшто ќе пристигне, имајќи ја предвид изјавата на еден државник од таа земја дека приватните компании на Тајван не се заинтересирани за директни инвестиции во Република Македонија, па според тоа најголемиот дел од капиталот ќе биде од државниот буџет, би додал, ако воопшто дојде до договор за тоа.

Се покажа оправданоста на барањето на парламентарната група на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија за свикување итна седница на Собранието на Република Македонија по повод овој скандалозен потфат на министерот Димитров и на Владата исто како што некоректен потегот на господинот Климовски првиот меѓу еднаквите на македонскиот Парламент таквото барање да го проследи низ шемата за редовно свикување на Собранието. Каде се потврдија нашите проценки?

Прво, амбасадорката и персоналнот на кинеската амбасада во Република Македонија веќе ги спакува своите куфери. Истото го направија и нашиот амбасадор и персоналот во нашата амбасада во Пекинг. Кинеското знаме веќе не се вее на нашата територија и македонското знаме не се вее на кинеската. Тајванското знаме беше подигнато, па спуштено, што е уште една несватлива поставка на нашата дипломатија. Но, за да не бидеме погрешно разбрани како Социјалдеморкатски сојуз на Македонија, сакам да потенцирам дека има неколку работи околу кои СДСМ има исти или блиски ставови со сегашната Влада на Република Македонија.

Првата е дека Република Македонија не е богата како Тајван, тоа го знаат и врапчињата. Токму затоа на Македонија и е потребна економска помош и директни инвестиции. Впрочем, тоа е прашање кое во изминатите шест години најмногу го окупираше вниманието на коалиционата Влада која ја предводеше СДСМ. Но, тоа е долготраен и макотрпен пат на кој треба да се урнат многу бариери и тоа е проблем кој не се решава преку ноќ наспроти убедувањата и ветувањата на сегашната Влада и на директорот на Дирекцијата за обнова и развој.

Морам да нагласам дека во решавањето на овој проблем Владата на СДСМ постигна извесни резултати. Несвесни сме дека тие не се доволни за да почнеме како држава забрзано да излегуваме од повеќедецениската економска криза. Сепак постигањата беа охрабрувачки докошку сегашната Влада и нив не ги поништи. За пример ќе наведам само неколку показатели:

Вашиот сегашен министер за одбрана, а по осамостојувањето на Република Македонија премиер на експертската Влада, по заминувашето од таа функција во државната каса остави само 46 милиони долари. Владата на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија замину-вајќи од таа позиција по шест години во државните

резерви оставипреку 300 милиони долари. Исто така, во целиот тој период Социјалдемократскиот сојуз управуваше со државните работи заедно со свои-те коалициони партнери. Република Македонија редовно ги исполнуваше своите обврски кон Меѓународната заедница.

Истовремено успеавме домашниот долг реално да го намаливме за над 400 милиони марки, станува збор за долгот на државата по основ на таканаречените замрзнати девизни заштеди на граѓаните.

Сегашната Влада не убедува дека Македонија е во катастрофална економска состојба, па за да не дојде до нејзина експлозија таа била принудена да побара помош преку признавањето на Тајван. Наспроти тоа, креаторите на овој спасоносен потег јавно признаа дека се толку загрижени за судбината на македонските граѓани, што според нив инаку легалната провизија што им следува доброволно ја отстапуваат на државата, односно дека ќе ја инвестираат во изградба на болници, спортски сали и што уште не. Притоа заборавaат дека во современиот свет во вак-ви случаи сопственикот на провизијата претходно мора да и плати данок на државата, а потоа да ја вложи за потребите за кои ќе смета дека се во интерес или на државата или на него лично.

Но, почитувани колеги околу нас има држави на пример, Албанија, Бугарија, Романија, Југославија кои се уште се во уште понезавидна положба од онаа во која се наоѓа Република Македонија. Меѓутоа, на нивните влади ниту на сон не им доаѓа да преземат еден ваков хазардерски потег. Зошто? Затоа што тамошните влади не се заложеници на една авантуристичка политика, тамошните влади не се подготвени поради лични групни интереси сопствениот народ и државата да го третираат како монета за поткусурување, како што тоа го направи нашата Влада.

Второто прашање околу кое постои согласност во оценките на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија со оние на Владата е дека Тајван е исклучително богата земја. Неспорно е дека тој има развиено економски односи и економски има навлезено во поголем број на земји, вклучувајќи ги најразвиените и толку.

Но, почитувани пратеници она што не сака јавно да го соопшти Владата е следното. Сите тие економски пробиви ги прави приватниот капитал кој не признава ниту граници ниту било какви други бариери, а единствено се раководи од логиката на профитот. На тој капитал не му е потребна политичка логистичка поддршка, сите тие земји имаат воспоставено дипломатски односи со Тајван, бидејќи го сметаат како составен дел на единствена Народна Република Кина која, патем речено, е постојана членка на Советот за безбедност со право на вето. Значи, умните дипломатии го одбегнуваат признавањето на Тајван, а економските врски со него се воспоставуваат и функционираат по една сосема друга логика.

Оттука, во нашиот случај играта е јасна. Дајте ми пари, а ние за возврат ќе ве признаеме како држава. Тоа е тој политички профит кон кој се стреми Тајван и тој тоа го доби од наша страна. Дали парите ќе дојдат, колку и кога ќе дојдат, останува да видиме. Меѓутоа, имајќи ги предвид некои сознанија најблаго може да се рече дека тоа е една долговечна неизвесност.

Владата во својата техничка информација не наведува дека неколку држави од африканскиот југ кои токму раководејќи се од своите економски потреби го признаа Тајван, веќе се подготвуваат да ги повлечат тие одлуки. А ние што добивме? Ние добивме раскинување на дипломатските односи со Народна Република Кина, добивме една голема неизвесност како оваа, инаку пријателска земја на Република Македонија ќе се однесува особено при одлучувањето во Советот за безбедност за иднината на УНПРЕДЕП во нашата држава.

Но, имајќи го предвид некои изјави од кинескиот врв искажани во последно време, не е тешко да се претпостави на која страна ќе се определи Кина. Добивме едно понижување и на државата и на македонскиот народ кој со векови држеше до својата чесност, достоинство и до дадениот збор. Добивме една црна дамка врз нашиот образ која, прашање е, некогаш ќе биде избришана и од нашето паметење, но и од паметењето на современиот деморкатски свет кој се до овој чин со симпатии гледаше на нашата држава како на држава која го исполнува она што го ветува.

Да ве потсетам, при меѓусебното признавање со Народна Република Кина ветивме дека оваа азиска земја ја сваќаме во нејзината територијална целовитост, вклучувајќи ја и провинцијата Тајван. Сега веќе не е така.

Владата не убедува дека во нашата земја имало некои ситни негодувања во прв ред провоцирани од опозиционот Социјалдемократски сојуз. Тоа не е така. Имено, претпоставувам дека на добар дел од вас ви е познато, бидејќи тоа секојдневно се објавуваше во јавноста дека граѓаните енергично се противат на чинот на признавањето на Тајван.

Социјалдемократскиот сојуз на Македонија сакајќи тоа да биде во духот на демократските определби и воспоставениот ред во вакви ситуации со цел да го анализира овој револт на граѓаните во

своите седишта ширум Републиката како и на соодветни јавни места отвори книги во кои граѓаните со свои потписи го изразуваа својот револт. Тоа беше спонатан акција на граѓаните без никаква претходна подготовка. Таа акција протече во извонреден ред иако имаше обиди од вла-деачката гарнитура да се предизвикаат инциденти со цел да се заплашат граѓаните, а на определни места и кинење на книгите во кои се собираа потписите. Можам да ви соопштам дека само за неколку дена или една седмица беа собрани преку 100 илјади потписи од граѓаните против одлуката на Владата за признавање на Тајван.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ**: (продолжение)

Секоја умна Влада, почитувани колеги пратеници, од ова би извлекла соодветна поука. Дали тоа ќе го стори и сегашната Влада на Република Македонија останува да видиме. Меѓутоа, судејќи според досегашното однесување на Владата, не треба да чекаме бидејќи е повеќе од очигледно дека таа е без слух, тврдам на сето она што се случува во државата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Љупчо Поповски.

Молам кој бара збор?

Има збор г-динот пратеник Лазар Китановски.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Почитуван г-дин претседател на Собранието, претставници на Владата, почитувани колеги,

Најнапред би сакал да истакнам дека Информацијата на Владата на Република Македонија за воспоставување на дипломатските односи со територијата Тајван доцни. На сите нам ни се познати причините зошто е тоа така направено.

Второ, тоа е веројатно штура информација, тоа е една техничка информација, во неа се содржани податоци кои веќе ги прочитавме во весниците. Во неа нема никаква анализа, со други зборови, со својата површност таа е омаловажувачка за овој законодавен дом.

Наспроти тоа, неспорно е дека се работи за акт на Владата, кој предизвика бранување во јавноста, збунетост кај пратениците од сите пратенички групи, вклучувајќи ги и пратениците на владеачката коалиција и неодобруваше кај најголем дел од граѓаните вклучувајќи ги и граѓанките.

Јас ќе се задржам на политичкиот аспект на овој однос воспоставен со територијата Тајван. Денес расправаме за две работи: прво, за чиста Македонија и македонецот и второ, за долгорочните и стратешки интереси на Република Македонија.

Признавањето на територијата Тајван е дел од навестениот драматичен дисконтинуитет што беше најавен пред изборите и доколку овој чин се гледа во пакет со другите најави од страна на Владата или пак од определени лидери на владеачката колаиција, многу лесно може да се случи Република Македонија да навлезе во еден неизвесен период. Такви навестувања се на пример најавите за откажување од Македонскиот јазик и одкажување од македонското малцинство во Република Бугарија, изјавите за фактичко непостоење на македонската нација, за што таа краде од историјата и слично. Учените велат дека во историјата определени настани по првиот пат се случуваат како трагедија, а по вториот пат како фарса. Се плашам дека во македонскиот случај тоа повторно може да се случи како трагедија.

Она што ја одржа Република Македонија како самостојна држава по распаѓашето на Југославија е внимателното влечење на политичките потези, како во поглед на внатрешното уредување и градењето на внатрешните економски и политички односи, така и на надворешен план, односно внимателно проценување на секоја одлука, особено затоа што опстанокот на Република Македонија се уште е во плановите и политиките на некои држави, се уште е нешто што тие не можат да го сфатат, а некои толку го отежнуваат што не треба да се биде далеку од заклучокот дека во некоја следна прилика тие повторно би го поставиле нејзиниот опстанок под знак на прашање и со задоволство би ја прегрнале Македонија во својата змиска прегратка.

Со други зборови, како што беше искажано од оваа говорница, Република Македонија успеа да се одржи затоа што избегнуваше да донесува одлуки кои можат да ја втурнат во авантура, непромисленост избрзаност, одлуки кои можеби на краток рок некому можеби би му изгледеале како одлуки кои би можеле да донесат некаква полза, значи се условно, но на долг рок би биле непоправливо штетни.

Затоа, досегашната политика на Република Македонија во својата суштина беше успешна. Таа беше политика на создавање на пријатели и политика на градење на балансирани односи, особено со оние држави кои во светската политика имаат решавачко влијание. Светот денес почива на рамнотежа на односите на силите и уважување, како и внимателно градење на односите меѓу големите сили, па дури и нивна меѓусебна соработка во взаемна корист и во корист на стабилноста на светот во целина. Особено е значајно што Република Македонија водеше внимателна и респектабилна политика со постојаните членки на Советот за безбедност. Во овој момент би се задржал само на нив, но не заборавајќи ги и другите значајни европски држави и добрите односи со нив, со напомена дека во определени фази од нашето осамостојување и етаблирање во меѓународната заедница, секоја од нив даде свој придонес во поддршката на нашата земја. Од таквите причини на почетокот реков дека денес водиме расправа

за честта на Република Македонија и за нејзините долгорочни стратешки интереси.

Признавањето на Територијата Тајван е упад во меѓународниот поредок, чиј е нераскинлив дел и еден од столбовите е Народна Република Кина. Впрочем, не случајно сите постојани членки на Советот за безбедност, сите европски држави, сите наши соседи сите сериозни држави во светот ја признаваат целокупноста на Народна Република Кина и Владата на Народна Република Кина.

Народна Република Кина е членка на Организацијата на

Обединетите нации, а не територијата Тајван. Затоа звучи навредливо објаснувањето во Информацијата дека дипломатските односи со Тајван се воспоставени во согласност со Повелбата на Обединетите Нации. Навредливо за Владата на Народна Република Кина, но и навредливо за нашата позиција во светот.

Не е точно дека признавањето на Република Македонија под нејзиното уставно име уште во 1993 година било обусловено од нашето признавање на целокупноста на Народна Република Кина. Со приемот на Народна Република Кина во ОН истовремено е констатиран фактот дека во рамките на таа држава се подразбира целокупната нејзина територија вклучувајќи ја и провинцијата Тајван. Вистината е сосема поинаква. Народна Република Кина ја призна Република Македонија без никакво условување како пријателска држава.

Затоа, сметам дека е повредена честа на Република Македонија и честа на македонскиот народ и граѓаните на Република Македонија. Со ваквиот потег на Владата на Република Македонија многу земји од сега ќе не гледаат со други очи, нема да веруваат во нашите искрени намери за соработка и ќе бидат.многу, многу, многу, внимателни.

Втората непознаница која навистина треба да не загрижи и нагризувањето и загрозувањето на нашите долгорочни стратешки интереси. Навистина е наивно или непромилсено, или двете заедно, да се смета дека раскинувањето на односите со една светска веле-сила, уште и постојана членка на Советот за безбедност, нема да се одрази на безбедносната положба на Република Македонија. Притоа, Министерството за надворешни работи, односно групата на креатори на оваа одлука делуваат како расштимуван клавир. Имено, пред десетина дена министерот за надворешни работи Александар Димитров упати писмо до генералниот секретар Кофи Анан за ново шестмесечно продолжување на мандатот на УНПРЕДЕП заради можните импликации по безбедноста на Република Македонија. Тоа значи дека проценка на Министерството за надворешни работи е дека заради познатите причини, кои сега не би ги елаборирал и кои не се изменети во последните неколку години, но и компликациите во регионот, вклучувајќи го тука пред се и Косово, за Република Македонија од безбедносен аспект е добро и корисно за нас како држава оваа мисија да ги продолжи досегашните активности со ист кандат и ист состав на силите.

Притоа, сакам да нагласам и потсетам дека за Република Македонија од особено значење е присуството на Американскиот баталјон на професионални војници во составот на оваа мисија.

Оддавајќи должно внимание и признание на Нордискиот баталјон и државите кои се претставени во него, сепак, тежината на оваа мисија го дава присуството на американските војници.

Во што е аматеризмот на креаторите на тајванската надворешна политика? Едноставно во конфузнбто водење на безбедносната политика на Република Македонија. Во исто време кога се бара продолжување на мисијата на УНПРЕДЕП како неопходност за безбедноста на Република Македонија, со признавањето на територијата Тајван се влегува во ризикот да се испровоцира Народна Република Кина да го промени пријателскиот став спрема Република Македонија. Дали министерот може да ни даде гаранции дека Народна Република Кина нема да стави вето на продолжување на мандатот на УНПРЕДЕП? Вакви контрадикторности се недозволени во водењето на безбедносната политика. Доколку Народна Република Кина стави вето, дали се предвидени сите можни ризици и дали тоа значи свесно откажување од американското воено присуство во Република Македонија. Неразумно е во исто време да се бара присуството на УНПРЕДЕП, а едновремено да се отвораат вратите за неговото заминување.

Би сакал да укажам и на еден друг безбедносен аспект, кој може да произлезе од одлуката за признавањето на територијата Тајван. Се работи за тоа дали за оваа одлука и можните последици се консултирани клучните министерства, односно министри кои по законот треба да се грижат за безбедноста на Република Македонија, односно да вршат проценки и да подготвуваат алтернативни безбедносни мерки.

Најнапред, вон дискусија е дека изолирањето на претседателот на Републиката од оваа тајна мисија е кршење на Уставот и законите на Република Македонија, особено заради неговите ингеренции да ја претставува Републиката, да склучува мегународни договори и да претседава со Советот на безбедност на Републиката.

Но јавно го поставувам прашањето и при тоа очекувам искрен одговор, дали за оваа одлука заради можното вето од страна на Народна Република Кина во Советот за безбедност пред тоа се консултирани Министерството за одбрана и министерот за одбрана, како и Министерството за внатрешни работи, пред се директорот на Дирекцигјата за безбедност и контраразузнавање, бидејќи тие се надлежни да направат проценки кои би биле

можните последици заради безбедносниот вакуум кој се создава доколку би дошло до завршување на мисијата на УНПРЕДЕП.

Понатаму, дали се направени алтернативни планови или корекција на постојните заради пресретнување на можните импликации и компликации на северната граница. Доколку тоа не е направено, станува збор за сериозна дисхармонија во функционирањето на извршната власт или меѓусебна недоверба на коалиционите партии на власт.

Според првичната збунетост што се чувствуваше меѓучленовите на Владата, за тоа бевме сите сведоци, но и меѓу пратениците на ВМРО - ДПМНЕ, имам впечаток дека тоа не е направено. Впрочем, министерот за финансии Борис Стојменов јавно се произнесе дека за оваа политичка зделка воопшто не бил во тек и тоа токму во периодот на преговори со меѓунаррдните финансиски институции, што секако ја отежнува неговата позиција како преговарач во име на Македонската Влада и Република Македонија во целина. А тој треба да ги вклопи очекуваните пари, наводните пари во оваа буџетска година. Неговата изјава е особено индикативна. Се стекнува впечаток дека тој самиот не очекува дека ветените милиони ќе стасаат во Република Македонија. Ако ништо друго, му верувам на г-динот Стојменов дека се разбира во пари.

На крајот да завршам. Вака држава не се води. Секоја одлука од ваков вид бара многу голем степен на обмисленост, предвидување на следните настани, земање предвид на многубројни фактори и секако задржување на постојните политички пријателства и создавање на нови. Министерството за надворешни работи го прави токму спротивното.

Затоа, сметам дека одлуката на Владата е против интересите на Република Македонија и спротивна на нејзината безбедност. Најдобро што може да направи оваа Влада е да се откаже од оваа авантура и да ја исправи сопствената грешка.

Еден коментар. Јас овде го употребував терминот "територија Тајван", затоа што доколку не го употребам тој Тајван би рекол нешто што е против моето убедување и против светскиот поредок. Имено, според Уставот на наводната Република Тајван, ако тоа Владата го нема, односно министерот, можеме да му го позајмиме. Уставот на Република Тајван, во тој Устав пишува дека територијата на таа држава во себе го опфаќа, значи на Тајван, островот Тајван, целокупната територија на Народна Република Кина и островите во околните мориња на кои кинеската нација полага право. Внимавајте што правиме со овој акт.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Лазар Китановски. Има збор г-динот Митко Тилевски.

**МИТКО ТИЛЕВСКИ:**

Почитуван претседател, почитувани пратеници, дами и господа,

На почетокот би сакал да ја изразам мојата отворена и ширрка поддршка на овој потег на Владата, односно воспоставувањето на дипломатски односи со Тајван. Деновиве многу, дури и премногу во јавноста и меѓу народот се говори за овој дипломатски чин. Чувствувам потреба да ја презентирам и аргументацијата за ваквиот мој став како пратеник избран од страна на мојот електорат.

Народот гласаше за коалицијата и за промени, за конкретни позитивни промени пред се во сферата на економијата, а со цел да се надмине катастрофалната положба на нашето стопанство. Промените се оние кои ги ветивме и токму заради ветувањата имаме голема обврска пред нашите гласачи. Како што гледате, како што оценува целата наша јавност, признавашето на Тајван е еден од почетните конкретни испити за нашата стратегија, која треба реално да ги изнедри позитивните промени буквално во сите области на животот. Сепак, да тргнам од почеток.

Веднаш паѓа во очи дека еден ваков стратегиски и по многу нешта фундаметален потег на Владата беше вулгарно искористен за дневно политички потреби во некои кругови на опозицијата. Се обидоа да создадат вештачка политичка криза, да ја дестабилизираат земјата, да го повикаат народот на бунт, преку улица да ја рушат легалната власт, а верувам дека посакуваа и да предизвикаат предвремени избори. Очигледно дека се работи за провидно партиско сценарио за една употреба, на лик на она од штабските сценарија на поранешна Југославија. Го заплашуваа народот со можното вето на Кина во Советот за безбедност, со нова дестабилизација на регионот, заборавајќи при тоа дека додека самите беа на власт мислеа само како да ја осиромашат земјата и народот, како да исперат пари, како да го наполнат својот џеб, безмилосно рушејќи го при тоа и законот и Уставот. Сега бесрамно бараат интерпелации, се колнат во својата невиност, плашејќи се притоа пред фактот дека нивните кривични досеиеја допрва ќе се отворат. Велат сега Кина ќе ни биде непријател со својата дипломатија ќе ја загрози индиректно нашата безбедност и интегритет. Би сакал да ве прашам господо: што направивте Вие со Кина? Смешни се толку милиони германски марки трговска размена, целосна безидејност кога се работи за економската стратегија за развој. Направивте долгови до небо, фрапантна стапка на невработеност, инвестиционен биланс на рамниште на Централна Африка, безнадежност кај младите, општа сиромаштија, интелектуален хаос.

Заради сето ова Вие немате право на нови сценарија, немате право на нова лажна режија, наводно, во името на народот, немате право да си поигрувате со трпението на лугето кои секојдневно живеат на работ на бездната. Она

што е неопходно, она што е најбитно е да се видат резултатите, па ако сакате и парите што ќе ги донесе Влада во земјата. А таа, доколку се уште не Ви е јасно, тргнува од долу, од базата, од обичниот човек, од неговото законско право за работа, за пристоен живот и достоинство, кое Вие му го одзедовте. Признавањето на Тајван не значи ништо друго освен конкретен обид финансиски и концециски да му се помогне на обичниот човек. Тоа е визионерска стратегија за обнова на скоро непостоечката македонска економија, за отворање на нови работни места, заживување на мртвилото кое зад себе безмилосно го оставивте. Тоа е рушење на Вашето веќе рудиментирано старо комунистичко правило дека Македонија и македонскиот народ постојано мора да зависат од некои од страна, од туѓинци во случајов од големата Кина.

Крајно време е да почнеме да размислуваме со своја глава, со свој потенција за непосреден интерес за функционирање на нашиот систем, за животот на нашиот народ и еднаш за секогаш економијата да дојде на прво место по важност во Република Македонија. Доколку тоа не се случи, доколку сите заедно не успееме во тоа, верувајте дека дури тогаш безнадежноста ќе биде единствена емоција меѓу народот односно во народот на оваа земја. Промените, позитивните промени им ги должиме пред се на овие .кои не избраа, како и на сите граѓани во Македонија. Затоа, бидете уверени дека друга алтернатива не постои.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Митко Тилевски

Сега за збор се јави Мерсел Билали, Љупчо Анушев и Нано Ружин.

Прво има збор г-динот Мерсел Билали, ако престанал со разговор на мобилниот телефон. Ве молам, ова е можеби добар момент, ако сакате кога ќе влезете во оваа просторија да ги исклучите мобилните телефони. Навистина е непристојно и некоректно. Не е битно колку е гласен или негласен, еве, и други звонат овде, затоа, ќе Ве молам да се исклучат. Тоа не важи само за Вас, (му се обраќа на пратеникот Мерсел Билали) за сите го велам тоа. Тоа правило да биде, кога ќе влезете во просторијата, исклучете го.

**МЕРСЕЛ БИЛАЛИ:**

Дами и господа пратеници,

Чинот признавање на држави од меѓународноправен аспект не е до крај разработен, односно оставено на државите самостојно, согласно нивните политички односи и политички убедувања и другите интереси да одлучуваат дали ќе пристапат кон признаваше на соодветна држава или не. Така што, секоја држава оценува поединечно за секоја ситуација како ќе пристапи. Значи, признавањето на државата, односно државите од мефународен правен аспект значи едноставен чин или еднострaн акт кога една држава констатрра дека го признава постоењето на една држава и ја признава како члена на меѓународната заедница. Без оглед на тоа што ова прашање од аспект на меѓународното право не едо крај разработено, меѓутоа, постојат сепак, основни принципи, првенствено политички и општи принципи и тие принципи се надвор од општите услови, кои меѓународното право ги предвидува за признавање на државата, како што е територијата, популацијата и да постои во одредената територија ефективна власт и тн., туку се работи за посебни принципи од политичка природа, првенствено државите кога пристапуваат кон признавање на одредена држава оценуваат дали тој субјект иден, односно таа таа држава е мирољубива држава, дали со тој чин не се нарушува мирот и безбедноста во регионот. Потоа, дали има реакции од некоја држава или држави кои можеби таа регија ја сметаат за составен нивен дел и тн.

Меѓутоа, изгледа дека освен овие принципи и услови, кои јас ги спомнав, нашата Влада изгледа, може да се прогласи за иноватор за уште еден принцип, што е нов принцип, тоа е принципот на давање пари. Значи, сите принципи и плус една иновација, државата која сака да стане члена на меѓународната заедница треба да дава пари, треба да ја наплати таа услуга. Значи ние сме на пат да докажуваме дека со пари може да се купи и право и морал и принципи и дека морало, правото и принципите исто така се стока, а таа стока се плаќа со пари, сме на пат како власт дека кај нас постојат два вида на принципи, првите важат за богатите држави кои имаат пари, а вторите важат за сиромашнтие држави кои немаат пари. И замислете тој принцип да се воведе во приватниот живот како ние ја оценуваме една личност кој сите работи ги гледа врз призмата на парите, не поседува основен морал,основен почит и основно достоинство. Ако се работи за нормални принципи на принципи од меѓународното право и меѓународните односи, јас ве убедувам, а верувам дека и вие сте убедени дека сепак понормално ќе беше оваа власт да ја признаеше независноста и самостојноста на Косово, отколку на Тајван. Дури при признавањето на Косово поблиску ќе бевме до принципите до постојнтие принципи од меѓународното право и до престојните политички и морални принципи. Аргументие се следните.

Прво, воопшто е познато дека во однос на Тајван постои меѓунаорден правен акт, тоа е Резолуција под број 275826 од 1972 година, која е донесена со 2/3 мнозинство, со која Резолуција децидно се кажува дека се исклучува Тајван од 00Н, која дотогаш ја презентираше целокупната Кина и се прима како нова членка на Народна Република Кина. Значи, тоа сепак од меѓународен правен аспект, кој е донесен во рамките на Генералното Собрание на 00Н.

Додека во однос на Косово општо е познато дека од аспект на меѓународното право

нема никаква забрана, дури постои меѓународен став кој предвидува, или кој наведува дека СРЈ, сегашна, не е единствен правен наследник од сите бивши федерални единки на бившата СФРЈ.

Второ, Косово врз основа на повеќе важни, односно релевантно меѓународно правни акпгиу како што е меѓународното право за човекот како што е пакетот за граѓанските и политичките права, како што е пакетот за економски, социјални и културни права предвидува право на самоопределување и тоа право земајји ги предвид сите специфичности што еден народ ги има, превенствено историскиот аспект, етничкиот, културниот, ние доаѓаме до констатација дека тоа право на самоопределување го ужива и народот кој живее на Косово. Додека кај Тајван се работи за ист народ, кој единствено поради идеолошките, а повеќе од бизнис причини сака да формира друга држава, иако тие воопшто не негираат дека се примеси, напротив, се чувствуваат големо Кинези.

Трето, Косово сепак е и ќе биде наша соседна земја и секако ќе беше многу корисно и паметно да се стекнеме навреме со морален и политички кредибилитет во однос на таа идна држава, така ќе имавме подобар кредибилитет за идната севкупна соработка со таа држава, додека Тајван, се наоѓа на крајот на светот што се вика, тешко некој на мапата да ја најде.

Четврто, Косово веројатно ваква како идат политичките тенденции, веројатно ќе биде самостојна држава, а Тајван веројатно нема да има такви шанси, од причина што постои пречка од една велесила и на крајот на краиштата членките на меѓународната заедница тоа нема да го прифатат.

Посебно, со признавање на самостојноста на Косово, веројатно ќе придонесевме во насока на релаксација на меѓуетничките односи, бидејќи во Македонија има еден голем број на етнички Албанци кои живеат, за разлика од Тајван со кој ништо не не поврзува, напротив, се нарушува угледот на државата.

Друго што сакам да кажам, изгледа некои луѓе од Владата се промовираат како најпаметни лујѓе во светот и направија тоа што неможеа или нескаа да го направат американците, ни Русите, ни Французите ни Британците, ни било која друга паметна нација, дури тоа не го напрвиле ни држави кои исто така економски се многу посиромашни од нашата држава, само да си го чува достоинството и угледот и да ги почитуваат принципите на меѓународното право и меѓународната политика. Такво признавање дале само некои квази држави како што се Никарагва, Хондурас, земји кои по глава на жител имаат по 30 долари и каде владее нарко мафијата, потоа ја призна Панама, која живее од таксата за користење на Панамскиот канал и луѓето таму не само што немаат видено Тајвански компјутер, туку немаат видено ни велосипед или земји како што е Того, во кои имаат само гол живот. На секого му е познато дека и на овие земји им биле ветени пари, меѓутоа се поставува прашање зошто овие земји и после 10-тина години имаат таква состојба, изгледа дека само резултатот од тоа е само провизијиата за некого, веројатно во џебот на некого.

Некој кажа дека ние ќе бидеме втор Тајван. Тоа ме потсетува на некои поранешни изјави пред 10-тина години кои ги дал Момо Капор во Србија дека Србија за неколку години ќе биде втора Швајцарија или Милошевиќ во однос на тоа дека набрзо секој Србин ќе има по едно "Југо" и ние ќе произведуваме нафта не само за Србија, туку и за цела Европа и тн. Смешни работи.Народот џабе не кажува. Таму каде ти кажуваат дека има многу грозје да се земеш најмала торба. Некои граѓаните од РМ изгледа ги смета за малоумни, да не кажеме идиоти, кој единствено имаат талент само за да гласаат, или само да веруваат на големит ветувања, но времето ќе покаже дали така ќе биде.

**КИРО АНДОНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, мислам дека иако претседателот го знае тоа, сепак сум должен како пратеник да укажам ако сакаат пратениците во 106 членот од Деловникот се вели дека пратеникот може да зборува само по прашањето што е на дневен ред. Кога говорникот се одалечи од дневниот ред, претседателот ќе го повика да се придржува на дневниот ред. Ако говорникот и по опомената не се придржува кон дневнкот ред, претседателот може да му го одземе зборот. Мислам дека треба претседателот да го користи ова право. Затоа што гледаме дека под изговор за Тајван па се зборува за се и сешто, а помалку за Тајван.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на сугестијата на пратеникот Кирил Андоновски, меѓутоа, навистина е многу тешко да се води расправа кога предметот што е на расправа ќе го спомнете еднаш, а понатаму кажувате и понатаму незнам каде е спојката. Во секој случај мислам дека треба демократски да се дозволи, впролем ова е битно прашање и сметам дека досега сите говорници во:з?лавном се држеа за предметот на расправата и јас чувствувам дека немаше потреба д аги опоменувам.

**ЉУПЧО АНУШЕВ:**

Дами и господа, претставници на Владата, се обраќам до колегите од опозицијата.

Многу ми се допадна положбата на господинот Тито Петковски од минатата седница на Парламентот и инаку г-динот Петковски го ценам заради неговото искуство во прилагодувањето и кој вели дека меѓусебно треба дао се почитуваме, без омрази и навреди, и покрај различните мислења од кои треба да произлезе на квалитетот на решението. Но, што се случува за жал. Во практиката како опозиција настаспувате уште арогантно со крајна исклучивост деструктивно со невистини, или преработени полувистини, како да заборавате

дека овој народ си го кажа своето мислење. При ова, не нудите ништо конструктивно за македонската држава и граѓаните за кои знаеме до кај ги доведовте. Кога сме веќе кај арогancијата, што сами ја признавте како форма на самокритика, мое мислење е дека намерно го употребивте тој израз како најдобро барање на проштевање. Ароганцијата македонскиот народ и ќе ја простеше да не бевте себични и алчни, уништувајќи го стопанството до крај и доведувајќи го сопствениот народ до тотална беда, додека вие и вашите избраници го доживувавте процесот на богатењето. Но за ова ќе имаме прилика наскоро кога ќе го имаме извештајот на Анкетната комисија. Од усата на вашиот претседател слушнавме дека не се плашите. Ние немаме намера никого да плашиме и неразумно е вашето спротивставување и негативен однос кон нашите искрени обиди да направиме прогрес за нашата држава. Се обидувате со нечесни работи да растурате една коалиција, која за кратко време создала предуслови за развој. Нели се крие тука вашисхг страв од нашито успех. Мислит дегеа ќе не запрете дека ќе ја растурите коалицијата, а со парите земени од овој народ и да се вратите и да продолжите да го експлоатирате. Ќе ги убедите ли на овој начин Тајванските партнери и другигите потенцијални инвеститори дека РМ е нестабилно подрачје за инвестиции, само да ја остварите сопствената цел. Навистина подло, себично и не во интерес на сопствениот народ. Впрочем, вие никогаш не ги гледавте интересите на народот, туку вашите лични, за штои нема ослободување од морална одговорност на ниеден ваш член, бидејќи сите знаевте како и што се работи а сето тоа остана без некоја реакција. Ние ви порачуваме дека воспоставувањето на дипломатските односи со Република Кина отвора широки можности, кои што дефинитивно ќе го сменат животот во нашата држава кон подобро. Македонскиот народ добро знае што остасвивте во наследство. Да излеземе од ваквата состојба може да се смели и конкретни потези со рушеше бедеми кои се поставени од Јосип Броз Тито. И шетањето на нашиот претседател по неговат маршута не држи. Разликата е во тоа што стопанствените што го прате нашиот претседател во НР Кина беа само декор во неговото патуваше, а од никаков економски аспект. Затоа што стоковната размена од 3 милиони долари е во насока НР Кина - Македонија.

Што се однесува до заплашувањето на народот за безбедноста на земјата, со заминувашето на војските на УНПРЕДЕП, во услови на постојано присуство на војниците од НАТО и САД е навистина несериозно и не треба да се коментира. Ние се бориме за економски спас на земјата, неннавлегувајќи во односите на НР Кина и Република Кина, почитувајќи се што меѓусебно ќе се договорат. Впрочем, навистина е претенционо да се мисли дека ние на НР Кина и ги смрсивме кон^ите во светската политика и со нашиот чин толку ја уништивме што ќе не брка по цел свет да не казни. Со запишаните документи се предвидуваат директни интервенции во финансиската сфера кои веќе ни се познати. Она што јас сакасм да го истаскнам како најголема придобивка ќе биде повеќегодишниот процес во формирање на квалитетни кадри како од директнтоо производство, така и од менаџерски тимови кои ги водат претпријатијата во услови на вистинско пазарно стопанство за кое веќе 8 години декларативно се изјаснуваме.

На овој начин стопанството ќе излезе од спрегите на политиката, тоа е многу битно и нема да мора да се биде близок со Владата за да се биде успешен стопанственик. Достапноста на нашите кадри до светските технолошки и финансиски токови ќе овозможи нивно задрување во земјата. На овој начин ќе исчезне бесперспективноста, безнадежностса на младите од неможност за вработување се впуштаат во дрогата и алкохолот. Влегувањето на капиталот од Република Кина ќе даде позитивен сигнал на меѓународните финансиски институции и директни инвеститори полесно да се внесуваат инвестиции во нашата држава, имајќи го предвид фактот што финансискиокт џин од далечниот исток е наш партнер. Да не заборавиме дека логиката на капиталот брзо се шири и на останатите подрачја од опкружувањето, придонесувајќи за политичка и економска стабилизација на регионот, со што ќе се убрза оживотворувањето на стратегијата сеци.

**ЉУПЧО АНУШЕВ:** (Продолжение)

И на крај наместо да ги трошите силите и парите за натамошна дестабилизација на земјата, на нарушување на меѓунционалните однсои обиди за внесување на недоверба меѓу народот, ви нудиме да го прифатите нашиот општ консензус за излез од кризата, или во спротивно понудете друг конкретен рпедлог, ако воопшто го има.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот г-дин Љупчо Анушев. Има збор г-динот Нано Ружин.

**НАНО РУЖИН:**

Почитуван претседателе, потпретседатели, почитувани министри, дами и господа пратеници,

Како и многуте граѓани на државата и јас си го псотавувам секојденвно прашањето што навистина ни се случува, чудни настани фантагзагорични изненадувања, политички процеси, политички кривични пријави, сомнителни амнестии, тв бастиљи, партизација, ВМРО-тизација, ДА-теризација, ППД-изација, Тајвани, Тајланди, гатачи, хороскопи, приватни министри, приватни влади, отпуштање шд работа, проверка на моралнополитичките подобности, институцијата која ја заборавивме. Таа постоеше уште пред 20 години. Потоа јазик на шампањско, како јазик на заемна соработка, добрососетска заемна соработка, патриотически органиазции, тутунари, проекти за лигнитски опсови, пирамиди и тоа во градот на пирамидите Битола.

Кусата историја на пост комунизмот од 1989 година покажува дека слични детски болести, експерименти, се пофторуваат често со карикатурален завршеток, но само за првите години од паѓањето на комунизмот, а тоа беше , ако се сеќавате во 1989-1990 година.

По победата на коалицијата за промени ја слушнавме желбата на нивните баритони, желба за радикални промени, радикален прекин со погрешно црно минато, во корист на делата и среќна иднина. Тоа е митот за новата невина, за жал иакобинска власт, наспроти интервијата на злото од периодот на владееењето на СДСМ, контрасти на кои постојано се инсистира со фарсоидни обвинувања , со недемократски потези. Но зарем тоа не го живееја и нашите родители и дедовци по 1945 година. И тогаш имаше партизација, политички подобности, кришни политички процеси, Голи отоци , црни листи.

Како и да е новите владетели се јасни. Тие се за јасен политички раскин со минатото, а во името на сопственtие чсити раце, чиста совест и невиност. Тоа е една социјал-реалистичка опција иако треба можеби ќе ја пишуваат и новата историја. Методот е јасен, веќе испробан и во останатите пост-комунистички држави. Но тој метод денес силно се критикува. Или како што би рекол Адам Лихник-дали ние не присуствуваме на еден нов болшевички антисоцијалдемократизам во државата.

Каде да го сместиме во целиот тој Галијаматијас призанваеќето на земјата на Чан Кај Шек, од страна на Република Македонија. Одговорот на министерот беше мошне патетичен, оправдувајки го низ чисто фрагматски социјално-економски причини. Меѓутоа, веднаш се наметнуваат неколку дилеми. Некој од претходните говорници тоа го истакна.

Зошто тоа не го направија економски и социјално многу послабите држави. Дали тие не се досетија. Албанија, Романија, Молдавија,Бугарија, многу полошо живеат од нас, меѓутоа тие не го признавааа Тајван.

Зошто тоа не го направи некоја влада, почнувајќи од Владата на експертите, кога имавме само 8 милиони долари резерви.

Во одредени период заради политички причини тоа го имаат направено Гвинеја Бисаво , Централо Афричката Република каде што беше претседател Бокаса, Јужна Африка. Меѓутоа, пак од политички причини затоа што во овие земји Кина ги помагаше разните движења кои што сакаа да ја соберат власта, дојде до еден ривалитет и како конра резултат на тоа, тие се обидоа да воспостават односи со Тајвант. Меѓутоа, тие дипломатски односи 1998 година се раскинати .

Дали требаше да се оди до Тајван за да се конститира дека народот треба да ја улови рибата, а не само да му ја подарите. Ние низ целиот минат мандат тоа го повторувавме. И конечно дали со тоа не се вбројуваме во земјите кои што распишуваат меѓународен тендер за признавања на сите оние кои што мечтајат за своја држава. Барем ќе се опариме,а знаете многу денеска, почнувајки од Велика Британија до другиот дел на светот сите мечтајат за разни независности, разни држави, државички.Па дури и делови од Лос Анѓелес сакаат да се осамостојат.

Дали тоа не е еден сериозен политички авантуризам и какви штети ќе претрпиме од раскинувањето на односите со Народна Република Кина. Можеби тоа ни асоцира на една диполматија на шепнување, збор кој што го изговори министерот Стојменов. И навистина принципот може и да се залепи токму околу признавањето односно диполматијата која што ни претходеше на признавањето. Знаете принципот на шепотење е сличен на принципот на работата на расипаниот телефон. На почетокот ќе кажеш еден збор, на крајот ќе излезе сосема друго. Се плашам дека тоа ќе ни се случи и со Тајвантските ветувања. Ние ги признавме под принципот на шепотење и пантомима, со што и претседателот на Републиката, но и луѓе од раководството, од коалицијата на власт беа изненадени. Дури тоа го почувствувавме и во интервијуто на министерот за финансии кој воопшто не смета на Тајванскиот тиган. Можеби групата за признавање се повела од познатата Наполеонова максима која изгледа се институционализира и кај нас, а која гласи - се е јавно освен она што е тајно. Како и да е ние ја признавме и сега чекаме пари. Видовте и низ графитите кои се обраќаат и до тутунарите и стечајците се зборува дека еве ќе најдеме пари од Тајван. Доколку навистина има пари предлагам барем на луѓето да им се вети дека навистина ќе им се исплати она што им беше ветено во предизборната кампања.

Ова чувство и шпекулации за лесно доагање до пари не е некој наш изум. Тоа чувство е присутно насекаде во пост комунистичките држави. Почнувајки од Букурешт, софија, Москва. Сите веруваат во едно лесно доаѓање на пари, со истовремено напуштање на базичните вредности на општеството и на сопствениот рејтинг. Тоа е едно чувство кое, разбирливо наидува на добар ехо, бидејки, како што знаете секој народ сака да сонува и да мечтае. Народот денеска верува дури иово Робин Худ, во Пепелашка и во Аладиновите лампи Мејздин Тајвант. Но, сепак народот ги знае и приказните за Итар Пејо и за Насредин Оџа. Доколку биде излажан има можност и да ве казни. Народот како и ние ќе ја чека тајванската Алибабина пештера, но што ако таа никогаш не се отвори , како што беше случај со останатите полудржави што го признаа Тајвант. Тие останаа бедни и со префиксот бананадржави. Засега нашата нова утопија се вика Тајвант. Како и да е станавме , исто така, наместо влог меѓу европските држави, влог во компетицијата меѓу азиските држави. Можеби ќе се посомневаме и во нашиот Гоце Делчев, корист на новиот македонски јунак, малиот, жолт и насмејан Хомотајваникус.

На крај би порачал дека историјата на Балканот носи една порака,балканот е инверзија на лесниот оптимизам. Се поминува, се се руши и се се троши. Затоа и најголемите заблуди на балканските политичари дека се вечни и никогаш непроменливи, се покажаа како неточни. Но, дури и да се остварат соништата, дури и да добиеме таков бинго од Тајвант, не се сомневате ли дека постои, сепак, еден демократски принцип на промена на власта. Не заборавајте дека денес во европа од 15 земји членки на Европската Унија, дури во 13 е на власт социјалдемократијата во коалиција или сам. Затоа во односите, некој напомна, да, ние сме за политичка култура, за однесување и на оваа говорница и надвор од неја и особено во оние политички процеси кои што се монтираат од страна на министри заземајќи ги местата на обвинителот. Не ги деградирајте луѓето. деградирајте ја нивната политика, нивните принципи. Меѓутоа нема потреба луѓето да се деградираат.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Нано Ружин.

За збор се јави пратеникот Ханциски, а пото Томислав Петровски.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Г-дине претседателе,почитувано претседателство, почитувани членови на Владата, дами и господа пратеници, Како што е познато и како што веќе беше кажано, оваа а сега веќе "итна седница" побаравме да се одржи точно пред две недели. И причините за нејзината итност, и причините за потребата од одржувањето на седницата им беа познати и на нашата јавност и на сите пратеници според тоа и на првиот пратеник КОЈ ШТО ГО има правото да ја закаже така како што се закажув аитна седница, тоа значи максимум за неколку дена од поднесувањето на барањето. Впрочем претседателот на Собранието за овие стотина дена од неговото функционирање се стекна доволно искуство за закажувањето на вакви седници затоа што се што било на дневен ред досега се работеше или по итна, или по скратена постапка.

Да не употребам потешки зборови, веста за потпишувањето на актот за признавањето на Република Кина како што се нарекув апровинцијата на Народна Република Кина Тајвант, од страна на минситерот за надворешни работи, Александар Димитров, во најмала рака ја вознемири не само домашната и меѓународната јавност, нашите граѓани, туку и пратениците од партиите на коалиционото мнозинство за кои што се тврдеше дека за ова прашање имаат целосен консензус.

При поднесувањето на предлогот за одржувањето на итна седница во врска со ова прашање, тие причини беа детално образложени и од наша страна и од страната на другите пратенички групи од опозицијата и тоа од некои од нив на многу драматичен начин. Ако некој сака да најде изговор за тоа, зошто седницата се закажува две недели по поднесувањето на барањето, неводејќи сметка дали тој изговор држи или не, ќе го најде. Меѓутоа јасно е дек анема ниту една објективна причина зоштотаа се закажува дури денес. Повеќе може да се зборува за тоа дека тоа е направено намерно расправата да стане беспредметна и бесцелна затоа што за ова исклучително важно прашање не само од сферата на нашата надворешна политика, туку и за иднината на државата, денес расправаме посттестум, откако и Владата на Република Македонија донесе Одлука за воспоставување на дипломатските односи со Тајван.Ние побаравме расправа по ова прашање не заради тоа што го оспоруваме правото на министерот за надворешни работи да парафира акти за емѓусебно признавање со други држави, или да го оспоруваме правото на Владата да донесува одлуки за тоа.

Досега иамме воспоставено односи со стотина држави и во најголем број случаи е користена истата процедура да се преговара за меѓусебното признавање, да се парафираат од страна на министрите за надворешни работи, да се донесе одлука од страна на Владата и тоа да се објави дури и подоцна, ако на пример другата страна со која се воспоставуваат дипломатски односи поставила такво барање. Во тоа нема ништо невообичаено и ништо непроцедурално. Меѓутоа, во сите вакви случаи преговорите се водени со држави кои биле воведени во програмата на Владата за воспоставување на дипломатски односи, или со држави за кои Владата дала претходна согласност за да се преговара , а во сите случаи претседателот на државата не само што бил информиран туку бил и консултиран. Затоа по парафирањето на актот за воспоставување на дипломатски односисо Тајван , чекор со кој очигледно не беше запознаена ни Владата ни претседателот на државата побаравме расправа во која сакавме најотворено да ги разгледаме сите позитивни, но и сите негативни последици од овој чин кој очигледно се и многу побројни и многу потешки. Сметавме дека со силата на аргументите што ќе се изнесат во текот на расправата ќе се убедиме дека се работи за погрешен чекор со непоследиви последици за севкупната иднина на државата и дека Владата согледувајќиги тие последици ќе се преиспита и нема да ја донесе одлуката за воспоставувањето на дипломатските односи со Тајван.

Претседателот на државата од истите причини бараше да му се обрати на Собранието.

Ако тоа ни се овозможеше во голема мера ќе ги амортизиравме барем штетите штонастанаа по нашиот меѓународен углед, од тоа што цел свет разбра дека во оваа држава се воведува праксата на воспоставување дипломатски односи без знаење на нејзиниот претседател.

Понатаму, ако расправата се одржеше пред донесувањето на одлуката на Владата, можеби ќе се согледаа последиците од непочитувањето на досега потпишаните договори со Народна Република Кина. Притоа не мислам само на дирекните последици: раскинувањето на дипломатските односи, раскинувањето на тие договори мегу кој е и договорот за финансирањето на Хидроелектраната "Козјак", вреден деведесетина лилиони долари , туку и на сите индирекни последици кој може да бидат уште потешки и трајни. Народскиказано не е така едноставно да се преземе чекор со кој Македонија ќе се скара со секој четврти жител ма светот затоа што овој чин секој граѓанин на Народна Република Кина го смета за непријателски гест за неговата држава. не е така едноставно да се превземе чекор со кој државата кога ни беше најтешко, кога ја биевме битката за меѓународното признавање меѓу првите не призна под устав-ното име , иако беше и самата изложена и на огромни притисоци и на закани.не е така едноставнод а се превземе ваков чекор со државата која седи во Советот на безбедност каде се решаваат и ќе се решаваат прашања од витален интерес за нашата држава, со државата која уште во 1971 година, како што овде беше спомнато се избори за донесување на резолуција во ОН со која сите членки на оваа светска организација се обврзуваа да ја признаваат со нејзината целокупна територија во коај што влегува иТајвант. И Народна Република Кина членки на ОН досега е признаена во согласност со одредбите на оваа резолуција.

Зошто го споменувам овој аргумент. Сигурно не заради некои шпекулации и не заради тоа што, за жал не го слушав експозето на минстерот Димитров, видов од стенографските белешки тоа беше споменато и во тоа експозе дека само Република Македонија воспоставила односи со Народна Република Кина под вaквите услови. Впрочем најдобар одговор на ваквите шпекулации се и изјавите на стејдепартментот дадени во врска со нашето признавање во Тајвант или на претседателот Клинтон дадени во Пекинг минатата година дека и САД како и сите други држави кои што имаат дипломатски односи со Тајвант, со Народна Република Кина, ја признаваат со целокупната нејзина територија во која што влегува и Тајвант.

Нашиот проблем е во тоа што со воспоставувањето на диполматските односи со Владата на Тајвант, го признавме како држава која согласно нејзиниот устав ја опфаќа и територијата на Народна Република кина. Значи со овој чин признавме две држави на иста територија и тоа на свој начин зборува за почитувањето односно непочитувањето на меѓународните договори од наша страна и за нашата одговорност како меѓународен субјект.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ**: (Продолжение)

Многу држави од светот, како што е познато имаат економски, културни и други односи со Тајван, но само мал број, меѓу кои се вброивме и ние и дипломатски односи. Само во минатата година четири од тие држави ги раскинаа тие дипломатски односи со Тајван. Дали некој се прашал дали тоа е резултат само на дипломатскиот притисок од Народна Република Кина, кој не очекува веќе од утре и нас, или и на неостварените ветувања дадени од Тајван пред воспоставувањето на дипломатските односи со тие држави. Најреален одговор на ова прашање е дека тоа е резултат на двете причини. Со признавањето на Тајван од наша страна тој своите цели ги постигна веќе во целост. Ние остануваме со сите веќе претрпени штети, само да се надеваме дека дел од тоа што е ветено и издоговорено ќе се оствари, меѓутоа да се оствари и во целост треба да знаеме дека има некои работи, што веќе исто така беше кажано што ниту се продаваат, ниту се купуваат со пари.

За последните 9 години сме поминале и низ потешки периоди и не сме преземале вакви чекори. И околу нас и во светот исто така има и многу посиромашни земји од нас иако не тврдам дека и кај нас цветаат ружи, меѓутоа никој одѓнив не воспостави дипломатски односи со Тајван и тоа не на овој начин. Впрочем, готовината што наводно е ветена со овој акт на Владата и ако дојде и тоа во скоро време сосема е јасно дека многу брзо ќе се потроши, а ќе остане само непотребната дамка врз меѓународниот углед на државата и големата неизвесност за цената што ќе мора да ја платиме за овој, во најмала рака избрзан начин, затоа што реков и ќе повторам дека има многу држави кои што имаат економски односи, дека ја имавме и ние можноста да воспоставиме економски односи, да видиме дали тие ќе дадат резултати и дури тогаш да се процени дали треба да се оди, како што тоа го прават и многу држави во светот и на воспоставување на дипломатски односи, меѓутоа во оваа ситуација преостанува и последната можност заради која што побаравме ваква расправа во Парламентот а тоа е Владата на Република Македонија одново да ја преиспита веќе донесе-ната одлука и на ваков начин да се издигнат сите засега согледливи и онеи несогледливи трајни последици и по меѓународниот углед и по меѓународната положба и по севкупната иднина на државата направени со овој чин.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Ханџиски. Има збор пратеникот Томислав Петровски.

**ТОМИСЛАВ ПЕТРОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

имам една посебна чест и задача на оваа собраниска седница да ги изложиме нашите мислења за едно прашање кое ја окупира нашата јавност и кое претставува суштинска промена колку на сето она што значи борба на Македонија за сопственото мислење, сопствена одлука и прилика за конечен развој, конечно донесен по

сопствен избор. Република Македонија се наоѓа во еден исклучителен значаен миг во своето опстојување. Миг од кој зависи вкупниот развој и иднината на државата. Н е б и сакал во овој миг да навлегувам во она што значеше водење на надворешната политика на претходната структура, но вредно е да се спомене единствено тоа што упорно бевме уверувани дека сме бескрајно значаен фактор, иако за жал вистината беше далеку посурова. Од тие причини овој потег на Владата, воспоставувањето на дипломатските односи со Република Кина (Тајван) добива на политички значење токму заради храброста на Република Македонија можеби за прв пат во својата историја самостојно да донесе одлука со која на највпечатлив начин ќе каже пред светот дека ја има својата сувереност во свои раце и дека може сака и знае сама да ја планира својата иднина. Тоа е момент со кој сметам дека треба да се гордееме затоа што ќе дојде време кога пред поколенијата ќе можеме да кажеме да се случија тие настани, тие беа такви затоа што ја имавме таа храброст конечно сами да одлучиме за својата судбина.

Тоа е еден момент што го препознавам во овој чин на воспоставување на дипломатските односи со Република Кина (Тајван). Затоа малку и малку повеќе ми изгледаат несватливи неоснованите отпори на опозиционите структури кои немаат сили, желба, а можеби и не сакаат да ја согледаат вистинската намера на Владата и парламентарното мнозинство за обезбедување стабилен развој и сигурна иднина на Македонија. Токму тука веројатно лежи и проблемот на нејзиното однесување подлегнувајќи на психозата дека залудно потрошиле неколку години необезбедувајќи им на своите граѓани ни трошка развој. Напротив сведувајќи ги состојбите на едноставно катастрофални. И да биде апсурдот поголем главните виновници за состојбата во државата сега изигруваат загрижени душички пред народот. Тоа е врв на циничноста што ни малку не ги напуштила посебно од оние чии имиња се поврзуваат во афери криминал и што уште не. Па добро луѓе се има ли малку образ пред граѓаните? Но доволно им обрати внимание на некои кои далеку помалку го заслужуваат. Да се вратам на она што е тема и што е многу поважно.

Ке си дозволам да истакнам мислење за она што значи импликации на овој потег на Владата. Во секој случај сметам дека се она што ќе следи во овој период ќе ја покаже основаноста на храбрата одлука на Владата.Пред се како што е веќе и кажано позитивните ефекти ќе се почувствуваат во економската свера. Инвестициите што треба да влезат во Република Македонија се гаранција дека ќе дојде до брз развој во економијата и стопанските текови во државата, што досега беше мисловна именка, што самото по себе ќе повлече ослободување од многу негативни појави што беа одраз во годините наназад. Но, не се важни само инвестициите, туку многу повеќе поважен е и новиот стил на работење кој ќе го наметнат бизнисмените од далечниот Исток. Во секој случај постојат бројни причини да се престане со дисциплините познати како плачење и лелекање по нешто и некого и да се отпочне со позитивистичка енергија и подготвеност за стартување и работа обидувајќи се онечно да сватиме дека од се ни е поважно да најдеме јак и подготвен за вложување партнер, затоа што не се живее од тапкање по раменици. Во таа насока апсолутно сум на страна на аргументите изнесени во информацијата на Владата за овој настан и сметам дека е крајно време да се свати тежината на овој потег во смисла на веќе изнесените мислења за што попозитивен пресврт во економската состојба на РМ. Ова е и за подолго време ќе биде единствената прилика Македонија конечно да застане на сопствени нозе. Меѓу другото станува јасно дека партнерите во владеачката коалиција биле крајно сериозни во своите предизборни ветувања и програми и имаат намера сето она што еветено да го реализираат.

Ви благодарм за вниманието и бе ве замолил за малку повеќе чувство на храброст одважност и доверба. На тој начин да се подготвиме да го дочекаме новото време за нашиот граѓанин, време на работење, време на развој и време на повисок стандард. Едноставно време во кое ќе се чувствуваме далеку посреќни, посигурни и позначајни. Светот денес ја признава само логиката и моќта на економијата. Треба да влеземе во тој свет и еднаш за секогаш да раскрстиме со нашиот вечен страв, а тоа е стравот да не тргнат случајно работите на подобро.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Томислав Петровски. Има збор г-динот Илија Филиповски.

**ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитуваи пратеници. Уште на самиот почеток сакам да ве известам дека за мене оваа одлука за воспоставување дипломатски односи со Тајван не е прифатлива не само како член на Пратеничката група на СДСМ туку и како граѓанин и затоа ќе дадам една мала елаборација.

Ќе се осврнам прво на економската состојба во земјата бидејќи како што вели Владата за да се одлучи на признавашето на Тајвг првенствено се раководеле од економската состојба во Македонија, цитирам од Информацијата "која постепено се движи кон економска и политичка дестабилизација на земјата со несогледливи последици по нејзиниот опстанок", квалифиакција многу тешка, а дали е тоа така јас ќе изнесам енколку спротивни факти.

Ќе се обидам низ неколку бројки и би сакал да видиме кога на Македонија и било најтешко, дали денеска или пред 8, пред 7 или пред 6 години и каква е споредбата со нашите соседи бидејќи со соседите живееме на Балканот. Немам намера и не би сакал да бидам погрешно

разбран дека состојбата сега ни е многу добра и дека не треба да се преземаат некакви мерки.

Денеска во нашата економија имаме два сериозни проблеми, а тоа е вработувањето и трговскиот дефицит и за нив Владата секако би требало да презема одредени мерки за решавање на тие проблеми. Сега ќе направам една мала прошетка во некои економски параметри од осамостојувањето до денес и некои споредби со соседите.

На пример јавната потрошувачка, учеството на јавната потрошувачка од 53% во 1993 година, зборува во бруто домашен производ се сведе на 38%? Буџетот во 1998 година се реализира со 97%, што е би рекол еден извонреден резултат. Многу земји Буџетот го реализи-раат со 60% и затоа имаат сериозни проблеми со исплата на плати, на пензии, сервисирање на надворешен долг итн. Буџетскиот дефицит кај нас беше 13% во 1993 година, а 1998 година се движи на 1,5% со што се вклопуваме во критериумите на земјите од Европската унија.

Надворешен долг, во 1993 година имавме долг спрема странство по 1.143.700.000 американски долари, а на 30.VI.1998 година веќе имаме долг од 1.197.000.000 долари. Се вели во многу изјави дека во оваа година ни следи отплата на долгови од 160 милиони долари, а тие 160 милиони долари ги отплаќаме секоја година. Според тоа не е ништо ново што денеска се случува не се случило вчера.

Би навел уште и тоа дека од осамостојувањето до денес вкупно одобрени кредити на Република Македонија се 753 милиони американски долари, искористени се 520 милиони долари, а отплатени се 478 милиони долари. Значи сме вратиле толку од прилика колку што сме зеле до сега.

Или ако сакате една мала споредба со пензиите и платите во јавниот сектор со нашите соседи, со исклучок секако на Грција.

Нивото на пензиите кај нашите соседи, Бугарија, Југославија и Албанија не поминува од 50 германски марки, а се исплаќаат со задоцнување од половина година. Платите во просек не се поголеми од 100 германски марки. Исто така се исплаќаат со многу големо задоцнување. Зборувам за јавниот сектор. Кај нас и едната категорија пензионерите и државните службеници кои се алиментираат од јавната потрошувачка платите и пензиите ги примаат редовно. Ако нивото на исплатата на пензиите и на платите кај нас се сведе на нивото на соседите кај нас во Буџетот ќе се јави вишок од една германски марки годишно. Значи Тајван не е многу далеку, тука е Тајван. Јас со ова не сакам да кажам дека треба да се намалат платите и пензиите кај нас, апсолутно таква теза не сакам да заговарам, едноставно сакам тие елементи да ги предочам овде, а истовремено и да кажам дека сите овие соседи пред 1997 година беа во подобра економска состојба од нас, денеска се многу поназад.

Да кажам и тоа дека девизните резерви на пример во една Југославија се помали од девизните резерви на РМ. Ќе кажам и тоа дека во Бугарија Народната банка ја управува бордот на директор странци. Да кажам и тоа дека Албанија практично нема девизни резерви и слично, а ние зборуваме за катстрофална состојба кај нас.

На Македонија ако некогаш и требал Тајван и требал во 1991 година, 1992, 1993 година, а не денеска. Тогаш мешетари исто за Тајван шетаа низ Европа, шетаа и во Македонија, меѓутоа Владата во тоа време не ги прифати тие мешатари. А ако некому му треба Тајван,во споредба, зборувам пак за нашите соседи, сигурно многу повеќе им треба на Албанија, на Југославија и на Бугарија. Се прашува ли некој зошто овие земји тоа не го прифаќаат. Малку ќе се осврнат и на инвестициониот концепт на Владата.

Ние во поселдно време слушаме тези дека треба да се гради рафинерија, да се сруши постојната рафинерија да се изгради нова рафинерија, слушаме тези дека треба да се изгради петрохемија, да се гради Битола IV итн. Јас бидејќи мислам дека малку нешто знам од таа област, сакам моето мислење да го дадам по однос на тие прашања.

Прво, рафинеријата дали нова или стара ќе ги произведува истите производи што ги произведува постојната рафинерија. Со мала реконструкција и мали инвестицони вложувања постојната рафинерија може да ги произведува сите потребни бели и црни деривати. Според тоа не ја гледам потребата и целта за еден таков зафат.

Второ, петрохемија. Петрохемија се гради таму каде што има потрошувачка. Ние треба да знаеме дека во Бугарија постојат три петрохемиски комплекси, во Румунија постојат три петрохемиски комплекси, во Југославија еден, во Хрватска постојат два. Во Македонија потрошувач на тие петрохемиски производи може да биде ОХИС и Хемтекс, меѓутоа, со оглед на состојбите тие не се и значајни апсолвенти на тие производи. За кого би граделе петрохемија односно за кого би се градела таа петрохемија ако потрошувачи во овој дел не постојат.

За Битола IV. Ние вчера на телевизија А1 ми се чини слушавме одредени коментари на професор Наталија до Економски факултет и апсолутно се согласувам со нејзе и не сакам да го повторувам нејзиното излагање.

Ние имаме проблеми со вработувањето, ние имаме проблеми со трговскиот дефицит. Овеи инвестициони зафати апсолутно не го решаваат ни едниот ни другиот проблем. Ние влегуваме во нешто што Репбулика Македонија правеше инвестициони зафати во 1970 година, го градеше ФЕНИ кој ја чини Македонија веројатно преку 700 милијарди долари, градеше југохроми, правеше други зафати и поради тоа зафати денеска се наоѓаме во оваа ситуација.

**ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ**: (Продолжение)

Мислам дека не би било добро ние на сопствените грешки да не се учиме. Би требало да се учиме на сопствените грешки, барем ако не преку туѓите.

За инвестициите од надвор што би требало да дојдат приватни инвестиции, би рекол тоа дека секој приватник може да дојде ако неговиот профит во Македонија биде поголем, значајно поголем за да ги покрие ризиците кои постојат во Македонија и околу нас. Би дошол ако работната сила кај нас значајно е пониска,цената на работната сила е значајно пониска од онаа која е кај него, или во негово соседство. Господа пратеници, личниот доход, односно платите во Кина се 3 или четири пати пониски во однос на платите кај нас. Транспортните трошоци се очигледни какви се кај нас. Кој е тој приватен инвеститор што ќе дојде во Македонија да инвестира, а да ја напушти Кина и соседството. Мислам многу нереални, барем за мене нереални и не очекувам значајни инвестициони вложувања, зборувам за приватниот сектор. А за да ние очекуваме такви вложувања пред се Владата треба да ни понуди еден концепт за даночната политика односно за зафаќашата за да ги стимулираме странските вложувачи.

Второ, да го предложи концептот на решавање на судските спорови во државава. Се додека тие проблеми не се решат во Република Македонија, јас ви тврдам дека ниеден приватен инвеститор нема да дојде. Сто дена на постојната влада наскоро ќе поминат. Ние сеуште концепт за овие прашања од Владата не сме добиле.И мислам дека би повикал да речам Владата што побрзо да излезе со еден таков концепт бидејќи во интерес е и на позицијата и на опозицијата да се решаваат проблемите во Република Македонија.Сега уште едно прашање би го зафатил, а тоа е прашањето на Советот за безбедност. Името на Република Македонија. Ние единствен цврст сојузник за името во Советот за безбедност ни беше Кина од пос-тојните членки на Советот за безбедност. САД секогаш ќе бидат на страната на Грција, тоа мислам апсолутно е прифатливо за нив. Русија со оглед на состојбата во која се наоѓа економски ќе биде принудена да го прифати решението кое е поблиску до САД. Франција, Англија, членките на ЕУ ќе го прифатат барањето на Грција. Значи ние единстве-ниот сојузник во Советот за безбедност кој го имавме по прашање на името го изгубивме. Дали е тоа намерно, дали тоа се прави намерно, или е тоа случајно? Намерно, зборувам веќе долго време се решава заправо се разговара во Обединетите Нации по прашање на името со наши-те претставници и грчките со Венс. Јас немам некои информации за да можам јас на база на информации да зборувам. Сега овде зборувам само врз основа на чувство. Значи ли тоа дека треба да се елиминира Народна Република Кина за да се реши проблемот на името спрема барашето на Грција. Тоа го поставувам само како прашање.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има збор Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Господине претседателе, дами и господа, еве, денеска сме сведоци дека за една важна проблематика, меѓутоа се разговара и се дискутира доста барем по моја оценка, доста мирно, доста сталожено. Првиот ден кога ја добивме таа вест дека Македонија воспостави дипломатски односи со Тајван, сите се најдовме запрепастени, мораме да признаеме дека сите и од позиција и од опозиција и тоа како да не запрепасти зошто, како? И слушнавме тој ден изјави такви дури и од членови на Владата, од пратеници од пратенички групи, меѓутоа, откога Владата си зазема став, тогаш мојот приод кон ова прашање се разликува сега затоа што веќе ризикот го превзема Владата, Владата на мнозинството односно Владата на коалицијата. Ако сакаме до крај мислам да се произнесуваме за едно вакво прашање, тогаш навистина ќе се произнесуваме како луѓе кои можеме да се трпиме меѓу себе и да внесеме таква атмосвера каде што аргументите ќе можат донекаде да расчистат некои работи кои навистина припаѓаат можеби во меѓународното право, припаѓаат во економијата,во дипломатските односи и тн. Јас не претендирам тука да се најдам меѓу тие колеги пратеници кои разбираат малку повеќе што е тоа меѓународно право и што се тие меѓународни односи и како се воспоставуваат дури и со тие кои економски овие работи од аспект на економијата ги елаборираат многу постручно и многу подобро.Дури не би сакал да бидам и толку субјективен да речеме дали ќе се ставам на страна на Народна Република Кина или Тајван во овој случај, затоа што тогаш мојот приод би бил од пратеничката група, а од мојата припадност национална па би кажал дали Кина и каков став Народна Република Кина имаше за некои резолуции кои се однесуваа за Косово.Така што се наоѓаме во една ситуација кога навистина треба да расправаме, еве ви ја можноста, многу поладнокрвно. Мораме да признаеме сите дека сепак кога се воспоставени дипломатски односи т.е. взаемно признавање со Народна Република Кина сигурно дека се превземени и одредени обврски за целовитост на територија и тн. И сега ова е веќе прашање кое не загрижува и би требало да не загрижува како граѓани и како пратеници и како луѓе кои сме избрани од граѓаните на Република Македонија.

Исто така, морам да ви кажам дека не сакам да припаѓам во тие кои се премногу восхитени, односно воодушевени од една ваква дипломатска зделка да кажам, но не припаѓам ниту во тие кои се премногу нервозни, премногу со нервоза ги коментираат овие работи,затоа што ризикот сепак тука треба да го преземе тој што го прави, односно тој што ја правеше зделката. Јас се обидов дури рамнодушно, јас се извинувам

што на ваков начин и тука пред малку за некои детали да го прашам и министерот за надворешни работи, кои ќе бидат последиците, што се, дали се размислувало и тн. и слушам дека и тој си признава: па и ние си признаваме дека веќе се влегува во една ризична, дали тоа да го наречеме зона дипломатска, воспоставување на односи и тн. Меѓутоа мораме да признаеме дека, меѓутоа што знам можеби од ризикот понекогаш може и да се добие нешто, но одговорноста некој мора да ја сноси. Зошто? Дури јас поставив едно вакво прашање: до кое ниво тие земји кои воспоставиле контакти, односно дипломатски односи со Тајван дали се на ова највисоко амбасадорско ниво, на ниво на амбасадори, или пониско ниво? Веќе се знае и многу е јасно дека се воспоставени односи на највисоко ниво, на ниво на амбасади, односно амбасадори.

Дали се можни последици од политички и безбедносен аспект? Зошто не? Мораме да признаеме дека се можни. Можни затоа што и еден разговор јас го имав со претставникот на Мисијата, шефот на Мисијата на УНПРЕДЕП тука, можни се, затоа што некако како да се најавува, или претпоставува ветото на Народна Република Кина за продолжување на мандатот на УНПРЕДЕП во Република Македонија. Јас припаѓам на?:тие кои мислат дека сеуште ни треба, односно сеуште имаме потреба да остане УНПРЕДЕП во Република Македонија затоа што некои прашања сеуште се отворени, без разлика што е оценката дека и меѓуетничките односи се релаксирани во Република Македонија, меѓутоа, некои прашања се отворени за кои  се разбира дека присуството на една ваква мировна мисија е и те како потребна на Република Македонија, па земајќи ја во предвид и ситуацијата на Косово, па границата со Република Србија. Мислам сите се овие работи на кои ние сакаме, или несакаме би требало да размислиме за овие работи.

Се поставува прашањето како понатаму? Досега знаеме како реагира Кина, односно Народна Република Кина. Ние сме сега прва европ-ска земја која го признаваме Тајван. Ако да речеме Народна Република Кина оди до таму дека од тоа што ќе се случи во Република Македонија ако се случи набрзина некој економски бум, се разбира дека комшиите со восхитеност ќе гледаат на тоа, односно соседните земји и може Кина да претпоставува дека ќе отпочне некое циклично признавање на Тајван. И тогаш, нервозата веројатно ќе расте кај Народна Република Кина и можеби тука ќе бидат реперкусиите односно последиците поголеми. Сите овие прашања се отворени и мораме да сметаме на сите тие работи. Се наоѓаме во една ситуација кога не сме сигурни, јас би рекол можеби малку саркастично, но би рекол дека треба да се исплива кинеското море во сето ова, меѓутоа, дали ќе можеме,или дали можеме, мислам дека се поставува прашање. И кога се прашуваме и како пратеничка група односно како партија кој е ставот за ова? Се наоѓаме во тие дилеми, во таа резерва, односно со многу непознати, меѓутоа, приморани сме засега понекогаш да кажеме дека и да завршам и јас така "ишала", "дај боже".

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Министерот за надворешни работи, господинот Александар

Г- Димитров има процедурална забелешка.

**АЛЕКСАНДАР ДИМИТРОВ:**

Почитуваниот пратеник Рамадани во текот на својата дискусија спомна еден дел од разговорот со мене при што наведе дека јас сум признал дека сме влегле во некаква ризична зона. Прво, тоа не е точно. Второ, молам, присутен сум и сеуште сум способен да давам изјави и да се толкувам самиот себеси.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Мислам дека можеме и стенографските белешки после да ги читаме, веројатно се водат и стенографски белешки. Не реков дека министерот рече: влегуваме во ризична зона, туку рече министерот дека ќе го превземат сиот ризик за ова. Јас се извинувам на тоа дека еден така слободен разговор, од тоа не сакав да кажам дека еве тоа што зборувавме со министерот па да го изнесам тука. Мислам дека во една позитивна конотација сакав да го кажам. Веројатно во стенографските белешки ние можеме да видиме дека тоа што не сте го кажале,не би го кажал. Мислам дека не реков така.

**ИЛИЈА ЛАЗАРОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, дами и господа пратеници, поминаа повеќе од две недели од воспоставувањето на дипломаски односи меѓу Република Македонија и Тајван, а возбудувањето и ѓоа загреиженоста на опозицијата и претседателот Киро Глигоров не стивнуваат. Напротив тие господа со се поголема жестина се нафрлаат и прават се за дискредитација на партиите на власт преку премиерот, директорот на Агенцијата за обнова и развој и другите водечки личности на коалиционите партнери. Господа од апозицијата олицетворена во СДС, оладете се малку. Знаеме дека за воспоставување на дипломатските односи со Република Кина Тајван ви  е гајле колку за ланскиот снег. Загриженоста доага од пустиот страв дека и дефинитивно за навек ќе ја изгубите можноста да дојдете на власт, бидејќи како што велите самите: македонскиот народ не смее два пати да греши. Јас ќе речам, точно, не смее, затоа што тоа што вие му го направивте со вашето владеење над него во буквална смисла на зборот овој народ никогаш нема да го заборави. Господа од СДС ако и ние со Македонија владееме како што вие тоа го правевте во изминатите години, подобро господ уште сега да не собере заедно со Вас таму горе во пеколот. Македонскиот народ не заслужува со него некој да владее. Тој заслужува власт која ќе му служи и ќе се бори за подостоен живот на сите кои живеат во Република Македонија. Повеќе векови со Македонија владееле други, но и Вашето владеење не се

разликуваше многу од туѓинците. И никој не направи досега Македонецот да се чуствува како во сопствена држава вклучувајќи ве и вас. Коалицијата на власт тоа ќе му го овозможи секаде каде што ќе се појави да биде почитуван и ценет, затоа што потекнува од Македонија, а не шикаиниран и понижен. Ова што СДС му го направи на македонскиот граѓанин во изминативе осум години владеење со грабежите, приамидите, растуирањето на дрога, организираниот криминал, вкупната безработица и сиромаштија, петвековното ропство неможеше да се рамни со него, бидејќи тие повеќе се грижеа за рајата отколку СДС за македонскиот граѓанин со кој владееше. Старите велат "беше - да не се повтори".

**ИЛИЈА ЛАЗАРОВ**: (продолжение)

Воспоставувањето дипломатски односи на Република Македонија со Тајван ги загрижи СДС бидејќи со тоа се загрозуваат одредени лични позиции, што на претседателот Киро Глигоров, што на одредени ситни СДС бизнис позиции и интереси."Претседателот на сите грагани" Киро Глигоров сакаме да не поддржи и охрабри за потезите на Владата, па почитувани пратеници зарем не се сеќавате како тој не~ окарактеризира за време на собирањето потписи за време на изборниот фалсификат 1994 година? Тој рече дека сме "јавачи на апокалипсата". А, да ве прашам драги колеги, зарем некој поапокалиптично кможеше да владее од оопартијците на човекот со членска книшка број 001 нивната најголема инвестиција. Сегашната опозиција, олицетворена во СДС, кога беше на власт инсистираше опозицијата да биде конструктиван. Демек, таа љубела таква опозиција и ако некогаш дошле во тавка ситуација, демек да бидат опозиција, конструктивно ќе се однесвуале.

Ги гледав, слушав, рамно 8 години и молев бога да дојде тој ден. Господ се смилува и даде. Е сега, господа од СДС, да ви кажам, зие како позиција со вашите постапки и вкупното ваше однесување бевте деструктивци. А, како можете наеднаш да се трансформирате во конструктивна опозиција? Зарем не гледате дека ја продолжувате истата политика? Па, и не е чудно, карактерот на човекот не е сако облечи,соблечи, што ќе рече една македонска мудрост. Кажете ми една опозиција во светот што работи конструктивно за да можат партиите на власт да работат по успешно.

Не ви се лутиме што така се однесувате, а најмалку знаејќи дека тоа сте вие. Бидејќи, вие поинаки и не знаете да се однесувате и да работите. Зошто, сешто фативте во изминатите години на владеење се исуши.

Потполно ве разбирам што сега така се однесувате.

Ама што така се однесувавте додека бевте на власт, е тоа не можам да го разберам, а посебно не можам да го разберам однесвувањето на претседателот ни на сите граѓани Киро Глигоров, човекот кој го промени и името и знамето на Република Македонија а сега рони крокодилски солзи од потезите на Владата.

Признавањето на Република Кина, Тајван, го нарекувате скандал. Било против интересите на Македонија. Последиците ке биле тешки. Па, оставете не и ние еднаш да згрешиме.

Господа од СДС ние од вас се разликуваме по тоа што на многу нешта гледаме со различен дипптер и од различен агол. Сметаме дека токму овој потег ќе овозможи македонскиот човек да види зрак светлина од тунелот во кој го доведовте и дека ова е извонредна можност прекрасната ни држава Македонија да излезе од ќорсокакот во кој ја втурнавте.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Илија Лазаров.

Збор има пратеничката Илинка Митрева.

**ИЛИНКА МИТРЕВА:**

Почитуван господин претседатаеле, почитувани министри, почитувани колеги пратеници,

Денес на дневен ред на нашата собраниска седница е Информа цијата за еден од најекстравагантните потези на коалиционата Влада признавњето на Кинеската провинција Тајван.

Би била многу среќна кога би можела да опстојам на овој збор екстравагантна. Но, водешето на надворешната политика не е помодна забава или монденски спорт, активности на кои секако им соодветствува една ваква квалификација. Треба ли воопшто некому да се објаснува дека надворешната политика е директно врзана, дека произлегува од основниот концепт на тоа како и каде треб ада се води државата и на внатрешен план.

Затоа, јас зборот екстравагантен лесно го заменувам со зборот екстраризичен, дури екстремноризичен и опасен по иднината на оваа држава. И покрај целиот дилентатизам што коалиционата Влада за ова кусо време го покажа во делот на надворешната политика, дека станува по малку здодевно да се спомену ва посетата на Пангалос, промената на кодот на Република Македонија во Европската Унија и смешното писмено обраќање на министерот за надворешни работи до амбасадорите на земјите членки на ЕУ. Значи, и покрај ево ова убедена сум дека во случајот со Тајван не станува збор за дилетантизам. Затоа што дилетантизмот не го покрива впечатокот дека се работи за низа синхронизирани и симултани активности што за крајна цел имаат уривање на угледот на Република Македонија на меѓународен план, создавње на клима на безбедносна несиогурност и неслокојност на внатрешетшлан. Наспроти, се разбира, оптимистичкото ажсплицирање:на министерот Димитров дека воспоставувањето

диоломатски односи со Тајван е мотивирано токму од дпротивното.

Оттаму прашањето што сите ние граѓани на РМ си го поставуваме секојдневно - Каде оди нашата држава?

Кина ги прекина дипломатските врски со Македонија и сите договори меѓу двете држави веднаш се стопирани. Не треба многу мудрости, исто така, за да се претпоставaт последиците од оваа состојба. Не треба ни многу напори за да се наброи она што е очигледно - Кина е една од најмоќните земји во светот. Кина е постојана членка на Советот за безбедност. Кина е земја со безграничен економски потенцијал. И ете, таа Кина беше верифицирано голем пријател на нашата земја и ни пружи безрезрвно рака кога Македонија се бореше за нејзиното меѓународно признавање. Кина ја призна Македонија под нејзиниото уставно име и даде поддршка на Мисијата на УНПРЕДЕП.

Од друга страна познато е: Тајван не е признаен меѓународен субјекти, Тајван не е членка на ОН и Тајван има воспоставено дипломатски односи со 28 земји од кои верувам ни министерот за наворешни работи не може да наброи по име 8.

Сите објаснувања за овој потег практично се сведуваат на евентуалната еконмска помош и евентуалното, во овој момент сеуште небулозно инвестираше на Тајван во нашава земја.

Ми доаѓа на памет едно прашање зошто, на пример, Унгарија 1990 година, зошто Чешката Република 1991 година, зошто Полска 1992 година, да набројам некои од земјите во транзиција, нели, а исто така зошто нис една европкса држава не беше условена од страна на Тајван со воспоставување дипломатски односи, а сепак имаа претставнички канцеларии и сеуште развиваат економска соработка.

Требаше ли Македонија да биде најумна, да стане експериментално европско тесто, пробен балон во нечија или нечии сомнителни визии за преуредување на мегународниот кодекс на однесување, па ако сакате и за прекројување на некои аспекти на меѓународниот поредок.

Најпосле, не е во традицијата на Македонскиот народ срамно да возврати на срдечно понудено пријателство и на поддена рака да возврати со шамар. Која е таа држава што после начинот на кој Република Македонија се однесе кон Кина ќе биде, значи која е таа држава што ќе биде спремна на пријателство, соработка, на потпишување економски и други договори со нас? Тоа е прашање на кое што веројатно одговор треба да даде Владата.

Затоа, да ве потсетам на една мисла искажана во почетокот на моето обраќање, мислам, навистина, дека овој пат не се работи за дилетантизам и дека некој во коалиционата Влада точно знае што прави.

ДПА ке го оставам на страна. Познато е какви се ставовите на оваа партија и за Република Македонија и за Македонскиот народ. Престана да ме чуди отсутството на нивна лојалност према оваа држава. Тие имаат свои планови во кои е поважна лојалноста кон сопственоит етникум. Не ме чудат, искрено речено ниту мотивите на некои од челниците на ДА, извештени во борбата за моќ и тоа по секоја цена. Не ме чуди што точно од оваа партија беше формирана диверзантска група со инспиратор, организатор, и егзекутос кој отиде на Тајван да ги средува работите.

Мене ме чуди однесуваето на главниот коалиционен партнер ВМРО ДПМНЕ кој, ниту имаше потреба од ваков авантуристички акт, ниту пак со свои претставници учествуваше во спомнатата диверзантска група. ВМРО немаше ниту таква предизборна обврска, обврска да донесе милијарда долари во Македонија. Колку ми е мене познато ВМРО нема деклариран претседателски кандидат кој има потреба од доларска помош за фианнсирање на идната претседателска кампаша. Но, тогаш кога се обидувам да си го објаснам покритието што ВМРО, како главен коалициеонен партнер го даде за одлуката на признавањето на Тајван, морам да признам ме обзема по малку страв.

Дали можеби, под шокот на признавањето на Тајван лесно помина посетата на заменикот министер за надворешни работи на Бугарија. Се секавате, тогаш кога ни беше предочено дека нема потреба од преведување од Бугарски на Македонски јазик, посета што претставуваше прв чин од драмолетката за откажување на нашите уставни обврски, прв чин во постапката за откажувае од грижата за нашите македоснки сонародници во Република Бугарија, признание дека Македонскиот јазик е само јазик согласно Уставот на Република Македонија. Или, можеби така потивко поминуваат кадровските чиски од застрашувачки димензии. Ликвидациите, реваншизмот и во крајна линија една состојба во која без членска книшка на еден од коали-ционите партнери не можеш да работиш, не можеш да пишуваш, не можеш да мислиш. Едноставно, се прашуваш дали си.Го имам чувството дека живееме момент во кој политичките концепти на парриите и политичката борба на партиите вообичаена практика во демократските општества бледнеат пред фактот дека сме сведоци на разградуваше на елементите што влегуваат во корпусот на една држава и на една нација.

Се обезличува националното ткиво,со радицијата, историјата јазикот. Осмислено се создава атмосфера на етрав и неизвесност. Мене не ме застрашува искажаната желба на некои политички субјекти да владеат 100 години со оваа држава. Мене ме застрашува фактот дека можеби нема да имаат со што да владеат.

Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

И благодарам на г-ѓа Митрева.

Збор има пратеникот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитувани пратеници,

Признавањето на територијата Тајван од страна на РМ како суверена држава со свој територијален интегритет и суверенитет има повеќе димензии. Јас, по моја некаква класифиакција ке набројам шест , а ќе се задржам на една од нив.

Таа има политички димензии, за кој впречом и денешните говори и настапи дури и настапот на министерот укажуваат.

Тоа признавање има и надворешно политички димензии и билатерални не само со Народна Република Кина, туку и со други партнери, и мултилатерални, за кои е сосема јасно на кое ниво ќе бидат. И тоа мултилатерални и на светско ниво и на регионално ниво.

Има безбедносни аспекти за кои зборуваа господата Китановски, Хаџиски и ддруги за што нема да образложувам истото мислеше.

Има внатрешно политички аспекти за Македонија. Прво е моралниот аспект, неизлегување со таа теза во кампањата штоможеше клучно да влијае на кампањата, значи скривање на аргументи за веќе утврдени договори за кои се преговарало приватно, како што бевме сведоци, во неколку наврати , во четири наврати во последната, 1,5 години, а се разбира заложникот била државата кога се разговарал приватно во тој момент.

Од внатрешно политички, мислам дека исто така еден од аспектите кој е битен игза кој нема долго да се задржувам дека во овој момент всушност не само Владата на РМ не само министерот за надворешни работи, туку целата држава почнува да станува залож-ник на овој потег. Кажувам заложник, затоа што очигледно нашата политика, нашите разговори, нашите односи од тој момент наваму се свртени инверзно. Веќе никој не разговата за економскиот развој на Мажедонија без Тајван, веќе никој не разговара за безбедносната позиција после Тајван. Ние веќе и разговорите на премиерот во Америка, седмодневни, како што видовте беа оптоварени пред се со признавањето на Тајван. Дури, мислам, не сакајќи инвол-виран е и претседателот кој во сите свои разговори од сега, исто така, ќе мора и во својата работа да води грижа и за овој чекор на Владата, што значи како држава стануваме заложници на една идеја и дека од овој момент натаму дури и програмата на Премиерот која беше елаборирана овде, дефакто не важи.

Има правни аспекти, за кои зборуваше г-динот Глигоров во своето обраќање, има дури за мене и чудни правни аспекти од аспект на тоа кој ја застапува Република Македонигја во странство. Со свој очи бев сведок и со сови уши слушнав како луѓе, како партиски функционери во името на Република Македонија, неовластени ни по Устав ни по Закон преговараат за потезите на РМ.

На крај, ке има и правни аспекти во врска со разрешувањето на спорот околу името во ОН за што г-динот Филиповски и Илинка Митрева зборуваа и нема да елаборирам.

Меѓутоа она на. што сакам да се задржам е токму економскит аспекти на овој потез затоа што Владата веќе и не крие дека немаме признавање со територијата Тајван врз основа на некакви наши согледувања за меѓународната позиција, наша или нивна, туку дека единствениот мотив бил економскаа соработка на Македонија со оваа држава. И тука сакам да се задржам, ќе дозволите, не многу долго, меѓутоа на овој аспект.

Притоа, ќе ве замолам, додека дискутирам, да ги имате предвид двете изговорени идеи или, како да кажам, на господинот министер за надворешни работи, ја цитирам првата дека "Република Македонија и онака веќе нем никаков меѓународен углед" и втората дека концепцијата на Република Македонија е "развој, развој и само развој", промовирана денеска, со образложението дека признавањето на Тајван е наш"стратешки првокласен потез на новата Влада"

Идејата е дека Македонија која нема никаков меѓународен углед, Македонија која има концепција "развој, развој и само раз-вој" со парите на Тајван ќе ги направи овие две сови цели.

Прво, не верувам во Влада која не верува во сопствените можности. И како пратеник и како граѓанин не верувам во Владата. која не води а која не верува во сопствените можности, па дури и во сопствениот народ, па затоа мисли единствениот спас е Тајван.

Второ, би сакал да полемизирам со една идеја што мислам дека дури министерот за надворешни работи воопшгго ни намерно, ни не намерно воопшто не ја опфака во своите размислувања кога го влече овод потег и Владата со својата потврдassѕ Дали има за Македонија така наречен втор или трет пат во развојот ооветгн приклучувањето во Европската Унија. Нема, затоа што во своите програми, во своите настапи, во своите говори ниту еден политичар од партиите овде, освен Демократстката алтернатива за која не можеме да тврдиме, со оглед на непостоењето на нивната програма освен Програмата за "развој, развој и само развој", вклучувајќи го и ВМРО ДПМНЕ кој нема илузии дека за Македонија постои таканаречен втор или трет па.т. Постои само еден пат на развој, а тоа

е Македонија, членка на ЕУ во среднорочна или долгорочна иднина.

Ако сме веќе единствени околу ова, тогаш би сакал да потсетам на следново:

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Патот до Европската Унија води низ остварување на

Мастрихшкиот договор од 1992 година, вклучување во Агенда 2000 за која пре-миерот зема обврска дека за сотина дена ќе ги исполни сите обврски кои се стотици илјади страници акти, прифаќање асоцијативно членство и на крајот станување на членови на Европската Унија.

Сега би се вратил на тоа дека ќе има пари. Јас во тоа не верувам, освен во парите од провизијата за кои видовме веќе дека се земени и со точниот износ. Исто како што немало пари ни за сите др-ги кои го признале Тајван како посебна држава и кои сега се откажуваат од тоа, а кои во меѓувреме ни за еден долар по глава на жител не го зголемиле својот национален доход. Но, ајде да се правиме луди и да помислиме дека парите ќе дојдат, и да видиме што всушност тие значат. Тоа, како што кажува Владата на неколку наврати, а денеска и официјално од стенограмот на господинот министер во износ од неколку стотици милиони долари. Неколку стотици се секако 200 - 300, 500-600, 700-800, меѓутоа тоа е квалификацијата на Владата неколку стотици милиони.

Прво, би сакал да укажам на следното: За Република Македонија на долг рок, па дури на среден рок соработката со Европската Унија е најважната економска ориентација. Ќе се согласите дека со признавањето на Тајван нема членство во Унијата. Без членство во Унијата нема развој за Република Макеоднија. Без развој на Македонија, нема иднина. Се разбира дека се ова тези на кои вие можете да се спротивставите, меѓутоа, јас ќе се обидам да го образложам тоа.

Зошто велам дека нема членство во Унијата ниту асоцијативно ниту Агенда 2000 со Тајван. Затоа што Унијата после Мастрих во 1992 година сите вие знаете, но да се потсетиме, води единствена надворешна политика. Тоа подразбира дека 15-та или 20-та или колку ќе биде на крајот ќе заврши со 40 држави, ќе водат единствена надворешна политика и нема да дозволат особено со постојана членка на Советот за безбедност да дојдат до таков диспаритет да се нарушат односите на Унијата со таа држава. Дури нема да дозволат една од 15-те или 20-те или 25-те членки на Унијата штрчи со своето признавање на територијата Тајван, а имајќи предвид дека нивната надворешна поли-тика се усогласува.

Јас сум убеден дека ова станува сериозна пречка на нашиот пат кон Европската Унија, односно на нашиот пат кон развојот, односно на нашиот долгорочен опстанок. Веќе не постои држава во Европа освен северниот сосед кој мисли дека може да се опстане без вклучување во Европската Унија на долг рок на територијата на Европа.

Ќе ми дозволите да направам една дигресија. Република Македонија според официјалните податоци, се разбира, кои вие никогаш не ги признавате до ден денеска, меѓутоа, кои потекнуваат од официјалните органи кои вие ги контролирате во овој момент 19 98 година има бруто домашен производ од 3,3 милијарди американски долари. Нашиот бруто домашен производ 1990 година беше 4,5 милијарди, што значи од 1990 до денеска сме се намалиле за 1,2 милијарди долари бруто домашен производ годишно. Значи, годишно губиме 1 милијарда заради тоа што немаме доволно добар развој. При ова сакам да кажам дека најглавниот пад беше во првите две години. Не сакам да ме сватите дека асоцирам на експертската Влада, асоцирам на најтешкиот период за нашата држава кога од 4,5 се намали на 2,3 милијарди долари нашиот бруто домашен производ. Од 199 2 година до денеска значи веќе 6 години успеа да порасне само за 1 милијарда долари годишно.

Дозволете ми да кажам дека ветената помош од неколку стотици милиони долари ако се 400 тоа значи во овој мандат годишно по 100. Тоа значи дека од нашиот домашен производ ќе добиеме 3% помош од Тајван. Ако се 800 помош во инвестиции или во што, тоа значи дека годишно ќе добиваме 200, што е 6% од сегашниот бруто домашен производ на Македонија.

Еве зошто мислам дека ова е ужасно лоша економска зделка. Ќе не оддалечи од Унијата. Ние, заради фактот дека нема да бидеме во Унијата и да ги користиме благодетите на пазарот од пола милијарда жители кој претендира да биде еден од трите најразвиени во Европската Унија, ние годишно ќе губиме по половина или цела милијарда долари затоа што нема да имаме добра трговија, нема да имаме добар развој. Само во една година, ако заради не соработка со Европската Унија на долг рок нашиот рас на бруто домашниот производ биде за 3% помал отколку што треба да биде, а тоа ќе ни се случи ако Македонија треба да се развива со 5, 6, 7, еве слушнавме и некои фантастични,во говорот на премиерот, бројки од 8,10 па и нагоре проценти, тогаш верувајте дека без

стапувањето во Унијата тоа е невозможно. Ние не можеме со двамилионски пазар да се натпреваруваме до 50 0 милионски пазар и со сите во околината блиски на Унијата. Сите веќе имаат асоцијативно членство, имаат договори со кои добро соработуваат, имаат рушење на царииеки бариери, имаат послободен трансфер на капиталот, на работната сила во Унијата. Ние со Тајван се оддалечуваме не само од Кина, ние се оддалечуваме од Унијата, а 3% годишно ако паѓа нашиот производ само заради тоа што сме надвор од Унијата, тоа ќе биде толку колку што е помошта од Тајван. Меѓутоа, таа помош ние не ја очекуваме идните 100 години, ние очекуваме една-две години евентуално, јас не верувам во неа, меѓутоа, сакам да укажам дека и ако дојде таа не значи ништо. Затоа што она што ќе го губиме на долг и среден рок од Европската Унија во нашата исклученост од Европската Унија ќе бидат многу поголема сума, дури и на такви пари за кои вие размислувате. Тоа значи ако сме изгубиле од 1990 до денес 1,2 милијарди долари само заради поспориот раст или негативниот раст на Македонија, колку ќе губиме ако и понатаму не се вклучиме во Унијата. Колку ќе губиме ако и понатаму од Унијата имаме блокади? Колку ќе губиме ако и понатаму нашите царински односи со Унијата не се усогласени со неа. Сега стануваат смешни прес конференциите на министерот за правда, изгјавите на господинот премиер дека ние ќе го усогласиме нашето законодавство со Унијата, па кој ќе ни верува во тоа? Како усогласуваме? Ние немаме амбиција да се усогласиме со Унијата. Нашиот пат во развој, развој и само развој е ориентиран кон источно-азиските паззари или се занесуваме дека некој тука ќе ги склопува компјутерите без царински бариери спрема Европа. Дека Европа ќе дозволи некој со дампинг цени преку понтонски мост на Тајван наречен Република Македонија ќе влегува на европскиот пазар така лесно.

Јас ве уверувам дека сите пари што нема да додјат ако дојдат ќе бидат многу помалку од парите што ќе ги губиме заради тоа што си го рушиме мостот спрема Европската Унија. Ако ние не бевме во Агенда 2000 заради нашите проблеми со Грција, заради некои други проблеми кои ги имаше Република Македонија со соседите, заради војната во нашата близина, тогаш ве уверувам сега прв пат во нашата понова историја нема да бидеме блиски до Европа не заради опкружувањето, туку заради нас самите. Тие проценти кои ќе ги губиме заради тоа што нема да бидеме во Унијата ќе бидат многу повеќе од парите кои евентуално ќе дојдат, а јас знам дека нема да дојдат. Меѓутоа, дискутирам дека ќе дојдат само за да укажам дека и тие се ништо.

За ова имам и еден пример Република Латвија со која ние одржуваме билатерални.односи и со која имаме можност да комуницираме како пратеници со нашите колеги од Латвијскиот парламент, вие знаете ја призна територијата Тајван за суверена држава и се се случуваше исто како кај нас дури и нивните пратеници како и нашите министри одеа на десетдневни туристички прошетки во Тајван. Таму ги гостеа, ги шетаа, им кажуваа што е тоа Тајван, меѓутоа, 199 5 година ја укинаа та спогодба. Кога разговаравме, а бидејќи беше исклучително чуден чекор во Европа тоа некој да го направи зошто е тоа направено, рекоа сосема отворено дека не можеме да конкурираме во тогашната 1995 година за Агенда 2 000 на Европската Унија зашто го нарушуваме единствениот приод на Европската Унија кон надворешната политика, па тие не можат да го нарушат внатре 15-те ќе дозволат некој од надвор да им ги внесе проблемите. Европа која има 50 милијарди долари годишен трровски промет со Кина и кој веројатно годишно ќе се зголемува за повеќе од 10% што значи дека за пет-шест години ќе стане дуплирана таа размена. Нема за една Македонија да ги нарушува трговските односи со Кина. Нема да дозволи во Унијата да влезе една чивија меѓу Унијата и Кина. Нема да дозволи Унијата да си ја наруши својата надворешна политика, своето единство особено кон земјите кои се далечни од Европа. Тие можат околу Косово со кое се граничи Унијата на некој на-чин да имаат по некој различен став, меѓутоа, еве ги во Франција се убедуваат и ќе најдат заедничко решение, а замислете за Тајван. Нема да разговараат дали треба да се усогласуваат или не. Што значи дека сите проекции мислам дека се правени апсолутно од позиција на дадени ветувања на еден човек во предизборната кампања, пред, пред, пред изборната кампања со некои власти од територијата Тајван и дека сега сите стануваме заложници на таа идеја и дека заради тоа патот на Македонија кон Европската Унија не само што е отежнат, туку сега почнува да се врти во спротивната насока. Финансиските, економските и други последици од тоа ќе бидат многукратно зголемени.

Затоа, иако знам дека е тоа глас во празно, иако знам дека предизвикува смеење, па дури гледам и гнасење кај пратениците кога тоа го кажуваме, јас сепак ја повикувам Владата и господинот министер да размислат во врска со укинувањето на нашите нелегитимни односи со оваа држава - територија и да ја вратат Македонија на правиот пат кон Европската Унија. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Никола Поповски. Има збор пратеникот Павле Тодоровски.

**ПАВЛЕ ТОДОРОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници.

Сакам да дадам свое видување со признавањето на Тајван какви перспективи, инвестирања и можности се отвораат во општината од каде сум избран за пратеник. Јас малку сакам да се разликувам од досегашните дискусии бидејќи претежно имаа политичка конотација.

Јас не би сакал да дискутирам за политичкиот дел со кој се плашат граѓаните. Јас знам дека од гола политика не се живее, треба економија, инвестиции кои ќе ја извадат земјата од економски колапс, безработеност, беда и сиромаштија. Нам ни е потребен пазар за да не остануваат нашите производи по полињата и да се скапуваат. Со воспоставувањето на дипломатските односи со Република Кина-Тајван се отвораат големи можности за директни инвестиции, за брз економски развој на државата. Инвестициите ќе бидат застапени во сите сфери на стопанството, земјоделието и друго.

Со вложување на директни инвестиции ќе се обноват старите напуштени објекти, фирми кои се во стечај, ќе се изградат нови објекти кои ќе обезбедат нови вработувања со што ќе се врати достоинството за живот на нашиот граѓанин кој сам ќе заработува и нема да чека милост од Заводот за вработување.

Со зголемување на производството се создаваат можности за извозни аранжмани и обезбедување на девизен прилив. Со воспоставување на дипломатски односи со Република Кина-Тајван се отвораат големи можности за извоз на водечките производи од нашата земја како што се тутунот, виното и др. За општината од каде сум избран јас како пратеник Кавадарци, Росоман и Конопиште главна култура која претставува; живот за општината е грозјето, односно виното и до сега се правени напори за извоз на вино во азиските земји Јапан, Кина и други, но овие количини беа симболичнни. Убеден сум дека со воспоставување на дипломатските односи со Република Кина - Тајван се создаваат можности и шанса за поголем извоз на македонските вина во флаширана состојба каде се постигнуваат повисоки цени по еден литар со тоа се создаваат можности за повисока цена по килограм квалитетно грозје.

Во оваа прилика морам да кажам дека последните години лозарството е запоставено, се копачат многу површини во Кавадарци од 8000 ха лозови насади во 1990 година сега има помалку од 5000 ха лозови насади, што значи 3000 лозови насади се ископачени поради лошата политика на ниски цени, скапи заштитни средства, репроматеријали, старосна состојба на лозовите насади во просек од 17 до 20 години.

Ете зошто се неопходни директни инвестиции за подигање на лозови насади со квалитетни сорти на грозје за добивање на квалитетни вина наменети исклучиво за извоз. Потребно е да се инвестира во опрема, технологија, капацитети во винарството, во испитувањето на пазарот, дизајн, амбалажа и др.

Втора култура во тиквешијата е тутунот за кој исто така се зголемува можноста за извоз во Тајван кој троши цигари повеќе од нашето вкупно производство.

Што се однесува до другите производи преку разни форми на доработка и соработка со Тајван можат да ни помогнат да ги извезуваме тие производи.

Исто така сакам да напоменам за Фенимак кој произведува никел и е извозен производ, а спаѓа во 12-те загубари со мала додатна инвестиција за издвојување на кобалтот од никелот и посебно топење на железото може да биде рентабилен.

Посебно ме радува што со воспоставување на дипломатските односи со Република Кина - Тајван во нашата земја ќе се воведе компјутеризација во сите средни школи и гимнзаии, ќе се оспособат нашите деца и можат спремни да го дочекаат XX1-от век.

Има уште многу погодности кои ќе ги осетиме и уживаме во директните инвестиции од Република Кина-Тајван. Затоа го поздравувам и поддржувам овој смел потез на признавање на Тајван кој ќе ја извлече земјата од оваа тешка економска криза, безработица, беда и сиромаштија.

Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Павле Тодоровски. Има збор пратеникот Димитар Батковски.

**ДИМИТАР БАТКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, потпретседатели, членови на Владата, господа пратеници.

На почетокот морам да изразам една загриженост односно едно чудење од ваквата загриженост на нашата опозиција олицетворена преку СДС, една таква загриженост што оди во прилог, без малку делува како да се адвокати на милијарда и 200 жители на Народна

Република Кина. Овде никој немаше ништо против Народна Република Кина. Ние ја поддржуваме соработката, подаваме рака на сите на Кина посебно, меѓутоа овде како да сака некој да создаде една состојба која ние сме ете без малку сме непријателски расположени и од тоа како да ни предвидуваат вакви или онакви последици.

Јас на почетокот морам да кажам дека ја поздравувам оваа одлука на нашата Влада за признаваше на Република Кина - Тајван и сметам дека е тоа вистински стратешки потез за во нашата држава да се отвори широк процес на инвестиции во повеќе стопански гранки со цел конечно да зажквее нашето стопанство, да почнат процеси на нови вработувања и конечно сите граѓани на нашата држава да се уверат дека ветувањата во предизборието на коалицијата за промени веќе почнуваат да се остваруваат.

Овој потег на нашата Влада од страна на СДС не се сака по никоја цена да се сфати и се прават очајнички обиди со пропаганда, со ширење на невистини да се донесат во заблуда сите граѓани во нашата држава. Ниакде во светот не се прави како што прави нашата "конструктивна опозиција". Секаде Владата се остава на мира да влече потези барем во првите елементарни 100 дена.

Не знам на што ова личи дами и господа пратеници и со какви намери се прави сето ова. Ако се сака да се направи изборен маркетинг, изборите поминаа. Народот ја даде довербата и сега треба да се има елементарно трпение и после одреден период да се мерат резултатите. Вака, кога со сите сили се шират невистини од пропагандната машинерија на СДС се е тоа со цел за оваа тешка состојба во која се најде Македонија во сите сфери од нејзиното живеење, да се прикаже виновна оваа Влада и оваа коалиција за промени. Но, за среќа нашите граѓани се свесни и одговорни и се убедени дека сите овие невистини од СДС кои беа присутни последните седум години на нив веќе им дојде крајот.

Кој е виновен за безизлезната состојба во која се најде Македонија?

**ДИМИТАР БАТКОВСКИ**: (продолжение)

Има ли некој кај нас кој тоа не го знае и на кој што тоа не му е јасно? Кој ја направи оваа економска катастрофа? Кој направи во Македонија да има над 300.000 невработени? Кој го направи кај нас пирамидалното штедење и кој ги ограби граѓаните преку тие пирадимални штедилници? Кој направи да се уништат сите помали и поголеми фабрики? Кој ја направи распродажбата во бесцена на целиот имот што го создаваа сите вработени со години во минатото? Кој направи приватизација која се граничи со невиден криминал? Кој ни го смени нашето уставно име и нашето Македонско сонце.

Одговорот е еден, дами и господа. Се знае. Не е тоа Социјалистичката партија, туку СДС и коалицијата која беше за Македонија, Сојуз за Македонија.

Се заговара дека со одлуката за признаваше на Република Кина Тајван се урива угледот за нашата држава овде се прашувам колкав е нашиот углед што ни го направи владеењето на СДС и на Сојузот за Македонија на нашата држава. Тоа ли е углед што македонскиот пасош без малку како да не ни е потребен, бидејќи македонските граѓани незнам дали воопшто можат да појдат во некоја европска земја без виза. И иронијата да биде поголема, претставник од опозицијата на минатата седница постави прашаше до оваа Влада да му даде одговор зошто нашите граѓани ги враќаат и не ги примаат во Словенија. На тој пратеник треба да му се одговори, не да му даде одговор нашата Влада, туку одговор да му даде СДС односно претходната Влада на СДС.

Со признавањето на Република Кина - Тајван и другите чекори што ги прави Владата од Коалицијата за промени незнам зошто се најде загрозена опозицијата и се оди дури до таму што граѓаните се повикуваат на организиран отпор. Сето тоа според мене, повеќе зборува за опозицијата и за СДС, а граѓаните сватија дека СДС е минато и голем дел од нивните потези веќе се фрлени на буништето на историјата.

Оваа Влада носи одговорност пред овој Парламент и

граѓаните на Македонија. Во нашата Влада седат стручни и способни и пред се високо доблесни луѓе, кои сигурно нема да го доведат во прашаше ниту сопствениот углед и репутација, а уште помалку угледот на нашата држава Македонија. Затоа, ваквата ригидна расправа што ја наметнува опозицијата има пред се за цел не само Владата, туку и нас пратениците и сите граѓани во Македонија да не оттргнат од решавањето на вистинските проблеми кои стојат пред нас.

На крајот, што би кажал. Иако сето ова е од СДС, сепак е премногу.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот Димитар Батковски.

Има збор г-гата пратеник Марика Јорданова.

**МАРИКА ЈОРДАНОВА:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, Ќе го искористам моето право да го изнесам своето мислење кон заложбите на нашата Влада во трасирањето на патот кон излезот од оваа тешка економска и социјална криза, трасирањето на патот кон општото добро на нашата земја за сите нас.

Јас нема да се задржам на формално правните моменти и аспекти околу склучувањето на договорот *меѓу* Република Македонија и

Република Кина - Тајван, бидејќи тоа е испочитувано деловнички и протоколарно. Нема да навлезам и во економските и економско-политичките анализи, затоа што тие се длабоко професионален дел и издржан дел на подготвувачите на договорот и затоа што таквите анализи водат до сверите на можното и неможното. Но во овие временски простори едно е важно и сигурно, а тоа е се потешката економска и социјална криза, од која пишти нашиот народ со безработицата, со празниот џеб, со губетењето на човечките и граѓанските права, со губењето на безнадежноста на својата младина, на нашите деца и отворање пат на ширење на општо зло кое ја загрозува нашата младина.

Затоа, моето внимание ќе го насочам кон самиот договор, кон чинот на договорот и реакциите од страна на почитуваната опозиција, што укажува дека таа не ја извлекла основната поука од овие избори, а тоа е дека нешто се случи. Се случија промени, промени со кои дојде до израз желбата на нашиот народ за промени, што пред се претставуваат излез од нивната економска катастрофа. Затоа, овој народ на овие избори и ја даде и честа, и долгот и одговорноста на оваа власт како аманет да го трасира патот кон излезот од економската и социјалната криза. Овој договор, во овој временски период, затоа, претставува само добра намера и цел за општо добро и никакви лични интереси, и никаква експлозивност, и никакви други манипулации какви што сакаат да наметнат члeновите од опозицијата кои си земаат за право вез никакво трпение, во стартот, да ја пласираат својата негативна енергија, одземајќи му го на народот единственото она што во овој момент го има во свои раце, а тоа е надежта во перспективата, во излезот за својот економски спас.

Користе^ќи го добро увежбаниот метод на добра пропаганда, со која до сега претходната власт односно сегашната конструктивна опозиција ја претскажуваше божемната благосостојба во нашата земја и ги претскажуваше видовито најдобрите нивни цели и тенденции на нивните договори. Меѓутоа, во тие свои претскажувања тие не го предвидоа тоа што го доведоа со своите договори кога ги склучуваа, со своите закони и проекти кои ги носеа во општиот развој на нашата земја, во спроведувањето на приватизацијата во нашата земја.

Затоа, ние ќе бевме среќни ако оваа опозиција таа своја видовитост ја употребеше во тие свои договори кога ги правеше и немаше да се случи тоа што се случи на нашите граѓани. Но опозицијата заробена во своите аутистички цели не може да ја свати суштината дека се случија промени и во рамките на тие, барањето на подлога на еден економски развој како излез од длабоката криза која оваа Влада ја нуди со договорот со Република Кина за економска соработка низ долгорочни облици на соработка во индустријата, директните инвестиции, банкарството, компјутерската технологија, прехранбената индустрија, инвестиции со повеќе стотици милиони долари поддршка на проекти за ревитализација на економски и стопански план. И кој може да биде против договорот освен оние кои гледаат низ призмата на стереотипно зацртаниот политички тунел од кој Македонија до сега не вѕби, но се повеќе ја губеше својата независност и достоинство. Или можеби опозицијата во својата тунелска политика не може да ја разбере промената на една нова еластична власт која во својата меѓународна политика се престројува таму каде што го гледа својот пред се економски егзистенцијален интерес, во стилот на сите современи држави и економско-политички трендови. И нормално, пробивот на старите шаблони ќе направи и конкретни ризици како и реакцијата на Народна Република Кина. Но, кога се . бира, пред се е опстанокот на нашата земја како најголем долг на оваа власт, не само на Демократска алтернатива. Тоа беше една од приоритетните заложби и на ВМРО-ДПМНЕ.

Во духот на менталитетот на нашиот народ, неговата мирољубивост, соработката, почитувањето на секој народ, непријатни се реакциите на Република Кина и сме свесни за можните последици. Но уште повеќе мораме да бидеме свесни за нашиот опстанок, економската и политичка нестабилност во нашата земја. Целосниот респект и желба за натамошна соработка со Народна Република Кина не ја подредува објективната економска подлога која ни дава за право да го надминеме ризикот заради виталниот економски интерес, за целосно достоинство како држава, но достоинство кое ќе се темели на целосни економски, морални, правни аспекти на една држава. Секој чекор има ривик во животот. Но тоа не значи да не одиме нагоре кон високата цел кон доброто на Македонија. Инаку, ако се вртиме околу претпоставките, околу можното, сигурно ќе одиме во ентропија.

А наш заеднички долг, почитувани пратеници и од левата и од десната страна,е впрегнувањето на целокупната наша позитивна енергија кон излезот од економската и политичката криза. Зашто само економски јаки можеме да бидеме земја која ќе парира во големата заедница на Европската унија и НАТО/ зашто само како стабилни и развиени ќе уживаме лична благосостојба како народ за сите нас.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

И благодарам на г-ѓа Марика Јорданова.

Има збор пратеникот Ристо Спанаков, а да се подготви пртеникот Филип Петровски.

**РИСТО СПАНАКОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри и почитувани колеги пратеници,

Шлагворд на мојава дискусија даде господинот Исмет Рамадани, кој укажа на две работи. Имено, од едната страна се работи за преголема еуфорија, а од другата страна се

работи за преголема нервоза. Јас би сакал да проанализирам неколку работи.

Имено, досега од оваа говорница честопати се практикуваше одредени работи да бидат анализирани, а потоа да произлегуваат заклучоци од таквите анализи. Тука сега во овој момент би се ставил во улога на опозиција и би размислувал како опозицијата во овој момент што размислува. Мислам дека опозицијата во овој момент сфаќа дека доколку се случи она за што всушност се залага позицијата во овој момент, а тоа е економски просперитет на Република Македонија преку вклучување на договорот со Тајван за долгорочна соработка преку се ова што моеите почитувани колеги пратеници на оваа говорница го искажаа, дека таа опозиција всушнсот го губи тлото за натамошна дејност, односно за натамошно делување на тој начин што просторот за нејзиното делување се стеснува, така што си го поставуваат веднаш прашањето што понатаму со нивното делуваше. Нормално, доколку позицијата успее да обезбеди кредибилитет за натамошни разговори, за натамошни избори и тн., тешко ќе можат во некој нареден временски период да дојдат во позиција да бидат позиција. Така размислува - тоа всушност си го претпоставувам јас и гласно размислувам кога би бил опозиција. Бидејќи тоа е тешко од оваа говорница да го образложите, потребно е да пронајдете некоја теза на која ќе го браните нападот прртив овој договор. Тој е најден во теоријата за загрзеноста на Република Македонија од овој чин.

Мислам дека таа теза веднаш падна во вода после изјавата која дојде од Стејдепартментот непосредно, во која се вели дека не смеат да се земаат предвид меѓусебните односи меѓу држави, во случај кога се работи за глобални цели од светски рамки во смисла на одржување на мирот, посебно во подрачја каде што имате можност од избувнување на немири, кои понатаму можат да преминат во глобален светски судир, каде што сите такви жаришта светската заедница сака да ги превенира. Затоа, мислам дека изјавата не случајно е дадена, така што веднаш уште во стартот ги спречува сите укажувања кои можат да водат кон една таква криза. Тоа би било она што на почетокот би сакал да го прокоментирам.

Сега би прокоментирал нешто за угледот на Република Македонија во светски рамки, за кој толку многу зборуваме, како се рефлектираат одредени работи надвор, а како потоа тие работи се рефлектираат на домашната сцена. Да бидеме објективни. Објективноста треба да ни биде подобрата страна. Примени сме во Обединетите нации под името кое ни беше привремено дадено, а тоа беше Поранешна Југословенска Република Македонија и тоа веројатно ќе остане подолг временски период. Зопото е тоа така тоа останува како тема за дискусија, меѓутоа, добро, вред, сепак сме членка на ОН.

Меѓутоа, сега би го вратил прашањето како Народна Република, Кина може да влијае на одредени односи во тој дел. Не мислам дека Народна Република Кина сега може многу ни да ни помонге, ни да ни одмогне во натамошното наше живеење во ОН. Единствено што може, тоа е за силите на УНПРЕДЕП да стави вето да не бидат повеќе распоредувани во Република Македонија. Меѓутоа, јас мислам после ова праијателско или другарско укажување на Стејдепартментнот веројатно Народна Република Кина се откаже од ставањето вето. Можеби ќе биде резервирана, меѓутоа, не верувам дека ќе стави вето на учеството на силите на УНПРЕДЕП во Република Македонија.

Потанаму, за угледот на Република Македонија во светски рамки можеме да зборуваме, слободно можеме да кажеме дека Република Македонија во овој момент се наоѓа во една своевидна блокада.

Зошто блокада? Еве, обидете се со македонскиот пасош, освен колегите пратеници кои имаат дипломатски пасоши, како граѓани да отидете во некоја држава како турист и да извадите виза од амбасадите овде во Република Македонија.

**РИСТО СПАНАКОВ:** (Продолжение)

Тешко дека на некого ќе му успее да дозволи, барем едно стотина дозволи, претходно повици од граѓани во тие држави и тн. Тоа значи дека буквално кажано ќе можеме во една блокада или изолираност. Понатаму, што да прокоментираме за инвестициите кој што досега дошле директно во РМ. Тука сме некаде на долното скалило. Одозгора гледано или на првата скала одоздола надоле гледано. Понатаму, кога ни се враќат некои минситри од поранешната Влада од патување од странство, кога нив ги прашуваа на кое место е РМ беше одговарано со гордост а колку држави од седум излегува дека е на последно место повторно. На некои места е и на последно место не нема. Тоа е агенда 2000 во која што како РМ воопшто не сме ставени и за асоцијативно членство во Европската Унија, а пред граѓаните на РМ, јас тогаш бев обичен граѓанин, да ви кажам отворено, имавме информации дека само што не сме примени за асоцијативно членство или не сме примени во ЕУ ни треба само еден чекор. Меѓутоа, ако гледаме сега временски, колку тоа изнесува, што тоа значи, тогаш веќе е нешто сосема друго и излегуваат некои работи кои мораме дас ги гледаме реално. Имено, Република Словенија е веќе примена и за асоцијативно и со редовен член во Европската Унија и ќе биде примена некаде 2002~година. ако е тоа темпо на развој да речеме од 10-тина години и сега во Агенда 2000 имате од 2000 - 2010 година уште 10 држави, кога ние ќе стасаме на ред. Јас тогаш би се прашал. Според тој од, кој што го имаше досега ние ќе стасаме опколу 2020 - 2030 година, па можеби и во 2050 година и на подолг временски период. Така тој латински синдром, кој цело време го слушаме.тука, мислам

дека е добро доколку бевме на прагот на приемот во Европската УНија, јас ќе гласав против оваа одлука, ако бевме да речеме утре примени во Европската Унија или асоцијативно членство. Сигурно не ќе сакав да го поништиме тој договор, меѓутоа, нашата перспектива е некаде после 10-тина години, тогаш ке треба сепак дас се размислиме малку. Од оваа говорница, почитувасни колеги слушнавме многу околу Тајван, околу НР Кина, околу сите работи, меѓутоа, една работа никој не ја кажа, а тоа е дека кога беше кризата помеѓу Кина и Тајван, тогаш САД застанаа цврсто позади територијалниот интегритет на Тајван. Колку што јас знам. Тоа беше неодамна пред 2-3 години. Тие ја пуштија таа флота да застане на границата помеѓу Кина и Тајван тоа да не се случи. Имаше сериозни закани и околу тоа несакам да коментирам. Што значи дека САД се имаат некои свој интерс во односите со НР Кина и во односите со Тајван. Сите овие големи држави ЕУ, САД, супер силите кои нешто значат на овие простори имаат сигурно свое видување за односите со НР Кина, затоа што НР Кина за нив претставува огромен пазар и можност за нивно директно учество. Додека пак Тајван од друга страна, претставува економски гигант во тој дел кој развива економски односи со сите овие држави по други патишта. Така да сера интересот на меѓународната заедница од една страна е да ја држи НР Кина а од друга да соработува со Тајван. Сега јас во тој контекст би ја ставил и РМ и би се размислиле малку што пак ние како држава претставуваме во тој дел. Ниту сме супер сила, ниту сме економски моќни, ниту можеме д адиктираме услови, туку сме држава која што досега исклучиво била ако не во 2,3 или 4 план, секој пат нам ни ги диктирале условите како да се однесуваме. Тоа што се однесува до меѓународниот углед и до меѓународната положба веројатно би оставил тема за дискусија и веројатно ќе има после оваа дискусија и други дискусии КОЈ ке се осврнат на тој аспект на гледањето на меѓународната положба на РМ. Јас би кажал како тоа се рефлектира на домашен план. Имено, зошто ова нам ни се случува. Зошто неможеме да влеземе во ЕУ, или зошто неможеме да добиеме асоцијативно членство. Има повеќе причини, повеќе фактори, јас би го кажал тука и еден фактор таканаречен азилански фактор. Знаеме какви се проблемите меѓу државите, посебно кога имате голем број на азиланти на одредена држава према други одредени други држави високо развиени, на кој начин тие проблеми се решаваат, тоа с сигурно со меѓународни разговори, со договори и тн. и сега кога ќе одите некаде ќе ви кажат вие од РМ имате многу азиланти кај нас. И тоа не политички, за наша голема среќа меѓутоа, за наша голема несреќа имаме економски азиланти. Тоа е категоријата која што ни го оневозможува слободниот пристап во овие други држави. Најголема причина веројатно се тие економски азиланти. А тоа е огромен број на луѓе. Инаку, веројатно, од овие простори РМ претставува најголем извозник на мозоци. Нашите луѓе кои што завршуваат факултети овде, кој што ги формираат, заради неможноста тука да најдат вработување, тука да ги искажат своите вредности, најчесто патот го бараат во Европа и во државите преку океаните, каде што своите вредности ги докажуваат и тоа многу ефективно. Дури доаѓаат и до таква местоположба во тие држави каде што се исклучиво високо ценети како граѓани, како стручњаци и од тој аспект гледано мислам дека од тој аспект треба повеќе да не загрижува. Така да сега на крајот би кажал уште нешто дека процентот оној што го слушнав тука, процентот на сиромаштијата кој што по некои анкети е направен тука и кој изнесува околу 28%, тоа е категорија на луѓе која што едвај сврзуваат крај со крај, од први допрви, односно се на работ на егзистенцијата. Мислам дека тоае она што нас колеги, да не загрижува. Некои кои се бори дакасне една корка сув леб, тешко ќе можете да му објасните иодноси со НР Кина и односи со Тајвасн и односи со Америка и

незнам со кои. Него го интересира да касне корка сув леб. Така да од тие аспекти гледано, мислам дека кога би бил сега опозиционер,би се поразмислил малку. Доколку се работи да кажеме, само за политички чин, па и за лични амбиции, да кажеме во политиката,во тој случај би гласал за. Меѓутоа, ако се гледа во овој договор од хуман аспект, односно оној другиот економски аспект, јас како опозиционер би гласал тој договор да биде донесен.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:**

Дами и господа, земајќи ја во предвид информацијата што до нас ја достави Владата на РМ во врска со признавањето на Тајван, односно на воспоставување на дипломатски односи, морам да кажам дека е тоа потег кој што заслужува разбирање и оправдување. Тоа е потег кој што е силен и енергичен, потег на Влада која знае што сака, а не само Владата, туку и ние, целиот народ, а посебно младите се соочуваат со проблемите кои со еден ваков потег ќе се стават на дневен ред еднаш за секогаш да почнат да се решаваат, како што не беше случај досега. Проблем број 1 кој малдите се соочуваат тоа е невработеноста и тоа е една од основните причини за чувството на бесперспективност. На младите дами и господа им е потребна работа. Таканаречениот одлив на мозоци сасмо е логичка последица на таквата ситуација. Тивок геноцид е надвиснат над нас како реален проблем. Знаете едно семејство дневно во просек ја напушта Македонија. Тука можеме да се потсетиме дека денеска во Македонија псотојат села во кој што живеат само постари луѓе, па се плашам ако продолжи овој ренд, што денес го има Македонија, кој што мораме да го стопираме, дека тоа може истото да ни се случи во цела Македонија, да останат само стари луѓе во цела држава. А вие знаете што значи сето тоа. Умирање на Македонија.

Втората условно кажано неможност, ако можам да ги рангирам неможностите, на модерното македонско општество, е алкохолизмот. Масновно раширен меѓу младите кои исто така е добар пријател на бесперспективноста. Уште полошо проституцијата, за кео што сите сме сведоци добива загрижувачки размери. Младите души заробеници во неможноста на сопствена реализација го осознаваат пеколот како сопствен рај. Најлошо наркоманијата. Според сите показатели во рамките на епидемија е сојузникот за многу единствен, за некако да се избега од сивилото на транзитирачкиот живот, како што некој го викаат во овој период од кога Македонија с еосамостои до денеска. Минатата власт дами и господа не стори опва ништо да гореши. Да го спречи или да го промени. Оваа Влада убеден сум дека не само со овој потег тргна кон тоа оваа економска ситуација, која постепено но сигурно се движи кон економска и политичка дестабилизација со нсогледиви последици дека конечно ја разреши.

Сигурен сум дека сето ова е добронамерно направено. Од проста желба да се излезе од бедата и сиромаштијата во која минатата власт на СДСМ со своето недомаќинско работење не доведе. За брзо отворање на нови перспективи не гледам решение освен ова кое што по својата храброст, решителност и самостојност е типично за младите полетни и енергични духови. Генерално, бројот на оние што си одат, за никогаш да не се вратат на зависниците и предавници на сите пороци ќе биде сигурен сум значително намален со ваквата нова политика, пред се политика на живот што со еден нормален развој ќе добие свој тек, соодветно образование, вра-ботување, ангажираност на младиот човек и тн.

За крај, слушајќи ги дискусиите на левата страна, останувам збунет и треба да си поставам неколку прашања.

Прво, од кога опозицијата главно СДСМ стана толку загрижена, патриотска, кога знаеме како реагираа, односно нереагираа во многу наврати досега, ќе го потенцирам само променувањето на државното знаме под притисок од надвор. Тоа се случи под притисок од надвор во истиот овој македонски парламент. Истото прашаше с поставувас и за името на РМ под кое сме примени во 00Н, нели сите знаеме дека станувaше збор за 2 месеци, па ќе излезат изгледа 2 века. После се, ако сте толку големи патриоти, ќе најдевте сили да се надминете и државниот грб да го ослободите од идеолошките состојби, пронаоѓајќи го во богатото наследство од земјини грбови што Македонија ди има. Окоу тие 3 симболи, име знаме и грб, кои се меѓу најбитните државни столбови, јас попорво би ги насочил своите патриотски определби, па ако сакате и би заплакал, отколку на овој договор што во себе ја има пторебната црта на патриотизам, односно ако ништо друго желбата во оваа држава и нејзините млади луѓе што живеат во неа добијат подобар, нормален, достоинствен живот. Понатаму, предлагам опозицијата да не ми раскажува приказни за достоинство, оние што за ситни кредити коленичеа пред многу финансиски институции. Знаеме дека за ситни кредити одеа делегации се молеа и потпишуваа разно разни отстапки. Одговорот ми се чини дека не е во патриотизмот и достоинството, туку во стравот. Пустиот страв дека нешто од овас што го имаме како најава од Владата, овие договори, овие напори што ги има ќе се остварат. Политичката иднина на опозицијата во тој случај во смисла на поддршка од електоратот ќе стреми и ќе биде еднаква, да не речам на нула приближно.

На крајот фаќав забелешки од повеќе пратеници, па ќе осрврнам само на неколку од нив, ми се чини дека имаат врскас со дискусијатаоколу Тајван, меѓутоа, ми се чини дека да употребиме збор од оваа говорница како што е ликвидација и диверзантски групи не доликува на пратеник на Собранието на РМ. Мене ми се постави уште едно прашаше денес многу интересно се зборуваше и тоа многу трагично во смисла дојде крај на светот, дојде нашито пат кон ЕУ загрозен, ќе се одалечиме и никогаш нема да се приближиме, никогаш нема да станеме дел од Европа. Јас како млад човек да ви кажам право, никогаш не сум се почувствувал близок на Европска жУнија. Во ниеден момент не сум се почувствувал дека сум дел од Европа.

Уште едно прашаше. Се зборува многу за поцијата на УНПРЕДЕП и за можностас на Кина како псотојана членка на Советот за безбедност да ни стави вето односно"леле мајко што ќе правиме УНПРЕДЕП си отиде". Треба да го поставиме следново прашање дами и господа.

Зошто во сите овие години на независност на Република Македонија не успеавме да создадеме армија, која што ќе може да ја брани оваа држава, па ако бидеме во ситуација УНПРЕДЕП да замине да .можеме да кажеме, добро, ние имаме армија која ќе ја брани оваа земја. Иако ние водиме неутрална, воглавном неофанзивна политика, не ни треба голема армија. Меѓутоа, дали требаше да распишуваме и да закажуваме или договараме договори 9 илјади и незнам колку денеска се оспоруваат, па за нив говориме дека се политички линг или незнам што од страна на тоа Министерство за одбрана да дојдеме до средства и оружје за една армија па да не кукаме дека некој друг не штити. Јас би сакал да имаме една нормална армија, да можеме да се пофалиме дека сме земја која што може самата да се заштити од било која непосредна опасност која се надвиснува над неа. А не сега, многу било битно Кина ќе ни стави вето за УНПРЕДЕП. Треба да се замислиме за таа работа.

И на крајот за книгите кои ги поседува СДСМ ми наводните 10 0 илјади потписи. Јас ќе говорам со сиот респект кој секој еден што ставил потпис во тие книги. затоа што секој граѓанин на РМ согласно Уставот и согласно своето

убедување има право да се потпишува каде што сака. Јас сакам да го потсетам СДСМ дека 1996 година, а денес гледаме се жалат нон стоп имаме закони под итsaa процедура, набрзина свикувани седници, се донесе закон кој исто така беше на трчање, кој што закон сакционираше дека било каква иницијатива за собирање на потписи, било каква иницијатива за спроведување на референдум, може да се проведе само во општина и при присуство на званично лице на општината. Така господа пратеници на опозицијата односно на СДСМ сами си направивте ова што го правите денес да биде невалидно.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, Меѓу оние пратеници коибараа итна седница да се закаже за оваа точка и тоа Владата да подготви информација, бев и јас. Јас на-вистина тоа го барав ако ништо друго да се каже што е направено во Тајпек, кои мегусебни обврскисе превземени, кои надежи имаат некоја основа, кои грижи на себе најавнале, нови, со кои нови проблеми се среќаваме, а што можеби сме и решиле.

Итна седница не беше свикана, ова беше ставено на дневен ред во нормален деловнички рок, но тоа е право на претседателот на Собранието да заклучикако ќе постапи. Меѓутоа, се даде право и време и можност на Владата да даде една аргументриана информација, да ги поразјасни работите, да ги расчисти отворените рпашања и во некоја рака овде да се соочиме со една ситуација која битно ќе се разликува од прашањата кои тогаш си ги поставувавме по првите вести што ги слушанавме до медиумите.

Јас внимателно ја читав информацијата, слушав, а го прочитав овде и уводното излагање на министерот Димиторв. Исто така ја ја слушав и расправата која азде се водеше. Расправата , морам да кажам ми остави еден тежок впечаток, еден впечаток кој зборува за тоа дека овде ние сме поделени и дека едни на други едноставно само си фрламе меѓусебна вина и се караме, се осудуваме, но нема обид да се направи напор да се ислуша и со внимание да се размисли околу наведе-ните аргумени од една или од друга страна. Ние овде можеме да толчиме по СДСМ уште 20 години можеме сешто да им викаме, но нема ниеден одговор на прашањата кои се врзани за оваа информација.Одговор на прашањата кои се овде во врска со информацијата и со овие состојби треба да даде одговор Владата .

Кога ги слушав сите што се колнеа веруваат и ја поддржуваат оваа мерка, овој чекор на Владата, никој не ја спомна информацијата. Сите тргнуваат од уверувањата, од тоа во што веруваат, што сакаат, што треба да се реши, колку на нас ни требаат пари, колку работни места. Тоа е така. На нас ни требаат пари. Сето тоа е така. Но, во информацијата нема одговор на ниедно од овие прашања. Во информацијата стои дека е потпишано заедничко соопштение, комунике, за тоа дека се воспоставени дипломатски односи меѓу нашата држава и Република Кина. Нема доволно објаснување, нема одговор, нема опис , а должна е Владата да го каже тоа, што е Република Кина, каква е нејзината државно-правна позиција во светот, што е таа сега , кој неја ја признава дека е држава, како стои нејзиното место во мегуанродниот поредок, во овој свет сега, а постои таков свет.

Република Кина е единствен случај која е исклучена од ОН, со посебна резолуција по предлог на Советот за безбедност и на нејзино место е примена Народна Република Кина. И со Резолуцијата на ОН така наречената Република Кина веќе не се споменува туку Тајван е признат како составен дел на територијата на Народна Рввублика Кина. Според тоа кога се зборува за повелбата на ОН таа не се однесува во овој случај на Тајван и таа нема право да црпи од принципите на повелбата на Он, бидејки е исфрлена од таму и дека ОН се најмеродавниот фактор во светот кој ја брани , ја штити и ја спроведува повелбата на ОН. Значи тоа е што сме со првото соопштение ние направиле. Сме потпишале дека за држава со која имаме сега редовни дипломатски односи ја сметаме провинцијата Тајван која ја сметаат така ОН, ја смета САД и тоа не само штоја сметаат така, туку имаат потпишано заедничко соопштение со Народна Република Кина дека Тајван е провинција на Народна Република Кина. Целиот отпор на САД е да се сочува системот на Тајван. Кина прифати два системи, Народна Република Кина, во една држава. Таа во 1992 година правеше обиди низ притисоци, пред малку енкој друг зборуваше за тоа, да ја присоедини таа територија и тогаш САД навистина се спротивставија. Системот треба да си остане таму. Во едно догледно време, кога ќе биде тоа ќе се види, ќе се решава тоа прашање.

Репулика Кина или Тајван е наслага од минатото. Тоа е остаток од коминтаншка Кина која за време на Втората светска војна беше единствена армиска сила, која беше самостојна, која беше во обединетите народи, антифашистичката и антимилитиралистичката коалиција.Она беше еден од основачите на ОН.

Во 1949 година со победата на комунистите на Кина и заземањето на целата територија на Кина освен на Тајвант.Таму се извлекоа силите на Чан Кај Шек .Отидоа таму , отиод во Тајван и постојано се со таа нивна декларација дека тиеќе извршат инвазија на копнотои пак ќе ја заземат Кина. Така им е и во Уставот напишано. И ние тоа го прифаќаме ,со ова потпишуваше. Според тоа станува збор , Ве молам, јас мислам дека треба да ги ставиме, ако е можно, треба да ги оставиме емоциите малку да ги посмириме и да видиме што правиме , што сме направиле и што ќе ни се случува.

Приврзаноста кон овој чекор и поздравувањето видов дека се заснова од прилика на две причини.

Прво еден дел мисли дека тоа ќе донесе големи пари и ние сега со тоа ќе скокнеме во развиен свет.

Вториот е дека СДСМ е против и штом е он против тоа, сигурно ние треба да бидеме за. Нема некој аргумент за таа работа.

Еве видете втор документ кој е потпишан овде (го покажува докуеменотот). Во првиот документ како што во информацијата стои нема никакви економски аранжмани, ниту нешто се спомнува. Сега ако човек има погрешна претстава, а Владата беше должна да ги подели тие два документи, да го подели заедничкото комунике овде и овде да ја достави таа специјална изјава.

Сега зборувам за ова второто прашање.

Потпишана е специјална изјава меѓу директорот на Агенцијата кај нас, г-динот Топурковски и министерот за надворешни работи. Овде се наведува дека имало нешто таму, ама не ја имаме изјавата за да видиме постојат ли обврски ли таму, или не постојат. Има декларација дека 30 милиони се за пддршка на програми и 15 милиони за развој на мали и средни претпријатија и техничка помош. Јас околу тоа сакам да кажам нешто.

Земјите што имаат дипломатскиодноси соТајван немаат развиени економски односи. Тие земји не се земји каде се дирекните инвестиции на Тајвант. тие се земји каде штовладее тесна олигархија и е можно да се поткупи државниот врв. Видете ги земјите па ќе видите. Вие можеби имате други информации, но информациите што јас ги имам се такви.

(Реагирање во салата).

Ве молам ова е државнопрашање. Ова не е прашаше на една или друга партија. Многу се лажете Вие што мислите дека вршите голема партиска мисија, ако направиме такви грешки што ќе ја заглавиме државата во иднина, или пак на некого ќе му овозможиме лично да се збогати, а нам да ни останат сите одиуми и сите тешкотии и сите казни после неи да ги носиме.

Во Летонија, единствената земја која воспостави дипломатски односи и која после ги прекина, ги прекина меѓу другото затоа што пари и помош за граѓаните, за стопанствотоне дојде. Дојдоа пари на сметките на влијателни минситри кои издејствувале да биде призната Република Кина од Летонија. Само тоа. Тие после се мавнати и е откажан договрот.

Системот на провизии е систем на работа на Тајван. Еве сега тие што ги заклучувале договорите самипризнаа дека они работат со провизија и имаат провизии. Колку што слушав и читав од печатот, г-динот Топурковски вели има провизија, ама тој ќе ај даде за болница илинезнам за што.

Третото прашање што треба Владата овде да гопрезентира и да ја информира јавноста, а пред се Собранието е прво да ги подели овие два документи, второ да каже кој се развил врз основа на воспоставување на дипломатски односи со Тајван и трето да каже кои луѓе земале провизија, а сега ќе ја поклонуваат. Кај кого е провизијата. Еден, двајца, тројца. Кои се тие луѓе. Треба да кажете кој земал провизија од таму, а знаете зошто. Може Вие и да ја поклонувате таа провизија, може и да не ја поклонувате, но оваа држава понатаму ќе постои со имиџ дека за врвни државни интереси, таму ќе се најдат луѓе со кои ќе преговарате врз основа на провизијата што ќе им ја дадете. Размислете аз сите тие работи. Јас сето тоа Ви го кажувам отворено. Ние можеме да си шпекулираме, можеме меѓусебе да се напаѓаме, можеме се да правиме, меѓутоа треба да ги отвориме работите тука. Ниту ми смета ВМРО-ДПМНЕ, ниту ДА ми смета, никоја партија не ми смета, ниту тие имаат лоша намера, мегутоа мислам дека сите сите се надвор од играта додека играта ја водат некои кои треба да ги наведете овде.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот Андов. (Г-динот Флоровски бара, реплика).

Не ќе може реплика. Никого не спомна посебно. Ако сакате дискусија можете да земете збор.

Г-динот Флоровски бара процедурално прашање, а јас не гледам што има тука процедурално.

Има збор г-динот Флоровски.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Темата е премногу озбилна за додатни импровизации.

Би го повикал г-динот Андов ако има сознание дека некој ставил нешто во џеб нека се каже јавно кој е тој дај да знаеме и ние. Доколку се вакви аранжманите треба да се разговара, сепак по сериозно.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Г-динот Стојан Андов бара реплика.

**СТОЈАН АВДОВ:**

Јас кажав како работи Тајван во другите земји, а овде јас ништо не измислувам. Читав во весниците во кои е наведена изјавата на г-динот Топурковски во три града и тоа во Штип, Кавадарци и во Битола. Дека провизија има, ама ваму ќе гради болница, ваму ќе гради сала... Не е моја работа јас да испитувам. Тоа е работа на Владата. Таа тоа треба да го испита.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има збор пратеникот Александар Пандев.

**АЛЕКСАНДАР ПАНДЕВ:**

Почитуван г-дин претседателе, дами и господа пратеници, претставници на Влада.

Со особено внимание ја ислушав информацијата на владата за меѓусебно признавање со Република Кина-Тајван и чувствував потреба да се произнесам по истото. Ова посебно од причина што во изминатите недела две бевме сведоци на многубројни проби контра аргументи по ова прашање кои што својата колминација ја доживејаа со образложението за економската оправданост на овој дипломатски чекор од една страна и со срце-парателното излагање на г-динот Глигоров и неуспешниот обид за референдум на неговата партија од друга страна. Причините кои ги тераат Глигорв и СДСМ за негативниот пристап по ова прашање не би ги коментирал во оваа прилика, иако ваквите ирационални реакции се на директна штета на РМ.

Договорот со Република Кина според мене е добра можнсот дека Македонија ќе го фати чекорот со економско развиените земји во Европа па и светот и на нашата земја ќе и обезбеди брз , економски и стопански развој, ќе и обезбеди стабилност исигурност, ќе и обезбеди виза за иднината. Оваа одлука на Владата значи решеност од татковината да направи пристоен дом за сите граѓани во вистинска смисла во зборот. обичниот граѓанин да почувствува дека има надеж во својата земја да има свој дом, да добие вработување преку кое ќе може да ги задоволи сите нормални човечки потреби односно да си купи храна и облека, да појде на летуваше или да купи компјутер, работи кои во останатиот дел од Европа се толку нормални, а кај нас речиси невозможни. Овој договор ќе ги спречи младите луѓе по завршеното образование да талкаат по Европа, Нов Зеланд и Австралија, затоа што животнито стандард во Македонија нема многу да се разликува од посочените земји. Благодетите од македонско тајванските односи до крајот на годината ќе ги осетат сите.

Се поставува прашањето од каде е црпена силата решителноста на Владата за вакви револуционерни потези. Одговороте во тесната сплотеност помеѓу нејзините членови и македонската нација и искрените намери да и се помогне на истата. Одговорот е во храбрите визии кои со макотрпна работа на сите нас и на наша среќа ќе станат стварност. Болката и трагедијата во минатото е штонемала вистински луѓе на вистински места. Конечно македонската нација ги научи грешките од минатото и направи правилен избор, избор кој ги донесе виситнските луѓе на вистински места. Македонија сега може да се пофали дека е на вистински колосек и дека го гледа светлото на крајот од тунелот,дека е змја која знае каде оди и што сака. Знае дека темнината што ја војуваше од позади неја и дека ја очекува светлина, радост иблагосостојба. Македонските граѓани на крајот и краиштата и го заслужуваат тоа. Заслужуваат повторно да ги видат заживеани и отворени фабричките хали и оџаци, запуштените пасишта и фарми, земјоделските ниви и овоштарници. За сето тоа господа опозициоиери потребни се пари кои што сега се наоѓаат на вашите приватни конта по странските банки.

Деновиве можевме да слушнеме со многу минимизирачки тон дека сепак и не се работело за една милијарда долари, туку само за неколку стотини милиони. Чудејки се со каква леснотија гокажувате тоа, неможам, а да не констатирам дека за Вас исто така биле само и 90-те милиони марки колку што сте го однеле здравственито дом во минус или 25-те милиони во МТВ , или 20-те милиони колку што е загубата на НИП "Нова Македонија" или проневерените 30-ет милиони со јавните набавки во МВР и да ненабројувам натаму.

**АЛЕКСАНДАР ПАНДЕВ**: (Продолжение)

На крај сакам да истакнам дека во целост ја поддржувам информацијата на Владата, а за оние кои што се против не можам а да не коснтатирам дека не сакаме и не сакаат да ја видат Македонија посреќна и побогата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Александар Пандев. Има збор пратеникот Данило Глигоровски.

**ДАНИЛО ГЛИГОРОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, во моето излагање би сакал да се задржам по повод признавањето на Република Тајван на еден стил на политичко делување во Република Македонија, за кое што сте сведоци веќе скоро 9 години.

Се сеќавате ли на изјавите дека ако дојде ВМРО на власт ќе има војна, во 1990 година. Се сеќавате ли на изјавите дека ако ВМРО ДПМНЕ дојде на власт ќе ја спои со Бугарија или ќе отвори војна со Албанците, во 1994 година. Се сеќавате ли на изјавите дека постои Виенски комитет од членови од ВМРО-ДПМНЕ и ДПА кои ќе ја разделеле Македонија на два дела. Едниот во Албанија ќе оди, другиот во Бугарија. Од оваа говорница членовите на ВМРО-ДПМНЕ и нејзиниот лидер беа карактеризирани како јавачи на апокалипса. Се сеќавате на тие работи нели?

Со таквиот стил на политичка дисквалификација на противникот СДСМ владееше 8 години. Што се случи за тие 8 години? Економска апокалипса во Република Македонија. 300 илјади невработени затворени или пдо стечај фабрики, шверц, дрога, криминал, ерозија и на индивидуалните и на општествените вредности. И конечно народот и пресуди на таквата власт и на таквото владеење.

На последните избори ВМРО-ДПМНЕ и Демократската алтернатива како коалиција за промени истакнуваа само еден принцип кој ќе биде главен принцип во следното делување на новата Влада. Тоа се решавање на

економските проблеми. Во светот на тоа и го гледам потегот за признавање на Република Кина односно Тајван. И што се случи после таквиот стил. Драматично кревање на тензијата во медиумите, акции за потпишување, собирање на потписи, петиции, пароли односно изјави дека готово е со Македонија, пропадна државата итн. Значи стилот да се прошири страв во народот од овој момент. ВМРО-ДПМНЕ , ДА и ДПА повторнс се применува. Притоа се истакнати неколку тези и јас би сакал на три од нив да се задржам.

Првата теза е дека со признавањето на Тајван е загрозена безбедноста на Република Македонија.

Втората теза е дека со признавањето на Тајван Македонија се одалечила од европските интеграциски процеси, а исто така и од европските интеграциски процеси и од безбедносните западноевропски системи.

Третата теза, која што после овие две се пласира е потценување на економските ефекти од признавањето на Тајван.

Ниту една од овие тези не е основана.

По однос на првата теза деак со признавањето на Тајван е загрозена безбедноста би ги истакнал следните аргументи кои што гдд, ворат против таа теза. Имено, во Република Македонија навистина се стационирани сили на УНПРЕДЕП и сили на НАТО и Македонија навистина е заинтересирана силите на УНАПРЕДЕП да останат. Затоа премиерот кога беше во Њујорк го поднесе барашето тие сили да останат. Тука постои можноста Кина да стави вето,меѓутоа од значајни западноевропски и американски дипломати јасна е пораката дека тие се заинтересирани нивното воено присуство во Македонија да продолжи на овој или на оној начин. Тоа несомнено имавме прилика деновиве да го видиме и затоа нивното присуство ќе продолжи.

По однос на втората теза дека со признавањето на Тајван Македонија се одалечува од европските интеграциски процеси би сакал да ги истакнам следниве противаргументи.

Прво, жалосно е таа теза да ја пласира политичка структура која што ја доведе земјата до потполна беда и заради коај што беда Македонија не влезе во агендата 2000. 2020 , 2030, а некој спомна 2050 година дека ќе биде.

Од друга страна пак изјавите на европските политичари воопшто не беа негативни по однос на тоа. Се задржаа на тоа дека тоа е ваше суверено право и вие можете да одлучувате. Всушност единствени жестоки критичари на оваа акција на Владата беа СДСМ и неговите политички пријатели и Милошевиќ, ако добро се сеќавате. Најважни принципи според кои една земја се оценува дали е способна да се приклучи кон унијата се нејзината економска развиеност и компатибилноста на општествено политичките и демократските процеси во таа земја со оние на Унијата. Македонија таа компатибилност по однос на економски план ја нема.

Слични се и аргументите кога станува збор за НАТО. Ако земјата не е доволно економски развиена за да си ги плати обврските за членување во НАТО таа нема шанси да стане член на НАТО. И парадално со претодно споменатите две тези кои што служат за зголемување на стравот кај граѓаните се пласира и третата теза - потценување на економските ефекти од признавањето на Тајван. Всушност мислам дека тука и лежат основните причини за жестокото реагирање на СДСМ. Станува збор за потполан свесност и страв дека ако новата власт направи потези кои ќе ја раздвижат и развијат економијата на земјата нивната политичка позиција уште повеќе ќе ослабне. Впрочем и последните потези во Министерството за внатрешни работи со борбата против шверцот недозвс лената трговија со дрога засилувањето на царинската контрола, откривањетона бивши функционери кои што во рамките или нешто надвор од рамките на своите надлежности трошеле пари од министерствата, потоа послед: ните потези во министерството аз здравство со овозможувањето за купување на лекови дури од приватните аптеки, потоа последните потези во Министерството за градежништво и урбанизам со динаминизирањето на акцијата за изградба на 16,5 илјади станови јасно говорат дека оваа власт оваа Влада поинаку работи од вашата власт и од вашата влада. И тоа граѓаните ќе имаат право, имаат право и сега да го оценуваат и ќе имаат право да го оценуваат аво следните, 4 години. И после 4 години кога ќе има, се надевам редовни избори лично како член на ВМРО-ДПМНЕ ќе се залагам нашата партија доста често да го експлоатира видео инсертот во кој што вие велите "Ако дојдеме ние на власт ќе ги прекинеме дипломатските односи со Тајван"и ќе инсистирам тоа постојано да се врти бидејќи ќе има народот можност да бира помеѓу економската беда што му ја донесе една политичка гарнитура и економскиот просперитет кој што го донесе другата политичка гарнитура.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Данило Глигоровски. Има збор пратеникот Горанчо Трајков.

**ГОРАНЧО ТРАЈКОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господо. Континуитетот на владеење на КПМ потоа на СКМ, потоа СКМ-ПДП и на крај СДСМ заврши со парламентарните избори 1998 година кога после 53 години на власт доаѓаат партии кои програмски многу се разликуваат од дотогашната власт.

Во периодот после 1990 година се продолжи со стремежот на владеачката партија за достигнување на максимата на комунизмот секој според можностите секому според потребите, што на одреден мал круг на луѓе им успеа, што значи без разлика на квалитетот луѓето сакаа фабрики и

за чудо ги добија. Посакаа станови и пак ги добија и се што посакаат се добија. Меѓутоа што се случи со граѓанинот. Тој остана заробен во стечајните соништа, во технолошките вишоци на работ на својата егзистенција барајќи го своето изгубено достоинство. Со доаѓашето на власт на коалицијата за промени граѓаните на РМ добија надеж дека конечно нема да си легнуваат и нема да стануваат со помислата - како да го проживеам следниот ден? Воспоставувањето на дипломатски односи со Тајван нуди можност за излегување на државата од економскиот и социјален колабс во кој најмногу не е виновен обичниот човек. Мене ми е посебно жал што дојде до заострување на односите со Народна Република Кина но искрено се надевам дека и Народна Република Кина ќе има разбирање за проблемите кои ги има оваа мала држава.

Јас во рамките на нашата програмска заложба ги посетив речиси сите населени места во мојата изборна единица и секаде се даваше целосна поддршка на Владата на г-динот Љубчо Георгиевски и начинот на кој се гледа излезот од оваа многу тешка економска криза.

Јас на крај би сакал да прочитам едно од повеќето писма што ги добив во текот на последните десетина дена со што би ја завршил мојата дискусија. Во писмото се вели: "Во врска со последните случаи во нашата земја и донесувашето на одлука на ЦО на СДСМ за собирање на потписи кои би довеле до паѓање на сегашната власт ние како граѓани на РМ од општина Виница остро се спротивставуваме на одлуката на СДСМ и даваме целосна поддршка на Владата на господинот Љубчо Георгиевски и бараме од претставниците на таканаречената опструктивна опозиција да и остави простор и време на Владата на РМ да ги реши сите проблеми во нашата земја за кои главен виновник е токму СДСМ. Ние сме уверени дека оваа власт иам сили има знаење како да ја извлече земјата од оваа катастрофална сиромаштија.

Група граѓани до оштина Виница"

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот Горанчо Трајков. Има збор господинот Илија Прангоски.

**ИЛИЈА ПРАНГОСКИ:**

Господине претседателе, почитувани дами и господа пратеници, почитувани претставници на Владата, господа новинари. Денеска во нашиот највисок законодавен дом се разгледува Информацијата на Владата на Република Македонија за воспоставување дипломатски односи меѓу Република Кина (Тајван) и нашата земја. Сакам да му честитам на целокупниот состав на Владата за покажаната храброст и мудрост при донесувањето на ова решение кое искрено се надевам дека ќе доведе до долгорочни позитивни промени пред се во економскиот живот на нашата држава.

Најнапред искрено сакам да и се заблагодарам на Народна Република Кина за досегашната соработка и големата поддршка што нашата држз.за ја имаше до сега од оваа голема нација во етаблирањето наззsо Република Македонија во меѓународната заедница. Ние сме подготвеши да прифатиме секакво мирољубиво и взаемно прифатливо решение за разрешување на меѓусебниот спор меѓу Република Кина (Тајван) и Народна Република Кина и нагласуваме дека решениетона нашата Влада за воспоставување целосни дипломатски односи со Тајван не е насочено против интересите на Народна Република Кина. Би сакале и се надевам и Народна Република Кина ќе покаже разбирање за положбата на Република Македонија и да и го признае правото своите потези пред се да ги влече во интерес на сопствените граѓани.

За разлика од емотивниот пристап кон ова прашање на пратениците од СДСМ, за кои очигледно за ова разумските елементи се од второстепено значење, но и од метоивниот и драматичен настап на претседателот на државата целата оваа работа околу Тајван е оквалификувана како обид за мал државен удар, ќе се обидам кон ова решение на нашата Влада да пристапам крајно рационално и одговорно.

Повикувањето на заштита на меѓународниот углед на Република Македонија од страна на политичарите кои очигледно малку направија тој углед сега да биде навистина голем како и јаловите настојувања на функционерите на СДСМ да ја анимираат јавноста пред некакви изнасилени акции на собирање потписи, собираа потписи и по болниците, за ваша информација, како и спротивставување на ова смело решение на македонската дипломатија за јавноста пред се да ги идентифицира и да ги прифати како божемни душегрижници или ни малку ни повеќе како заштитници на нацијата би сакал накратко да прокоментирам.

Без зла намера би бил најсреќен како граѓанин на Република Македонија ако Република Македонија сега се наогаше во предворјето на НАТО пактот и во агендата 2000 како потенцијален, иден член на Европската Унија. Во тој случај со право партијата која ја имаше целосната одговбрност за политичкото управување со земјата во минатиот повеќегодишен период ќе можеше да се огрдее со својата досегашна активност во надворешната политика и да се надева на улогата на заштитник на угледот на оваа држава. Вака нивните аргументи може да се оквалифи-куваат како шега која за среќа овој пат не може да ја преточат во уште едно неповолно решение во интерес на граѓаните на Република Македонија.

Господа пратеници веројатно сигурно ви е позната древната изрека дека пред фактите и боговите молчат, кои се фактите во сегашниот политички момент како доказ за големиот меѓународен углед на Република Македонија. Некој од претходните говорници, соговорници,колегите пратеници повеќе од тие факти спомнаа, јас ќе се обидам во кратки црти.

Би ве потсетил само на следното.

Приемот на Република Македонија во Организацијата на обединетите нации со таканареченото привремено име поранешна југословенска Република Македонија, која за жал наместо два месеци, колку што беше ветувано од највисоки инстанци дека ќе трае, еве сеуште на широко се применува. Приемот беше збогатен со уште еден куриозитет на неистакнувањето на македонското знаме пред седиштето на ОН. Договорот меѓу Скопје и Атина во кој не бевмеословени како држава туку како безимена страна, договор кој ја манифестираше и способноста и ефикасноста на тогашната македонска дипломатија која беше спремна на големи отстапки и постигнување во суштина на минормни ефекти. Дали тогашната способна дипломатија не ја загрижува фактот што до ден денес не ни е дефинирана нашата северна граница со СР Југославија и неа мора да ни ја чува УНПРЕДЕП.

**ИЛИЈА ПРАНГОВСКИ:** (Продолжение)

Дали не не загрижуваше фактот што сите договори за слободна трговија што беа склучувани од поранешната влада со владите на другите држави редовно завршуваа со неверојатен дефицит на наша штета. Дали досегашните корисници на дипломатски пасоши не знаеја низ какви танталови маки треба да помине еден наш обичен граѓанин со еден негздв обичен наш македонски пасош кога сакал, или кога морал да ги премине границите на нашата држава за да влезе во некоја побогата западноевропска или прекуокеанска држава. Каков ни е навистина нашиот меѓународен углед кога постојано во опсета ни доаѓаат само високи офицери на странски армии, министри за одбрана и функционери на НАТО пактот во контекст на кризните воени жаришта во соседството како потенцијална безбедносна опасност по нашата држава, додежа пак министрите за стопанство и трговија од богатите држави како и странските инвеститори се досега упорно избегнуваа како да сме болни од лепра. Тоа ли е големиот углед на Република Македонија во светот кој можат да го видат само челниците на најголемата опозициона партија и за жал никој друг.

Другата група фактори, односно факти се состои во катастрофалната состојба во економијата во Република Македонија. На Македонија не да и прети, туку таа и се наоѓа во економска катастрофа и пред економски колапс.Во 1992 година Република Македанија имаше 140.000 невработени, а имаше 530 иљјади вработени. После пет години во 1997 година вработените во Република Македонија се намалија на 340.000 иљјади односно останале без работа од порано вработените 190.000, односно сме имале однос 340.000 вработени на 330.000 невработени, однос кој што во 1998 година е останат ист и уште полош и односот вработен-невработен е 1:1. Но, во меѓувреме во Република Македонија има уште 186.000 нови невработени кои никогаш досега не оствариле работен однос. Некои за жал од нив влегле ви во зрело доба, а некои дури и остареле чекајќи ред за работа по осум, десет, до 12 години и сеуште се невработени. Од друга страна претпријатијата и комбинатите кои навистина финансиски добро работат, познато ви е дека можат на прсти да се избројат. Голем дел од другите секојдневно тонат во долгови, повеќето од нив се ликвидирани, или се во стечај. Младите во целосна безперспективност и оправдан револт, излегуваат во ситните саати во кафеаните и диско клубовите а се враќаат дома рано наутро, тогаш кога би требало нормално да појдат на работа. Царува и криминалот и корупцијата и митото и дрогата и проституцијата. Катастрофалните состојби во Република Македонија на економски план и ситуираноста на нашата држва во меѓународни рамки не ни дава можност за комотност и стерилност во надворешната политика, ниту за донесување на такви решенија за кои ќе добиваме општа поддршка и ништо повеќе. Ние мораме да најдеме сили и да го придвижиме напред колцето на економскиот развој, да се избори-ме за економски пресврт и за брз економски развој. Нашите граѓани на минатите избори гласаа за шансата, нештата пред се на економски план да тргнат на подобро, да тргнат на подобро веднаш. Ние не ни помислувавме нашите граѓани да ги лажеме и да им ветуваме подобар живот во некое неопределено идно време. Ние сакаме да отстапиме од практиката на невработените граѓани кои не знаат како да го протуркаат месецот и како да го исхранат сопственото семејство, да им подаруваме розови очила за да гледаат на животот како да е поубав од каков што навистина и да им ги полниме главите на невработените со лаги дека се помалку на број од што тие навистина се, а вработените да ги лажеме дека примаат многу повисоки примања од оние што навистина секој месец , а некои еднаш на повеќе месеци навистина ги добиваат. Ние преку активности на парламентарното мнозинство, прекусактивностите на сите министри во Владата и иницијативата на Агенцијата за обнова и развој сакаме да креираме максимални можности за успешна работа на сите стопански субјекти, да ги затвориме вентилите за бесправно истекување на сжррмните средства со кои располага државата во приватни џебови и пред се да ги подобриме условите на странските инвеститори и навистина да работиме на привлекување на странски капитал во нашата држава. Тука клучен чекор во привлекувањето ан големите инвстиции од страна на крупните бизнисмени е воспоставувањето на целосните дипломатски односи со Република Кина Тајван и не

помалку важните стопански договори меѓу нашата и Тајванската Влада и пред се меѓу нашите и Тајванските стопански субјекти кои ќе следат во непосредна иднина. Република Кина Тајван е сепак прва држава која покажа интерес воспоставувањето на дипломатскѓ односи да биде проследено со голема економска соработка меѓу нашите две суверени држави. Додека воспоставувашето на дипломатските односи меѓу Република Македонија и големите светски политички сили помина без поголем економски интерес на овие држави. Големата економска сила на Тајван нашите граѓани најнепосредно ќе ја почуствуваат како подобрување на општата економска состојба во нашата земја. Република Кина е подготвена со голема финансиска инекција да го помогне заздравување го на заболекато македонско стопанство. Конкретни инвестиции му се неопхода потребни на нашето стопанство кое е доведено во безизлезна состојба на тивко пропаѓање. Наместо да го истакнуваме фактот што оваа земја која е на пример најголем производител на компјутери во светот, значи технолошки е далеку посупериорна од нас, а која на нас смета како на стратеп ки партнер во Европа и е подготвена да инвестира неколку стотици милионк долари во нашата земја како и да ни пружи техничка помош, на пример компјутеризација на сите македонски училишта, ние априори треба да ја отфрлиме можноста за брз економски просперитет, но и можноста да научиме многу за тоа како всушност треба да работиме, а сето тоа само за да задоволиме некои лични фиксации за глобалната надворешна политика сакаме да креираме максимални можности за успешна работа на сите стопански субјекти, да ги затвориме вентилите за бесправно истекување на скромните средства со кои располага државата во приватни џебови и пред се да ги подобриме условите на странските инвеститори и навистина да работиме на привлекување на странски капитал во нашата држава. Тука клучен чекор во привлекувањето на големите инвстиции од страна на крупните бизнисмени е воспоставувањето на целосните дипломатски односи со Република Кина Тајван и не помалку важните стопански договори меѓу нашата и Тајванската Влада и пред се меѓу нашите и Тајванските стопански субјекти кои ќе следат во непосредна иднина. Република Кина Тајван е сепак прва држава која покажа интерес воспоставувањето на дипломатски односи да биде проследено со голема економска соработка меѓу нашите две суверени држави. Додека воспоставувањето на дипломатските односи меѓу Република Македонија и големите светски политички сили помина без поголем економски интерес на овие држави. Големата економска сила на Тајван нашите граѓани најнепосредно ќе ја почуствуваат како подобрување на општата економска состојба во нашата земја. Република Кина е подготвена со голема финансиска инекција да го помогне заздравување го на заболеното македонско стопанство. Конкретни инвестиции му се неопходно потребни на нашето стопанство кое е доведено во безизлезна состојба на тивко пропаѓање. Наместо да го истакнуваме фактот што оваа земја која е на пример најголем производител на компјутери во светот, значи технолошки е далеку посупериорна од нас, а која на нас смета како на стратешки партнер во Европа и е подготвена да инвестира неколку стотици милионк долари во нашата земја како и да ни пружи техничка помош, на пример компјутеризација на сите македонски училишта, ние априори треба да ја отфрлиме можноста за брз економски просперитет, но и можноста да научиме многу за тоа како всушност треба да работиме, а сето тоа само за да задоволиме некои лични фиксации за глобалната надворешна политика непримерени на големината и силата на нашата држава. Не може да држи тезата дека некој сака да ја пропадне државава само затоа што посакува и прави конкретни чекори во корист на нејзиниот економски прогрес и економската благосостојба на нејзините граѓани. Затоа уште еднаш ве молам, кон оваа одлука на Владата да пристапиме крајно рационално и совесно и да ја прифатиме информацијата на Владата со доверба дека Македонската Влада работи во интерес на сите граѓани на оваа држава. Од воинствени реторики за жал макеоднските граѓани нема да добијат ништо.

На крајот ќе завршам и со оваа реченица, во изминатите години грешевте и вие господо од СДСМ. Дозволете ни и нас сега да погрешиме Гласајте против, дозволете ни да погрешиме, меѓутоа бидете уверени дека нема да погрешиме и дека се работи за иднината на нашата држава и за иднината на нашите деца.

При доагањето на оваа седница еден мој многу добар пријател кој што води една извонредна фирма во Охрид кажа дека треба конечно и сакам да го цитирам "треба конечно да победи здравиот разум над политичката демагогија".

**РАДМИЛА ШЕКЕРИНСКА:**

Почитуван претседател, почитувани пратеници, неодамна имав прилика да се потсетам на некои изјави, или некои тези кои што се

познати во политиката а кои што се однесуваа на политичката ситуација во една од земјите во нашето соседство која теза, или која ситуација делумно наликува и на нашава. Според таа теза многу луѓе, многу политичари, многу политиколози велат дека во политиката е најлесно, најконфорно, наједноставно да се биде во опозиција. Исто така велат дека таа позиција е дотолку поедноставна и дотолку поконфорна и поудобна доколку од другата страна, од спротивната имате навистина позиција која што прави пропусти, која прави грешки, по можност и гафови и тогаш навистина добивате една отворена арена за дискусии и отворена арена дури и за печалење поени. Меѓутоа, за жал велат дека сево ова важи и секогаш е точно освен и тоа едно многу големо "освен" кога пред вас или од спротивната страна имате несериозна позиција и позиција со непостоечки концепт. Многу е ј асно кога концептот не постои, кога аргументацијата не постои, кога тезата не постои, дека е невозможно, речиси барем невозможно да и се спортивставите, немате контра аргументи бидејќи не сте го чуле ни аргуемнтот, немате контра теза, бидејќи не постои ни теза. Токму поради тоа не само што навистина е евидентно, маркантно колку и во информацијата и во излагањето постојат буквално црни точки, празни точка на кои што многу одговори се пропуштени, не постојат, туку и целата оваа дискусија денеска која што ја водиме а која наликува веќе мислам дури жалам да се повторувам со овие констатации, не е дискусија и тоа токму од ваша страна, од страната која што треба да ја брани божем информацијата и целава оваа програма и целиот овој проект, немаме во прилог ниту една теза. Има нормално причини, има нормално набродување н проблеми кое што и не е така тешка работа да се заврши. Впрочем мислам дека пратениците во Собранието не се личности од кои што граѓаните очекуваат да чујат листа на своите проблеми, список, и список на своите желби паралелно приложен со тоа. Дискусијата која што овде треба да се води или јас барем имав таква идеја е дискусија околу тоа кои се начините тоа да се промени и дали има шанси на ваков начин тоа да се промени. Меѓутоа, наместо тоа велам слушаме список на добри желби и слушаме нешто што можеби најмногу доминираше овде, говори за Социјалдемократскиот сојуз која треба да биде позицијата, каква треба да биде позицијата. Имавме конгрес можевте дури и во форма на гости да дојдете и да го кажете своето мислење. Навистина е депласирано веќе после два месеца од постоење на влада на победничката коалиција за промени да слушаме пак говори за СДСМ. Погледајте ги малку примерите и на овие европски земји кои што доживееа промени на власта да видите дали денес ка тема во некои од нивните весници,вака некоја дежурна тема е партијата која што ги изгуби изборите. Не. Сега се свртуваат сите онаму каде што е акцијата, во Владата, во парламентарното мнозинство и тн. Меѓутоа велам дека тоа е нешто што очигледно ќе го добиваме при секоја дискусија и при секое спротигаставување на друг колнцепт овде, ќе добиваме брдо на закани, закани за можни кривични пријави за оние кои што биле во некоја позиција, закани за оние кои што не биле дека ќе им се исфабрикувааат доколку тоа е потребно, меѓутоа, тоа е вака еден тренд, една мода во државата. Така што претпоставувам дека и ние пратениците од опозицијата генерално не очекувавме дека ќе бидеме амнестирани и покрај тоа што и амнестијата е релативно модерна работа.

Ке се обидам сега малку да кажам некои аргументи, некои работи кои што се по мене темни точки во Информацијата и во експозето, бидејќи велам има многу работи кои што се контрадикторни, кои што останаа неодговорени покрај тоа што многу пати се поставија. Јас ќе се доведам во ситуација и да се повторувам, се надевам дека ќе ми го дозволите тоа и покрај тоа што трпението не е карактеристика на овој Парламент, меѓутоа велам можеби по малку и конфузно ќе преминувам од една на друга работа заради тоа што голем дел од овие работи беа кажани, беа дискутирани. Ќе почнам со некои од тезите кои што имавме прилика да ги чуеме веднаш по обзнанувањето на одлуката за признавање на тетиторијата Тајван. Имено имавме една ПРЕСС конференција на министе рот аз надворешни работи која што делуваше така прилично смирувачки, дека нема потреба да се тревожиме, дека овој нов дил всушност претставува испорачување на се она што им било потребно на граѓаните на Република Македонија без никаков ризик. Дури кога беше соочен претпоставувам или со некое новонарско прашање, или вака со една теза која што ДОМИНИРА деновиве во медиумите, а тоа е дека Народна Република Кина навистина има методи, има механизми, има инструментги со кои што може да предизвика притисок врз Македонија и дека прекинувањето на дипломатските односи со најбројната земја во светот, член на Советот за безедност и тн. да не повторуван дека е сериозен проблем на една држава каква што е Република Македонија. Министерот така прилично лежерно спомена дека Владата и Министерството се надеваат дека Народна Република Кина нема да презема драстични чекори и дека ќе се ограничи на оној протест кој што следуваше веднаш по првата

информација. За жал се случи спротивното и незнам точно дали беше една недела, некој ден плус или минус, огромен демант на овие очекувања и надежи во стилот на позитивна енергија и на Министерството и на Владата. Нормално Кина ги прекина дипломатските односи. Сега се правиме како да и тоа не е така важно, меѓутоа тоа е можеби некоја дискусија која што треба да се прави после одреден број на години. Меѓутоа, знаете заплашува кога еднмо од клучните министерство Владата на Вашата земја а потоа и Владата ќе реафирмира едно водење на политика која што се базира на анализа нула. Анализа нула значи да се надевате, да не кажете ниту еден аргумент за, ниту еден аргумент против, да не кажете дека вашите надежи навистина добри надежи се варираат на ништо и тоа навистина е загрижувачки. Меѓутоа, уште позагрижувачки е кога ќе ја прочитате информацијата денеска дадена во која што стои дека Народна Република Кина се спротивставува на воспоставување на диплматски односи на странските земји со Тајван и ги прекинува дипломатските односи со земјите кои ги официјализираат своите односи со Република Кина, или врши соодветен притисок на државите. Значи ова не е нешто што требало да се анализира дури. Ова е нешто кое што на сите им беше јасно, им било јасно дури и на најодговорните луѓе дури и на оние кои што отидоа во Тајван. Меѓутоа, тоа не ги спречи да излезат и да не смират и да ни кажат: не се секирајте, не е тоа така. Двете варијанти се крајно лоши за државава, било да Министерството и Владата не се способни за анализа еден чекор понапред, било да се толку арогантни, навистина арогантни па денеска ова да го пишуваат, а пред недела дена друго да кажуваат. Понатаму врв мислам дека беше на тоа едно неполитичко општо безобразие тоа што сега ние се налутивме и се чудевме зошто Кина сега е груба спрема нас. Зошто така драстични чекори? Внимавајте ние прекршивме договор кој што сме го потпишале со таа земја, да не зборувам дека во неа сме имале сојузник кој што ни помогнала и во нашиот влез во организацијата на Обединетите Нации и тн. и сега се чудиме зошто Кина се однесува така како што се однесува. Понатаму, неколкун други моменти од извештајот. Ќе цитирам дека големите сили како што се САД, Русија, Англија, Франција, Германија, Јапонија, Индија и други значајни земји од меѓународната заедница немаат официјални ставови по прашањето на воспоставување на дипломатски односи на двете земји и се воздржуваат од коментари ртретирајќи го ова прашање како прашање на владите на двете земји. Не стои на пример дека и покрај таа цела добра волја и покрај тој позитивен однос спрема Тајван и спрема оние држави кои што се решиле да го признаат, дека ниту една од тие држави не сторила ништо во таа насока, ниту една не ни помислила да го признае Тајван и покрај тоа што одржуваат економски, социјални кутлурни врски и тн. што и ние би го прифатиле, бидејќи препоставуваме и сметаме дека е тоа добро решение и го признаваат само како кинеска провинција. Таква е изјавата на американскиот претседателе Бил Клинтон за време на'минатогодишната посета на Народна Република Кина во која што вели дека цитирам: Ние не ја поддржуваме независноста на Тајван, иЛи две Кини, или една Кина, еден Тајван.Ова се модалитетите за решава-ње на кинеското прашаше предложени од Тајван. Ние неверуваме дека Тајван треба да биде член на било која организација во која државноста е неопходен услов за членство. Значи јасен е ставот кој што го имаат овие големи сили и земји кои што сакаме да ги копираме. Меѓутоа, сега паралелно со оваа теза дека добро, тие се наклонети спрема Тајван бидејќи одржуваат различни врски. Се провлекува уште една теза, а тоа е дека не ни замерија, никој не ни замери тоа што го признавме Тајван. Имавме делегации во Америка, имавме посети во Франција, Италија и тн., никаде ништо вака драстично не ни беше забележано. Ме потсети на една духовита дефиниција на дипломат која што вели дека дипломат е оној човек кој што ќе ви каже да одите по ѓаволите, меѓутоа тоа ќе го каже така што вие дури ќе посакате што е можно побрзо таму да стигнете.

**РАДМИЛА ШЕКЕРИНСКА:** (продолжение)

Ако оваа духовита информација на дипломат која што според дури и оние кои имаат некакво искуство имаат било каква врска со реалноста, тогаш не очекувајте дека при било која посета и при било која средба по некој важен фактор и претставник на земја што дефинитивно има рејтинг и се грижи за тој рејтинг дека ќе добиете наредбодавателни изјави, изјави од типот срам да ви е што сте ја признале вратете го назад , нема да ја добиете таа изјава бидејќи сметаат дека и во Македонија постојат и дипломати и политичари кои имаат сенс за тие политички суптилности. И дека тие суптилни пораки и тие суптилни предупредувања некој ќе има да ги прими и да ги разбие.

Овде беше спомнато дека Стеј де партментот на прес конференцијата-зна која што било поставенопрашњето на Македонија и евентуалното кинеско вето на УНПРЕДЕП во Македонија изразил надеж и очекување дека една земја нема поради своите билатерални проблеми да ја доведе во прашаше Мисијата што има така значајно место во стабилноста на целиот регион.

И, тука има еден суптилитет. Стеј департментот се надева, меѓутоа не може д акаже дека тоа нема да се случи бидејќи тоа е институција на една друга држава и нема ништо со она како ќе се однесува и што ќе донесе како одлука Кина. Меѓутоа, не можеме да се правиме глуви и слепи, не можеме да заборавваме дека

нашиот проблем со влезот на 00Н и сите други по ред важни институции, беше предизвикан од проблемите во билатералата со една друга земја, Грција многу помала, со многу помало влијание, не е членка на Советот за безбедност. Но, сепак, тоа беше доволно да се загрози дури и стабилноста на регионот, бидејки сите велеа дека Македонија има големо влијан ие на стабилнсота на регионот. Тоа многу, многу не ги потресе ниту нашите колеги во Република Грција и некако целата работа е и мината.

Во самата Информација за воспоставувње на дипломатски односи, на крајот има дадено една збирка на информации за Тајван, веројатно да ни е полесно дека знаеме за која и каква држава сме признале бидејки до овој пат навистина имаше голем број дилеми дали е тоа Тајван, Тајланд или е Тајван. И, тука стои Република Кина, бидејќи тоа е името што се употребува во оваа Информација за Тајван, има воспоставено дипломатски односи со 28 земји од кои во 23 има отворено амбасади а членка е на 943 меѓународни организации. Во 130 земји има претставмиштва итн.

Што се однесува до земјите со кои Тајван има воспоставено односи, тоа е веќе декласирано. Слушнавте најгоелмиот дел требаше да ги баераме на карта. Меѓутоа интересно е да се види кои се тие оргнаизации во кои што членува. Тоа се организации од типот Меѓународен советодавен комитет за памук, Азиска органиазција за продуктивност Афро - Азиската органиазција за реконструкција на селото и тн. Значи, ова како поддршка и утеха за тоа која земја ја призна.

Интересно е во излагањето на минситерот Димиторов, имаш една цела теза што не можам а да не ја коментирам. Имено, министерот вели, на постоењето на Владата, овие 70-сетина, токму потврдија дека владата, пазете Владата, претпоставувам се мисли на сегашната, почна да го враќа тој имиџ во светот не само заради мирниот трансфер на власта и демокатскиот начин на кој беше обезбедена промената и извршени изборите, туку и заради фактот што се овозможи со една определенсот и подготвеност на Владата да се менува системот во позитивна насока, да се овозможуваат натамошни економски реформи, да се развива демократија, воведува владење на право итн и итн.

Мирниот трансфер на власта и демократскиот начин на кој што беше обезбедена промената и извршени изборите не беа дело на оваа Влада. Немојте да се китите со тоа перје. Тоа беше резултат на минатата Влада која што ги организираше.

Ако сметате дека натамошни економски реформи се реализираат се најавуваат или се овозможуваат со овој чин, слушнавме една анализа која што, јас не сум економист, не би сакала јас да ја оценувам, претпоставувам ќе бидам сфатена субјективно, меѓутоа не слушнавме ниту една контратеза. Ако развивањето на демократијата значи чистки низ администрацијата, ако тие чистки се прават спротивно на законите, спротивно на сите принципи што претходно беа проповедани,да се зборува за владеење на правото во моментот кога имаме и политички монтирани процеси што веќе стануваат сејдневна занимација, почитување на човекови права, освен можеби Законот за амнестија, ако го подведувате под ова итн, итн. мислам дека е по малку некоректно спрема нас како пратеници, бидејќи до толкусе уште се сеќаваме.

На крајот на овој дел од анализа на Информацијата и излагањето, мислам дека беше направен добар пресек на тоа губиме и што добиваме како Македонија и не би сакала да влегувам поединечно. Меѓутоа само ќе ги спомнам.

Беше споманот прашањето или проблемот на евентуалното недонесување на одлука УНПРЕДЕП да остане во Македонија. Тука сега слушнавме многу интересни тези дека можеби УНПРЕДЕП и не ни треба, заради тоа што го имаме НАТО. Зошто тогаш праќавме покани или бара-ње да се продолжи мандатот на УНПРЕДЕП. Да не зборувам тука дека ќе можат да бидат блокирани влезот и во Светската трговска органи-зација што беше спомнато, да не зборуваме за притисок врз можните инвеститори или можните наши економски партнери кои секако повеќе ќе бидат заинтересиорани за одржување на добри, пред се економски нормално односи со Кина отколку сл Македонија. Да не зборувам едека дефинитивно со овој чин треба да го заборавиме повикувањето на принципи што често пати сме го правеле, претпоставувам на сите нивоа, секој од нас во различни меѓународни институции. Сега веќе треба да бидеме начисто дека во секој момент нашиот конкурент или оној кој има спротивен став на нашиот може да го внесе факторот пари и во тој случај не верувам дека ке излеземе како победници.

Очигледно е дека тезите што беа пласирани за време на предизборната трка и после тоа, дури во експозето на премиерот, на сите настапи до сега на Владата , на претставници на Владата на РМ дека целта на оваа Влада и на оваа политка е битка за нови пазари, инвестиции, даночна политика, инвестиционен циклус, отворање итн, итн, дека не веруваат веќе во споствените сили, дека сето тоа не може да ги даде очекуваните резултати или барем не резулчтатите што ги најавуваат за време на изборите. Заради тоа сега се свртуваме кон втората опција. А, тоа е - дајте ни чудо. И, тоа чудо дефинитивно може да биде вака спакувано.

(дофрлаувања од страна на пртениците)

Сепак би го замолила потпретседателот да интеренира на начин на кој претседателот интервенираше кога некои други пратеници не дофрлуваа, туку разговараа, па сега (повторно

дофрлувања од страна на пратениците) видете, Вие навикнавте Вие многу да налагате. Сега, кога некој ќе ви се спротивстави, кога ќе каже дека има и некои други кои поинаку мислат, досадно ви е, меѓутоа вратата е отворена и сеуште можете да напуштите.

Една мала дигресија, дека авторот, иницијаторот на ова чудо што ни се ветува, директорот на Агенцијата за развој во интервјуто што се случи непосредно по враќањето на фамозната деалгација од Тајван, кажа една многу интересна работа, дека, доколку некој ја погледне Програмата на ДА, дека практично Тајван е напишано преку неа. Дека тоа Тајван се чита многу лесно од сите проекти, од сите ветувања итн. Ја читав, морам да признам за време на изборите, ја прочитав и откако тоа го чув. Мислев дека ете, нешто сум пропуштила. Меѓутоа, таму не се гледа ниту "Т" од Тајван, а од промени исто така.

Ако признавањето на Тајван, според зборовите денеска на актуелната позиција, претставниците на Влада е добар чин, ако немаме ништо од што треба да се срамиме, ако нема ниту еден аргумент против, ако нема ниту една скриена рачка, како штос ега се обидува да се жприкаже целава оваа теза, тогаш не знам зошто и ДА и Коалицијата за промени и луѓето кои излегуваа по медиуми за време на предизбор-ната трка имаа проблем со тоа д аизлезат и да кажат луѓе ние ветува! нешто реално. Ќе го признаеме Тајван и ќе дојдат парите. Тука нема дилеми. Имаше голем број на дискусии околу тоа дали фамозната милијарда е реална или не, колку се всушност тие пари, од каде ќе дојдат итн.

Велот на мистеријата, велот на тајната остана до крајот. Дали заради некој театарски ефект, не знам. Меѓутоа, многу сомнеш венсува тоа што сета работа, дури и за време на избрите и покрај најавената транспарентност во работењето, беше скриена. Да не зборувам као се одвивале преговорите, да не збарувам за сценаријата, за пречек, дочек, испраќање на делгациите итн, итн. Дали причината беа приказните за провизии што, секогаш кога ќе ги слушнеме се во различна форма, во прва фаза беа дека не постојат провизии бидејќи Тајван не е таква земја и не дава провизија. После тоа слушнавме дека имало, само дека ќе се дадат за едно, имам тука на кои различни места претседатеалот на оваа Агенција за што ги ветил или ги најавил парите од провизијата итн.

Овде уште беше спомнато нешто што беше слушнато на истово ова интервју, а тоа е дали ваквото прифаќање и ваквиот договор значи дека Македонија се откажува од Европска иднина? Морам да кажам дека јас тоа така го сфатив, изјавата штго ја даде еден од литерите на Коалицијата. Според неговите зборови Европската Унија е нешто што, на што Македонија може да се надева на вистина во далечна далечна иднина. Таквата иднина не не задоволува. Сакаме ние чудо за три дена. Од три дена, за три дена, веќе не знам, и дека токму поради тоа се решаваме за еден ваков драматичен дисконтинуитет и драматичен пресврт. Меѓутоа за тоа да не зборуваме денеска. Да ни биде јасно дека Коалицијата за промени сфатила дека целите што ги зацртала претходно и ги ветуваше за време на предизборната кампања навистина се тешки цели. Влезот во ЕУ не е нешто што можете да го завршите за 100 дена, како штоннајавуваше премиерот. Сега можеби тој рок ке ни се пролонгира бидејќи згреши премиерот и во имињата на некои важни личности и во нивните функции, меѓутоа тоа е друга дискусија.

Завршувајќи го овој дел што губиме, имаше уште некои момент што не ги спомнав, да видам што, си реков стварно, ајде да тргнеме со позитивна енергија, да видиме што можеме да добиеме од потпишувањето на еден вако договор.

Ја читавме Информацијата, го слушавме министерот, па ништо всушност не е јасно. Не е јасно заради тоа што Информацијата има голем број податоци за Тајван, но нема многу податоци за тоа која ќе биде таа економска корист што овде сите ја влечат како клучен адут. Се зборува дека ќе ни ги реши сите проблеми, дека граѓаните во Македонија заслужуваат и очекуваат достоинствен живот, со што апсолутн се согласувам, меѓутоа навистина не знам кои се гаранциите дека тоа ќе се случи.

Во Информацијата се предвидени и стојан напишано инвестиции од повеке стотици милиони долари. Ова, навистина да не е несериозно ќе биде многу смешно, како да работиме со 10 денари, 20 денари, па кажуваме неколку десетици денари. Ние работиме со стотици милиони долари, меѓутоа многу сме галантни, изгледа многу би имале. Понатаму, 30 милиони за проекти и 15 милиони за мали и средни претпријатија. Не се зборува ваш за инвестициите директни, што се најавуваат, не се зборува за тоа како овие пари кои и не се толку многу за да ги решат сите проблеми, како што овде се бара, немаме.

Исто така немаме договор на прашањето зошто не се слушаат точни бројки. Зошто не се покажвуаат конкретни договори? Овде веќе некој побара доверба од опозицијата, се согласувам дека секоја Влада во првите 100 денови посебно, на почетокот на својот мандат заслужува доверба, елемнетарна, базична, дури и од опозицијата.

Меѓутоа, морам со жалење да констатирам дека се плашам дека и ветувањеата за овие многу, многу стотици милиони долари ќе завршат како што беа и ветувањата во врска со она што претходно го спомнав, департизација на државата,,професионална администрација, отвореност на медиуми. После, што ни се случи комплетно вметнување на политич-ките партии во администрацијата, конплетно вметнување, влегување на политичките партии во јавните информативни сервиси. Денеска слушаме дека конкурсите важат само ако дадете и пристапница

заедно со биорграфијата итн. Тајванската цела оваа епизода во еден весник беше наречена "непристоен предлог". Јас тука се согласувам многу. Предлогот беше непристоен, априфаќањето скандалозно. Тука тие зборови не може да се избришат. Меѓутоа, оние кои го гледале истоимениот филм знаат дека ваквиот предлог, што најчесто е многу промамлив, во нашиов случај понудата е навистина примамлива, а уште повеќе примамлива заради тоа што сумата со која се барата е секогаш непозната. Секој може да си ја одреди сумата што ја посакува. И нормално, ептен е приманлива понудата, на сите им е примамлива и сите се задоволни.

Меѓутоа, секогаш тој кој ја прифаќа оваа понуда, овој предло: го има односно ја има истата логика, а тоа е што ќе ми е честа и принципите кога ништо не сум видел од нив кога ми требаат пари и тоа веднаш. Меѓутоа, најважно е дека вистинската цена за ваквиот предлог, непристоен а прифатен, се испорачува отпосле, кога веќе е доцна и за каење и за промена на таа одлука.

Беше повалена Одлуката на Владата како смел потез што ми ја врати самостојноста. Не знам што е понеточно, дали дека е смел потезот или дека оди на лшшја на самостојност?

Потезот ке беше смел, се согласувам, доколку имате визија а не хипноза како што вчера беше така добро извадена таа теза, за можен успех, за можните последици, за потребните аргументи. И, во тој случај, евентуално да покажете подготвеност, да ги прифатите така образложените и анализирани ризици.

Потегот ќе беше исто така и смел ако личноста, ако тројката ако делегацијата,акокоалицијата тргуваше или се коцкаше со нешто сопствено.Гледаме дека ќарот, очигледно, можеби ке биде приватен, меѓутоа вака е лесно да бидете смел кога влогот што го имате е Македонија и тоа што таа го има, тој рејтинг што го има, таа економска состојба што ја има итн., а за кои што очигледно овие личности многу и не се секираат.

Да не зборувам за тоа колку е чудна, смешна тезата дека вака ќе покажеме дека можеме самостојни да успееме. Која самостојност? Чекате пари што една држава ќе ви ги даде заради тоа што сте ја признале? Ако е тоа самостојност, јас не знам до сега какви сме биле, ултрасамостој ни.

Сега овде беа неколку јаки удари врз опозицијата, бидејќи нели, таа е крива за се што и во моментов ни се случува во државава. Една е теза дека опозицијата се буни и не го прифаќа овој предлог заради тоа што чувствува дека, доколку се случи ова што се најавува, дека ќе го изгуби просторот за свое дејствување, дека граганите ќе бидат толку задоволни што нема да почувствуваат потреба да ја променат партијата или партиите на власт. Мислам да бидеме, на сите ни е јасно ова ќе помине. Ниту ќе се потресете,ниту ќе ја-промените одлуката, ниту нешто ќе се случи драматично во ова Собрание. Во ова Собрание ние можеме да кажеме што мислиме, ќе бидеме одговорни за тоа што ќе го кажеме, меѓутоа тоа е тоа. Така што доколку нешто може да се случи, ние нема да го спречиме, бидејќи не сме во таква позиција.

Се правеа овде економски анализи, претежно за она што е потребно на Република Македонија. Многу работи и се потребни. Се вели дека на ваквиот потег му претходеа економски анализи што ги работеле професионалци, професионални тимови кои заслужиле доверба и имаат знаења. Единствен проблем по оваа теза доклку е точна, е дека тие тимови, не ги видовме, не ги чувме, а тие анализи неги ни прочитавме . Едноставно ги нема. И, можеби ќе повторам уште еднаш, тоа заради тоа што е фрапантно како може толкав список на желби да биде придружен со никаква теза, со никаков конкреден податок и никаква анализа, освен овие потадоци што ги споманвте.

Кога нема анализа се вели дека има добри намери позицијата, верувам во тоа, меѓутоа знаете кон што е пеколот, поплочен со добри намери, тоа не треба да се повторува. Новата власт, велат, дека се престројува таму каде што има интерес, овде цитирам една од изјавите претходно дадена, и каде што се наоѓаат модредните држави и трендови.

Навистина, можам, горедолу, да го видам интересот, дали е провизијата, дали се неколкуте стотици милиони долари, не знам, меѓутоа да ми кажете една модерна држава што го прифатила овој тренд, ќе ви бидам благодарна, бидејки го слушнавме друштвото во кое се наоѓаме, а знаме дека тоа не се ниту модерни држави, ниту држави сомодерни трендови.

Се зборува дека СДС или опозицијата постојано го плашела народот и во предизборниот период и во претходниот период и покрај тоа што тука се прави класичната збрка 8 години владеење на СДСМ. Се извинувам, ако мислите дека министерот сегашен за одбрана бил член на СДСМ во периодот 1990-1992 година кога беше премиер, претпоставувам дека денеска немаше да биде министер или имате некој праблем со вашето членство. Меѓутоа, се вели дека СДС велел дека ВМРО ДПМНЕ ќе не спои со Бугарија итн., тези што често ги слушаме и овде и тоа не е точно. Во моментов. Меѓутоа точно е дека во Македонија, откако ВМРО ДПМНЕ е на власт се случи да не ни треба превод на официјална средба, на која што присуствуваат официјални личности и од оваа држава, односно и од оваа Влада.

Се вели дека сме зборувале дека ДПМНЕ и ДПА ќе направат коалиција. Да, зборувавме. Јас лично тоа го кажував и тоа се случи и покрај тоа што тогаш ДПМНЕ тврдеше дека нема тоа да биде така и дека тоа се небулози што ги сее актуелната, тогаш, власт.

Многу беше интересен обидот да се релативизира или да бидам поконкретна да се минимизира, да се анулира угледот што оваа држава го има во

светот со тезата дека, бидејќи вака и вака го немаме угледот нема зошто да ја плаќаме цената на таков непостоечки углед.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Знаете што, ако оваа држава нема углед и ако вие сте сега одговорни за оваа држава веќе не палат тезите, вие сте виновни заради изгубениот углед. Угледот, како што се губи, така се печали. Можеби потешко, меѓутоа, тој се печали. Кога се препорачувавте да бидете на позиција на власт не велевте дека тогаш ќе го оставите угледот на страна велевте дека ќе го повратите угледот на државата, што мислам дека е во ред. Меѓутоа, факт е дека угледот на оваа држа-ва, па еве дури да бил слаб, да бил минимален, како што вие велите дека е уште помал откако на пример ни ја смениија ознаката, па сега имаме ознака која прилега на територија Тајван со префиксот "X". Мислам дека предалеку се оди во сите овие обиди за аргументација кои не се всушност аргументација, бидејќи дефинитивно од владеачката коалиција слушаме дека Република Македонија нема углед и не треба да се споредува со земји кои се важни, кои се фактори. Во ниеден момент никој не ја споредува Македонија ни со САД ниту со некоја член-ка на Европската Унија, меѓутоа, ќе ми дозволите дека навистина не мислам ни денеска ниту пак сум мислела дека живеам во држава која може да се споредува со Свазиленд и Тонга. Убедете ме дека не сум во право.

На крајот еве, затоа што гледам дека нервозата расте, севраќам на прашањето дали треба да и веруваме на Владата во овој список на остварени желби кои ни ги испорачува. Дали треба да веруваме тоа е прашање кое им го поставуваме денеска на граѓаните, претпоставувам секој од свој аспект, дали треба да и веруваме на, според мене, масовната хипноза од една страна или според вас на опозицијата која анблок секогаш треба да се отфрла и да не и се верува, според тоа што вие велите.

Меѓутоа, знаете и довербата и сомнежот, има една изјава дека се подеднакво исти решенија на еден проблем, а тоа е како да не мислиме и секогаш таа доверба која експлицитно се изразува и која не е поткрепена со ништо мене ми наликува на тоа. Ајде обид сите да не размислуваме, ајде обид сите никој да не се сеќава за тоа што било претходно ниту пак некој да размислува што ќе биде понатаму. Можеби во мене ќе имаше позитивен сомнеж, еве можеби ќе испадне онака како што вели Владата и можеби заради тоа заслужува да и се даде доверба. Меѓутоа, ако се случеше, ако се случи после тоа да не се остварат овие очекувања и овие надевања, претпоставувам дека картата на која ќе се играше ќе беше дека ете тоа се случило од незнаење, сме пробале, бидејќи не сме имале анализи, сме го пробале тоа така буквално како коцка. Меѓутоа, надевајќи се притоа дека тоа незнаење ќе го амнестира гревот. Тоа можеби би било така да не постои еден факт кој беше спомант неколку пати, а тоа е дека имаме примери на држави кои оделе по овој пат кој ние сега го избираме, голем број држави на кои не им се сеќаваме на името, меѓутоа, се сеќаваме и знаеме едно, а тоа е дека не напредналe во сиве овие години, а тоа е непрофитирале како што мислеле дека ќе профитираат од овој пазар често за пари кои не ги добиле ветените пари или не знаеле да ги искористат или не можеле да ги искористат, бидејќи едноставно не се дел од системот кој функционира и покажуваат дека ваквиот радикален чекор не донел ни мед ни млеко, останале таму каде што се, а тоа се во сивата зона на светот. Токму прради тоа ќе ми дозволите и мене и на овие пратеници кои претходно искажаа вакво размислување со жалење да констатираме, бидејќи сепак сме граѓани на оваа држава, живееме тука и немаме шанси тоа да го промениме за разлика од некои овде кои имаат семејства надвор од земјата, па кои во краен случај можат да си оти-дат кај нив, затоа ќе ни дозволите со жалење да изразиме дека сме загрижени и дека сме песимисти по ова, а потоа ќе видиме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

И благодарам на госпоѓица Шеќеринска.

Дали господинот Амди Бајрам си го бара зборот?

Повелете.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани дами и господа пратеници. Денеска на дневен ред имаме прва точка Информација на воспоставување на дипломатски односи меѓу Република Македонија и Република Кина Тајван. Многу ме загрижува ова што сакам да се изразам со мојот говор, имаме претседател на државата кој не го почитувавме, тоа е господинот Киро Глигоров кој сакаше да ни се обрати во правиот момент во овој законодавен дом пред сите 120 пратеници кои сме тука избрани од сите граѓани, не носиме толку гласови колку што ги има претседателот на државата. Има илјади 700 до 800 избирачи кои го дале својот глас без разлика од која националност, без разлика од која партија гласале за претседателот на државата Киро Глигоров и со тоа мислам дека не сме поголеми од претседателот на државата кој ја претставува оваа држава, да го омаловажиме пред меѓународната јавност, пред целиот свет, да не му дадеме на еден претседател прилика да се обрати до нас пратениците во Собранието за да видиме што се случува во државата. Паметам тоа беше точно на денот кога имавме седница, кога стана бившиот премиер на бившата Влада Бранко Црвенковски, се сеќавам кога го донесоа писмото, ја видов телеграмата кога ја донесоа тука, таа беше пратена од господинот Киро Глигоров и кој бараше обраќање до сите пратеници на овој законодавен дом.

Драги граѓани на Република Македонија, се обраќам до сите граѓани на Република Македонија. Зошто? И јас сум исто избран од

граѓани кои го дале гласот за претседателот на државата, ние ромите сме гласале 98,7% од сите граѓани (реакција од страна на пратениците) смејте се, можете да се насмеете, но има 50 и неколку илјади роми од кои 98,7% гласале за претседателот на државата. Има некој тука кој не дал ни 3% гласови за претседателот на државата, се знае кој што како, можете да се насмеете, можете да правите се и сешто, но сепак треба да се респектира, се знае кој е таткото во куќата, се знае кој е претседател на државата затоа што спрема сите меѓународни права во државата кои ги поседуваме надвор од нашата држава, треба да имаме углед без разлика што е, како е, целата работа. Опозиција, јас кажав и минатиот пат без разлика ако претседателот не е од една партија или од друга, нормално треба сега да биде самостоен сеуште е претседател, треба да го почитуваме додека му е време како претседател и нормално кога ќе се избере друг претседател и тој претседател треба да го почитуваме, без разлика од која партија ќе биде, дали ќе биде од ВМРО, дали ќе биде од ПДП, дали ќе биде од Сојузот на ромите, дали ќе биде од други партии, без разлика од која партија сепак треба да се почитува претседателот на државата и треба да му ги дадеме неговите права во овој законодавен дом кога ќе сака да се обрати на овие граѓани и на сите пратеници би треало да го сослушаме.

Сите знаеме како се обрати претседателот на државата, имаше голема возбуденост меѓу сите граѓани на Република Македонија, жалосно е еден претседател на една држава да заплаче што создавал седум-осум години, некој што создавал дом и тој дом сега да го фрламе преку прозор и да ги кршиме прозорите. Лесно е да ги фрламе овие столици сега преку прозор, тешко е да ги внесеме. Гледате Парламентот на Републиката се гради, требаше да стартува на 15, но не 15-ти туку и три месеци нема да се направи оти тешко се гради, а многу лесно се расипува.

Не ми е работата околу критика, не сакам никого да критикувам, мислам дека сите граѓани оти тие се определија за промени, го поздравувам како промени, но сватете дека треба да го почитуваме нашиот претседатле на државата, треба да имаме респект кон претседателот на државата. Зошто? Јас сум сигурен дека сите не мислите така, не сакам да се навраќам на она што го реков пред малку, но ќе се осврнам на дискусијата која е на дневен ред околу Информацијата за Тајван.

Видете, разни работи се случуваат, разни надмидрувања нормално е разни партии сме. Опозиција, власт, ќе се изгласа вие сте во мнозинство, вие сте 73, ви треба 61, но треба да респектирате дека и оваа страна треба да се сослуша без разлика на тоа што оваа стра-на до сега ја водеше власта сега ја водите вие, останете со добро, со почит ако мислиме дека е нешто подобро да го изгласаме, да ве поддржиме.

Околу Тајван видовте што се работи, не се сомневам дека нема да биде нешто, можеби ќе биде, тоа е мачка во затворена вреќа, тоа може да биде, не се сомневам дека ќе биде друго. Зошто? Го почитувам миниетерот за надворешни работи, но ова излагање на министерот е негово, а каде е Спогодбата. Од сега од овој момент барам да се прекине оваа седница, а во понеделник да ни се даде, односно да ни се достави Спогодбата до сите пратеници да видиме каква е Спогодбата меѓу Република Македонија и Република Кина Тајван, да ја прочитам, па ако е нешто добро и јас ќе гласам за тоа. Зошто да не гласам ако е добро.

Гледам дека сите пратеници не се присутни, нема 61 пратеник, предлагам да се изброиме колку има присутни, заради тоа што многу пратеници не се од Скопје, а поради временските услови, предлагам да се прекине седницата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Амди Бајрам.

Одиме понатаму.

Има збор господинот Златко Стојменов.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Господине претседателе, дами и господа...

**САВО КЛИМВОСКИ:**

Ќе ги молам пратениците кои се во бифето, таму се повеќе отколку се овде, па нека дојдат и така не следат, ве молам повикајте ги да влезат во салата.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

За да поминам на темата која е денеска на дневен ред, а во врска со она што се случуваше во изминатиот период од дипломатското признавање на Република Кина - Тајван, морам да кажам дека оваа опозиција јавно се произнесе уште на почетокот при формирањето на овој Парламент за конструктивност во делувањето, меѓутоа, овие први 10 0 дена сигурно не беше така правејќи постојани опструкции кон позицијата, најчесто непринципиелни и од политикантски побуди.

Тие не ветија со тоа што ќе се конструктивна опозиција дека ќе се лојална опозиција како што се европските норми и што ве-ти опозицијата во Германија Демохристијанската партија на Хелмут Кол што подразбира лојалност кон интересите на својот народ, односно лојалност и самодисиплина за интересите и позитивните процеси во својата земја, но и обврзувањето кон ваква конструктивност подразбира голема одговорност кон политичкиот амбиент, судбината и состојбите во државата во секој случај исклучува политички нихализам и опортуност за скоро сите чекори на позицијата и нејзината Влада.

Во секој случај барањето на излези со диплоамтски и политички иницијативи и со потези кои бараат потез од безнадежната еко-номска и социјална положба со конкретни потези и иницијативи е очигледно нов стил, стил на се повеќе храброст во надворежната политика и

желба за судбината на овој народ да се преземе одговорноста и иницијативноста.

Не треба да се споменува колку трагедии и промашувања има доживеано овој народ во историјата чекајќи на одлуките на другите, на големите сили, не преземајќи ја судбината во свои раце на тој начин и е распарчано телото на Македонија на почетокот на овој век. Меѓутоа, овие обиди на Владата за изнаоѓање на еден од излезите од економските проблеми беше дочекан од опозицијата со многу политичка помпа и непотребен сензационалистички стил на проблемот. Луѓето кои влечеа потези за промена на името, за знамето и другите познати скандалозни делови на нивната надворешна политика како што се изјавите на еден министер за надворешни работи кој не можеше да ја смисли Македонија без СФРЈ и слично, наеднаш конечно го најдоа скандалот во македонската надворешна политика. Тука не може, а да не се спомне придонесот на обраќањето на претседателот на нацијата кој очигледно координираше со самата опозиција. Човекот кој треба да биде и е подеднакво претседател на сите граѓани, на сите опции буквално татко на нацијата, човекот кој во минатото влечел низа дипломатски потези од кои некои биле мудри и добри, други можеби задоцнети или не, некои можеби биле и погрешни што е и човечки, се стави во тие моменти во дневно-политичката употреба на позицијата како впрочем што се случуваше и во изборната кампања. Примери беа неговите посети на градот Штип, дефилирање со идните кандидати на СДСМ како гостин на подружницат на Стопанската комора на градот каде што се промовираа идните каникдати на СДСМ во текот на кампањата.

Исто така овде не можам, а да не замерам на изјавата од говорот од типот парламентарното мнозинство одлучило погрешно да не го стави на дневен ред прашањето за разгледување на дипломатското признавање на Тајван. Морам да потсетам дека во правилата на играта на парламентарната демократија одлуката на парламентарното мнозинство е валдина, важечка, како и обврзувачка за почитување и респект без разлика дали некому му се допаѓа или не, па нека е тој и првиот меѓу еднаквите граѓани пред законот на оваа држава. Притоа не смее да се заборави дека и тој самиот првиот пат беше избран од парламентарно мнозинство во Парламентот дали значи таквата негова изјава и толкување дека е можно и тогаш парламентарното мнозинство погрешило.

Исто така, изјавите од типот далеку од разумот, неразумен чин, спремност изјава, спремност лесно да се дига рака при поддршка на раката навистина беа сензационализам и излегуваа од рамките на коректната кохабитација.

Морам да кажам дека во настапите имаше идеолошки премиси како луѓето кои се одметнале од Народноослободителната војна на Кина, но се заборава дека тоа се луѓето кои се спротивставија и се спасија од Културната Револуција на МАО, се спасија од маоизмот од едноумието, од тоталитаризмот и беа дел од таканаречениот слободен свет за кој толку силно се декларираа сите овие критичари на овој чин.

Ние со претседателот сме од ист град и потекнуваме од него кој е во многу тешки моменти и во тешка состојба, град во пропаст, град на пропадната "Македонка", "Селена", "Црвена Звезда" и сите стопански субјекти, град на последно место по стопанските показатели на прво место по невработеност и можеби за ваквата состојба која е можеби една од најтешките во историјата на тој град, можеби би требало во овој случај да се леат солзи.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:** (продолжение)

На крајот сакам да изразам пријателски намери и чувства за народот на најбројната нација на светот Кина, чувства за голем респект, почит и добри намери, но една мала земја мора да бара патишта за свое место под сонцето, да се бори за својата егзистенција со најдобри намери и желби. А односите и борбите меѓу овие два субјекти, треба да се работа на нив самите, на субјектите. Затоа, бараме вистинска конструктивност и атмосфера за работа, и за борба со проблемите, вистинска искрена борба на мислења и аргументи без политиканство и опортунизам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Збор има пратеникот Тито Петковски.

Се откажува од дискусија.

Дали можеме да привршиме со расправата бидејќи за дискусија се пријавени уште двајца пратеници.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:** (од место)

Деловнички барам збор.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Деловнички? Јас не знам што е деловнички, но повелете

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Би замолил, во името на Пратеничката група на СДСМ, а се надевам и поголемиот дел на другите пратенички групи, бидејќи е петок и колку што знам прв пат работиме викенд ден како Собрание - работиме од 10,00 часот колку што знам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Сега ќе привршиме со оваа точка и ќе ја прекинеме расправата.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Би предложил, бидејќи се лоши и временските услови, поголемиот број од пратениците веќе си заминаа, мислам дека можеби е добро да ја прекинеме расправата и да продолжиме во понеделник.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро, да ја привршиме расправата. Бидејќи повеќе или помалку се повторуваме, јас би ја заклучил точката со следниот заклучок односно му предлагам на Собранието да го усвои следниот заклучок:

(Пратеникот Ризван Сулејмани бара збор)

Рековме да се откажеме од дискусија, но ако не се откажувате, повелете.

Има збор г-динот Ризван Сулејмани.

**АМДИ БАЈРАМ:** (од место)

Процедурално барам збор.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Оставете процедурално.

Повелете, а Вам ќе Ви дадам после збор.

Господинот Сулејмани има збор, Ве молам, седнете на место господине Амди.

**АМДИ БАРЈАМ:** ( од место)

Барам 61 пратеник дали има присутен во салата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ќе погледнат сега, а кога ќе гласаме ќе видиме дали има 61 пратеник.

**АМДИ БАРЈАМ:** (од место)

Со 30 пратеници работиме, во тоа е работата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Повелете, г-динме Сулејмани.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитувани пратеници, го имам предвид трпението на пратениците и затоа ќе се обидам да бидам што е можно пократок, но неможам да излезам од оваа седница без да кажам некои мои видувања за се ова што се случува за и околу Тајван.

Според она што се кажа досега, јас успеав да увидам две различни видувања по повод воспоставувањето дипломатски односи со Тајван.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ги молима пратениците за трпение уште малку да останат овде.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Едните воодушевени и како да добија инспирација, дури и песни ќе пеат, така добра иднина ни доаѓа, а другите по малку депремирани и со страв гледаат на се она што може да се случува.

Јас не припаѓам ни во едната ни во втората група на пратеници кои имаат такви екстремни видувања за ова што ни се случува со овој дипломатски чекор на РМ. Она што сакав да го кажам овде се две работи за кои чувствувам должност да кажам пред овој Парламент, што не ми се допаѓа.

Едната работа е начинот на кој се воспоставени дипломатските односи со Република Тајван, а тоа е речиси во потполна тајност, просто кажано со фенер, целава работа беше одвивана што како начин и прокламација на новата власт дека сите работи ќе ги води транспарентно и отворено, за да можат да знаат граѓаните на РМ кон што се стреми Владата на РМ. Ќе морам отворено да кажам овде дека тоа ме потсетува на некои поранешни такви договори, кои посебно на нас албанците тешко ни паѓаат, а тоа е договорот што беше на некој начин со даден амин за воспоставување на некоја голема Србија. За жал актерот на овој или оној начин е ист. Ова сигурно дека ми дава за право да се сомневам дали и во некоја друга зделка и други околности на овој или сличен начин ќе се направи некој договор за ли-цето на јавноста кој може да биде кобен за албанците, посебно во РМ. Ова мое несогласување морав овде јавно да го кажам. Јас навистина би сакал РМ дефинитивно со ова да плива во помирни води , особено во делот на економските проблеми.

Свесен сум дека досегашната Влада имаше поинакви видувања за надворешната политика. Таканаречената еквидистанца на некој начин ја изолираше РМ и створи доста голем дел на проблеми кои потекнуваат директно од таа политика.

Поозитивната енергија за која се залагаше и ја промовираше новата Влада, уште при првото појавување, за жал, се рефлектираше со многу негативни рефлекси. Така, наместо да се црта границата со Север, ние добивме ембарго. Наместо да го решиме проблемот со Источниот сосед, ни се ископаа карти и се креваат споменици. Друг еден сосед само што не не нарече со едно ниско име, зоолошка градина. Веројатно, најдена во ваква ситуација, новата Влада, а од друга страна големите ветувања за решавање на економските проблеми решението го најде многу далеку во далечниот Тајван. И да верува, еве би сакал да верувам дека навистина ќе дојдат тие кобни милијарди, но искрено се плашам и се прашувам што со тоа. Уште првите сигнали, уште пред да се спушти авионот во РМ веќе ни се најави дека од Тајван ни се порачува и претседател на државата. Со сето тоа, сакале ли ние да признаеме или не, ќе дојдеме во многу незгодна ситуација. Уште повеќе кога една политичка партија која во моментот е опозиција, јавно најави дека ако случајно дојде на власт таа ќе ги прекине дипломатските односи со Тајван.

Се поставува прашањето како ќе постапува Тајван ако случајно овде инвестира милијарда долари. Соочен со фактот дека евентуално доаѓањето на власт на политичка партија која во моментот е опози-ција ќе ги прекине дипломатските односи. Веројатно со цел да ги сочува своите интереси односно своите вложени пари овде ќе направи се на власт да дојде политичка партија односно да остане политичка партија или гарнитура која и понатаму ќе ги сочува тие односи. Со тоа мислам дека дефинитивно ќе дојде до суспензија на демократ-ските односи на една држава. Тогаш автоматски ќе прерасне во држава каде сосема други сили оддалеку ќе диригираат и ќе донесат власт. А тоа е дефинитивно и крај на демократијата на РМ.

Овие видувања неможев а да не ги кажам, иако верувам дека гласањето нема да биде проблем и оваа Информација ќе биде прифатена од страна на партиите на власт.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Г-динот Флоровски уште бара збор.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Овде продефилираа 20-тина души, ред е да се даде збор. Јас така ја сваќам работата. Имаше доста интересни дискусии, констуктивни од двете страни и она што би рекол народот "округло па на ќоше". Ќе бидам краток, десетина минути, можеби и нешто повеќе, се надевам и конструктивен.

Навистина оваа точка околу воспоставување на дипломатските односи меѓу РМ и Тајван едноставно неможе да се прескокне, затоа што е предмет на интересирање на целокупната македонска јавност. Со сите свои контраверзности и нејаснотии, пред се според мене, пласирани од првиот човек на државата и актуелната опозиција олицетворена во СДСМ. Пред се, во функција на прикажуваше на денешната влас олицетворена во овие три партии од десната страна, како дилетанска, некадарна, која на секој чекор ги продава националните интереси на РМ. Тоа провеа скоро низ сите дискусии на пратениците на СДСМ. Што е најтрагично, истовремено обвинуваат т.е. нас не обвинуваат дека е срушено достоинството на граѓаните а со тоа и на државата.

Во натамошното мое излагаше ќе стане збор кој е тој што го сруши достоинството на овој народ, економски и политички, во минатото и чии рефлексии денес со сета жестина го погодуваат македонскиот граѓанин. Ќе се осврнам на три битни елементи кои треба да се проанализираат, за да се свати суштината на воспоставување на дипломатските односи меѓу РМ и Тајван.

Првиот сегмент е што денес претставува Народна Република Кина.

Вториот момент е чинот на воспоставуваше на дипломатските односи со Тајван.

И третиот момент е зошто е тоа направено.

Народна Република Кина со своите 1,2 милијарди жители, со атомската моќ под нејзина контрола претставува трета велесила после САД и Русија, држава со голем економски потенцијал, членка на Советот за безбедност со свои економски и трговски претставници во многуте светски форуми од меѓународен карактер. Држава која не призна под Уставното име, но со предуслов, како што стои во Информацијата на Владата, дека има само една Кина т.е. Народна Република Кина со главен град Пекинг, што според мене, тоа е мое лично мислење, несоодвествува на фактичката состојба, затоа што Тајван денес е реалност со своето капиталистичко уредување и со својот огромен економски потенцијал. Впрочем, своето политичко опстојување Тајван им го должи пред се на САД и тука не треба да се има дилема чија влијателна свера е Тајван. Ќе потсетам на минатогодишните или ако не се лажам на 1997 година, на маневрите кои ги одржа Народна Република Кина, која го загрозуваше територијалниот интегритет на Тајван. САД веднаш реагираше со испраќање на два носачи на авиони од Пацифичката флота во функција на подршка на Тајван и нејзината територијална целовитост. Да не говориме за американските бази на овој оствор. Но исто така во името на вистина чесно е да се признае, како што спомнав и претходно што претставува Народна Република Кина во светски рамки.

Вториот момент е чинот на воспоставување на самите дипломатски односи со Тајван. Според член 91 од Уставот на РМ, Владата е таа што одлучува за признавање на држави и Влади, воспоставува дипломатски и конзуларни односи со други држави, донесува одлуки за отворање на дипломатско-конзуларни претставништва во странство и тн. Така што паѓаат во вода сите калкулации класирани од наводно независните медиуми, а поттикнати според мене од г-динот Глигоров и СДСМ дека Владата работи на своја рака. Работење на своја рака според мене значи пред се непочитување на највисокиот акт на државата, што воопшто не држи имајќи го предвид член 91 од Уставот на РМ. Неистомисленици или злонамерници секогаш имало и ќе има, но жестина пред се од првиот човек на државата, г-динот Глигоров е индикативна и ми се чини дека причината не е само признавањето на Тајван, што автоматски значи прекин на односите на Народна Република Кина, туку се користи моментот за можна, велам можна промена на политичката констелација на силите во РМ, за што подоцна ќе говорам.

На страна 3 од Информацијата на Владата стои дека и покрај заложбата за развивање на економската соработка во изминатиот период се движеше во рамките на скромните три до четири милиони американски долари стоковна размена, со постојан дефицит на македонската страна. Ако веќе така стојат работите, искрено да ви кажам, сепак жалам што Кина ги раскина дипломатските односи со РМ , но тука сме нели немоќни. Едноставно кажано, лично ме погодува ситуацијата сите да не чукаат по рамо колку сме ние добри, умни или кооперативни, а при тоа економски секојдневно да тонеме. Ваквата ситуација мораше еднаш да се прекине. Имајќи ги предвид политчките консеквенци по РМ , кои евидентно стојат, кредитот од 87 милиони долари наменет за Хидроелектраната "Козјак" , а остатокот за изведување градежни рабори, според информацијата на Владата се дадени без никакви позначајни поволности, во што немам причина воопшто да се сомневам дека е така. А дали кинескиот партнер увезе македонска стока во вредност до 13 милиони американски долари, како што беше договорено, не се знае, јас барем незнам.

Но всушност, зошто е тоа направено, т.е. севоспоставени дипломатски односи со Тајван?

Затоа што, господа од СДСМ, преку ноќ со народни пари станавте "родшилдови", "рокфелери", "билгејцови" - тоа се финансиски магнати и тн. за македонски услови нешто невидено. Мислам дека воопшто не е смешно. Створивте банкрот држава чии корени треба да се

бараат во почетокот на вашето многу "чесно" работење од 1992 година, кога дојдовте на власт. Мислевте дека лично ќе владеете, за-бораваќи при тоа дека се има свој почеток и крај, како што е и човечкиот чивот, нормално и дека вашите криминални активности кои деновиве се предмет на обработка ќе останат незабележани. Но очигледно дека не е така. Криминалот и корупцијата станаа синоним за СДСМ и македонско секојдневие за време на вашето владеење. Чест на ретки исклучоци, постојат такви луѓе во СДСМ . Попатно само би ги спомнал колку да ве потсетам, пирамидалните штедилници како "ТАТ", "АЛФА ЕС", "ЈУГОРЕКЛАМ" од каде буквално се дрпнати 200 милиони германски марки од штедачите кои најверојатно, пак според мене, завршија во џебовите на некои, реков некои од вртушките на СДСМ. Или можеби се лажам? Во вашето чесно, пак ќе кажам во наводници, работење незнаевте за крај. Окото толку ве соблазуваше што посегнавте и по фабриките и по претпријатијата. Направивте и приватизација невидена во светот. Ја правеше вашиот министер Јане Миљовски, ако не се лажам. Преку ноќ се накотија новопечени богаташи, пред се од редовите на СДСМ. Оставивте господа стотици илјади работници на улица и тоа е факт. Едноставно кажано, народот го доведовте до просјачки стап. Но тоа нели не се гледа од вилите на Водно или десната страна на Вардар. Не се гледа како македонците буричкаат по канти и контејнери . Можеби звучи патетично но така е. Но тоа вас апсолутно не ве интересира. Вашите деца најверојатно се вдомени, можеби студираат и на најдобрите универзитети во светот. Впрочем, народски кажано, "кој го шиша обичниот човек " може да преживува, според вас може и да умре. Вас воопшто тоа не ве засега. Обезбедени сте финансиски во туѓите банки. Околу 3 милијарди германски марки завршија во приватните џебоби само за време на ембаргото. А овде ни продавате чеснотија! Тоа, колку да ве потсетам, се два годишни буџети на РМ. Огромен дел од гореспоменатите пари завршија во џебовите на луѓе на СДСМ или блиски до нив. Ние бевме изолирани во тој период.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Според мене, поради ваквата состојба и се воспоставени дипломатските односи со Тајван. Затоа господа никој нема право да го одземе правото на достоинствен живот на граѓаните на Република Македонија. Затоа што овој народ има право да живее како до сега. Има право да си ги добие ограбените пари, има право да биде свој на своето, а не да ја напуштаат земјата по разно разни држави, како Америка, Нов Зеланд и тн. Сметам дека Македонија овде се брани а не надвор. Господа од СДСМ станавте тотално нечувствителни, барем за солзите на обичниот смртник, на обичниот македонски граѓанин, но не и за сол-зите на вашата партиска книшка број еден господинот Глигоров. Но вусшност, што сакаше да каже господинот Глигоров во својот би рекол срцепарателен говор по повод признавањето на Тајван од страна на македонската Влада. Околу самиот повик на граѓански бунт и минатиот пат говорев, но уште еднаш би повторил дека очекував од него лично, но да повикува на граѓанска војна меѓу македонците, нешто би рекол најступидно изговорено од првиот човек на државата. Сметам дека пре-многу малку ќе дозволиме таков луксуз. Ние можеме партиски да не се согласуваме, но сепак сме македонци. Да повикуваат на граѓански војни диктатори од Јужна Америка или од Африка и господ знае уште од каде, ги нема или ги има, тоа е веќе видена работа, но политичар од европски ков, како што го прикажуваа медиумите господинот Глигоров, е недозволиво. Или да бидам уште појасен. Дилетанско однесување, дали тоа го направил под притисок на СДСМ или не, или тоа бил негов личен став во емотивниот наплив на претседателскиот плач, плач кој не трогна баш премногу луѓе. Но зошто беше потребно да се плаче, дами и господа со тоа се манифестира и достоинството на една држава, во случајот Макеоднија, или во краен случај недостоинството на Република Македонија презентирано преку настапот на господинот Глигоров на македонската телевизија. Искрено да ви кажам сведок сум на на сите настани вклучително и политички од осамостојувањето до денеска. Не паметам господинот претседател на Република Македонија господинот Глигоров да се расплаче на пример по 40-те или повеќе загинати македонски војници во туѓите боишта за туѓи интереси. Не паметам дека се расплакал кога 1991-1992 година ги испраќаше македонските мајки во непознато, кои ништо друго не бараа освен само своите деца. Не се расплакал на црната судбина на технолошкиот вишок за илјадниците отпуштени од работа, дело на неговите колеги од СДСМ. Не се расплакал и по опљачканите штедачи од пирамидалните штедачи од кои некои трагично си ги завршија своите животи, одземајќи си ги лично. Не се расплака за многу работи, кои не сакам да ги спомнам, туку најде да се расплаче за склучените дипломатски односи со Тајван, кои овој пат според мене, значат опстој за македонската држава. Македонија која денес е банкрот, пред се благодарејќи на новите момци од СДСМ. Вие сте старите. Но исто така се прашувам дали господинот Глигоров би се расплакал на можните стотици и илјадници жртви кој беше спремен да ги жртвува со опстојување на власт Зошто ова го говорам. Затоа што господинот Глигоров врз основа на наредбата број 381/1 од 19 октомври 1994 година заведена како државна тајна го овластува тогашниот министер за одбрана господинот Владо Поповски за ангажирање на 300 припадници на АРМ вооружени до заби со автоматски пушки, боева муниција, шок бомби и бомби кашикари, во функција на наводна заштита на објектите од посебен интерес како што беше Домот на АРМ да бидат на протесниот митинг на денот на вистината, одржан меѓу двата изборни круга 1994 година, во организација на ВМРО-ДПМНЕ и тогашната Демократска партија со

наредбата која претходно ја спомнав потпишана лично од Глигоров наредува специјалците да ги вперат пушките лично во сопствениот народ, тогаш најверојатно самиот господ бог ја чувал Македонија за да се случи последователно она што денес е фактичка политичка состојба во државата и сметам дека така заземениот курс на промени е единствениот пат што побрзо излегување од живиот песок во кој не втурнаа довчерашните влаштодрсци. Нека не говорам на памет, ако имате желба ќе ви го презентирам и документот излезен од господинот Глигоров, или ако сака господинот претседател може да го фотокопираме. Но се води како воена тајна строго доверливо. Тоа е вашиот претседател миротворец наречен писмеркер.

**ЉУПЧО ПОПОВСКИ:**

Јас се извинувам но морам да ставам забелешка на вас претседателе, бидејќи мислам дека е во ред да си ги почитувате сопствените ставови и заклучоци од минатата седница, каде што јавно обзнанивте дека нема да дозволите да се етикетираат, да се дискредитираат личности кои што не се присутни во салата. Мислам дека овој пат му погледавте низ прсти на господинот Флоровски.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Точно е тоа дека јас се залагам до крај, меѓутоа, оние личности кои што се поканети, тие би требало да присуствуваат, а инаку од дискусиите понекогаш заземаат и странични елементи, каде што тешко човек може да верува, бидејќи секогаш се враќаме повторно на Тајван, повторно на договорот и кога ќе видите се едно со друго е поврзано.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Дами и господа пратеници, почитуван претседателе јас се надевам дека пратениците нема да бидат предизвикани од ова одолжуваше на седницата, затоа што не ми е намера, ќе бидам краток, но во секој случај би сакал да ги изнесам и моите видувања, по се ова што е исклучително актулено последните денови, односно по повод на тоа што имавме можност да го слушнеме, по повод поднесената информација за воспоставување на дипломатски односи меѓу Република Македонија и Република Кина-Тајван, кои што денеска се движеа под жестоко противење, преку изразување на надеж, до жестоко одобрување. Јас ќе бидам сместен некаде во средина, кај тие што изразуваат надеж дека целиот овој проект ќе успее, но во секој случај сакам да ви обрнам внимание дека со самото тоа што влегувате во една ваква хазарна игра ќе сносите и соодветна одговорност, до колку целата оваа работа не успее. Затоа што и од вашите дискусии до сега што имавме можност да ги слушнеме, а и од оправдувањата кои што доаѓаат од Владата, се добива впечаток дека се е ставено на една карта. Доколку не успее ова со Тајван, дефакто веќе Македонија не може никако да се извлече. Јас се надевам дека ова не е вистината, дека сепак и без Тајван би требало да се најде решение за излез од кризата. Но сигурно дека никој не може да остане рамнодушен на еден ваков чекор, како што е воспоставувањето на дипломатски односи со Тајван и повеќе надежите кои што се будат со воспоставувањето на вакви надежи. Имено, сите почнавме да се прашуваме кој е Тајван, што е Тајван, како се создаде тоа чудо тајванско и аеднаш посакавме и ние да бидеме исти такви. Но, јас од тоа што успеав да разберам од луѓе кои што подобро ги знаат состојбите како некој дошол до тоа што е, дојдов до заклучок дека сепак Тајван не е никаков феномен и дека не е никаква случајност. Дека Тајван е резултат на едни состојби кои беа предизвикани со резултатите од Втората светска војна и со победата на Кинеската револуција и капиталот кој што беше прелеан во тогашна формоза, или сегашен Тајван или Република Кина.

Мислам дека доколку Република Македонија ја гледаме и посакуваме да стане втор Тајван, ние значи посакуваме еден огромен капитал да се влее во Република Македонија. И тоа токму од Тајван во Република Македонија. Јас се надевам дека има и нешто што не ни се кажува, што се гаранции дека навистина тоа ќе се направи. Но на неко начин сепак, се добива впечаток дека не се изнесуваат сите информации до крај пред нас како пратеници. Имено, кога ова го кажувам, пред се, мислам на тоа што сите ние и како политичари и како граѓани си го поставуваме како прашање. Зошто токму Република Македонија ја имаше храброста да го направи ова, а нема ни една друга држава, ниту во регионот, па ниту некоја посериозна држава во светот. Единственото што може да ни текне, односно што така кружи меѓу народот е дека или САД стојат зад ова, што министерот за надворешни работи на некој начин сакаше да го даде до знаење дека тоа е тоа зошто Република Македонија ја има таа храброст да го направи овој чекор, што јас навистина се надевам дека е тоа така и дека на некој начин Република Македонија сака да се ослободи од баласот УНПРЕДЕП и на овој начин очекува дека Кина ќе стави вето, со тоа УНПРЕДЕП и русите ќе заминат и Република Македонија ќе се ослободи од тој притисок кој што се има од русите. Јас се надевам дека навистина САД стојат зад оваа работа и доколку стојат, тогаш полесно јас би го прифаашл ова, односно доколку министерот може тоа отворено да го искаде да знаете дека тогаш во многу ќе ја релаксира состојбата и оваа нервоза што постои кај граѓаните, но во секој случај доколку не е така, јас се плашам дека ова сепак ќе излезе еден хазард.

Тоа што за крај би сакал да го кажам е еден недостаток од согледување дека ваква клима која што се создаде во Република Македонија помеѓу политичките партии, која што се пренесе и кај граѓанството, каде што едни жестоко се противат, други жестоко го бранат овој чекор, се разбира, дека остава впечаток, односно раѓа сомнежи кај тој од кого што се надеваме сите

дека ќе ни помогне да се извлечеме од една состојба во која што сме и впечаток е дека со промената на политичките односи може да дојде и до промена на ставовите, што на некој начин целиот овој проект може да го доведе во прашање.

Јас мислам дека во овој случај недостасуваше една желба да се постигне можеби консензус помеѓу сите граѓани на Република Македонија и овој чекор да беше поддржан од сите подеднакво. На овој начин мислам дека оставаме простор некој да се сомнева во тоа, што може да биде одговор на Република Кина-Тајван, односно оставаме отворена можност некој да се посомнева во сериозноста на целиот овој проект во кој што влегува Република Македонија, односно на опаснос-та да се случи тоа што имаме информации дека се случувало, во некои случаи, по менувањето на власта да дојде до раскинување на дипломатските односи. Уште еднаш, министерот не е овде, но во секој случај јас го повикувам доколку може да каже, или да навести уште нешто што не е кажано во однос на воспоставувањето на дипломатски односи со Република Тајван, да каже пред нас пратениците овде, затоа што на тој начин во многу ќе ни ја олесни во заземањето на став, по однос на ова прашање.

**АЛЕКСАНДАР ДИМИТРОВ:**

Бидејќи овде се почитуваше или не се почитуваше принципот за луѓе кои не се тука да се говори, јас бев скоро цело време тука, сакам за неколку работи да дадам одговор или коментар, иако не очекував во услови кога се објаснува дека е загрозена безбедноста, и суверенитетот и тн. од истите тие да се предложи да се прекине седницата во сабота и недела ќе ни биде се во ред, а во понеделник повторно нема да ни биде безбедноста во ред.

Второ, околу анализата нула. Се беше практично предвидено, освен две работи. Не знаев дека една од последните дискутантки толку кратко ќе зборува и второ дека нема да има толку каруселски и омнибусни дискусии, за кои го молам секретарот на Собранието да ги симне, па некој да ги прочита и да знае што сака да каже. Слушнавме овде неколку тези кои може да ги групираме во неколку елементи. Прво, што е тоа скандал, авантуризам, црна дамка, фарса и тн. Ги кажуваа луѓе кои во свое време беа стручњаци за тоа, за јавни куќи, беа стручњаци за разни други области и одеднаш станаа инстант теоретичари за меѓународните односи, ат хок заштитници на една земја, заборавајќи го интересот на сопствената. Само прогласени познавачи на системот на светската организација на ОН и тн. За таквите коментари или оценки, за дилетантизмот, за диверзанството, и за се некој таков тип на епитети или оценки, јас воопшто немам намера да коментирам, го оставам на тие кои го кажаа. Само крадецот може да говори за крадци. Само оној што работел со провизии и проценти може да тврди дека некој зема провизии и проценти, само оној што ја опљачкал државата може да претпостави дека други сакаат да ја опљачкаат. Мислам дека таквите тези ги слушнавме, веќе беше се кажано од левата и од десната страна и навистина не води натаму. Давање пари, никој освен оние што досега барале пари, што земале пари не спомна дека воспоставувањето на дипломатските односи со Република Кина е давање пари или земање пари. Во сите изјави во заедничкото соопштение, кое со задоволство ќе му го дадам и на господинот Амди Бајрам, нема да му пречи ако го има и на македонски и на англиски и на кинески, не станува збор за земање и давање пари. Станува збор за еден инвестиционен потфат, станува збор за широки инвестиции кои беа спомнати од повеќе стотици милиони долари, станува збор за отворање на еден процес врз заемна основа, врз заемно добро, врз запознавање на потребите и можностите за еден поширок економски просперитет на оваа земја.

**АЛЕКСАНДАР ДИМИТРОВ**: (Продолжение)

Навистина ме изненадува што ние не можеме, гледајќи го она што објективно кај некои луѓе претставува кочница, затоа што, можеби, и досега не е направен некој огромен подем во развојот на оваа земја, да се согледа дека перспективата е пред нас и дека одлуката оваа Влада ја однесе, прво поаѓајќи од својата уставна надлежнсот и второ од својата определба да ја менува Македонија кон подобро.

Се јавија тука стручњаци и за толкувањето на разни изјави во разни земји и овде во моментот ни пречат полувистините. Се цитираше изјава на американскиот претседател околу Кина без да се знае или без да се прикрие дека веднаш потоа со гласање 92:0, амеркинаскиот Конгрес кој сепак е највисок законодавен орган во САД беше донесен актот за таа земја во која таквата изјава на американскиот претседател практично беше и осудена и дерогирана. Одеднаш се најдоа стручњаци за вета, се бараа некакви гаранции дали знаеме дека Кина нема да стави вето, а од каде пак некој знае дека ќе стави вето и да ја добиеме таа гаранција дека ќе стави вето. Одеднаш се јавија луѓе кои мислат дека ние кон Европа ќе се доближиме само ако сме бедни, сиромашни, недемократски, без владеење на право и без почитување на човековите рпава и слободи. Угледот на оваа земја и фактот што ние навистина сме далеку од Европа се должи на досегашниот развој и на досегашните состојби. Ние сме далеку од Европа затоа што сме неконпактибилни. Европа е и Гостивар, Европа е и контејнерот, Европа е и пазарот, Европа е и судот, за кој занеме како работи, Европа е улицата каде што ја гледаме нашата култура и нашиот однос. Европа е производството кое денес е 35% искорис-тено, Европа се долговите ис е она што доаѓа со тоа. Ние само со раз-вој и со една таква инвестиција можеме да само да се доближиме повеќе до Европа. Оттука навистина

ме изненадуваат оценките дека на тој начин се одалечуваме од Европа. Точно е Европа има заедничка политика, а точно е и тоа дека ја почитува, пред се, основното право во меѓународните односи и од Повелбата на ОН дека секоја земја е рамноправна, секоја земја е суверена и секоја земја има право да си го штити својот суверенитет, пред се низ својот развој.

Еден од социјално-меѓународните теоретичари овде кажа една вистина која можеби така му излета , а тоа е дека Кина, поаѓајки од нејзината, незнам каква политика во некои земји поттикнувала движења кои настојувале да ја оборат власта во тие земји. Еве Ви добра идеја и работете.

И конечно, уште две работи.

Слушнав еден комплимент за Министерството дека е раштимуван клавир. Сепак е тоа подобро од распукана шупелка.

Конечно, Ве молам, избришете ја прашината од Вашите часовници, надвор е друг ден, надвор е друго време, надвор е дојдена Влада која има сосема друг ментален склоп на размислување, живее во еден друг матричен систем на вредности. Останете во историјата, дајте им го на граѓаните на Република Македонија право да има своја иднина и сам да одлучува за неја.

Благодарам. (Аплауз)

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има реплика г-динот Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Јас бев спомнат во излагањето на министерот. Нормално не барам никаква провизија и несакам никакви провизии, иако сум дел од 120-те пратеници овде и од Владата. Провизии мене не ми требаат, провизии има во Македонија, може провизија тука да се направи .

Јас го респектирам многу министерот за надворешни работи, ја респектирам Владата, респектирам се овде, сите што овде се смеете и голема благодарност за сето тоа, но јас пред малку барав процедурално да се обратам, но не добив збор и нормално морав да си го искористам своето рпаво и на овој начин да излезам на говорница.

Јас барам седницата да се прекине затоа тшо незнам дали има 61 пратеник во салата и барав од спогодбата која е потпишана меѓу Република Кина и нашта држава Република Македонија да ми се достави дополнително па да можеме да заседаваме и да одлучуваме. Нормално министерот излезе со свое излагање, но ние тука треба да имаме еден увид, да видиме што потпишала Република Македонија со Република Кина-Тајван, да знаеме каде се наоѓаме. А кажав, до колку има нешто убаво таму и јас ќе гласам за тоа. Ако не, нормално нема да гласам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Госпоѓата Шекеринска сака да постави процедурално прашање, само ве молам немојте тоа процедурално да биде цела дискусија. 5 минути имате за процедурално прашање.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

За разлика од коментарот би рекла, бидејки немаше никаква дополнителна аргументација што ја слушнавме од министерот, значи коментарот, за разлика од овој коментар.

Јас нема да се осврнам на стилот на министерот и покрај тоа што тој би бил интересен за анализа, бидејки слушнавме многу нешта за стилот на нашиот министер за надворешни работи, како што е на пример дека нема намера да коментира изјави на државници кои што удираат директно врз угледот, дигнитетот, рејтингот и т.н. на Македонија и граѓаните на Македонија. Тогаш министерот за надворешни работи практикуваше позитивна енергија, меѓутоа таа му се однесува само за странците или за оние кои што мисли дека не може да им се спротивстав Меѓутоа, за тоа беше, навистина, така описен кога делеше овде дкомплименти за изјави или за коментари, дискусии на одредени пратеници, нормално од опозицијата.

Значи тргајки го на страна она кој за што е експерт, дали се тоа луѓето кои што дискутираа досега и ако ништо друго дискутираа со информации кои што можат да се демантираат. Меѓутоа министерот сите тие деманти и спротив информации ги одлага на некое неодредено време, претпоставувам кога ќе биде расположен. Значи тргнувајки ги тие квалификации сметам дека две работи мора да се коментираат дополнително. Првата работа е во поглед на провизиите за што овде беше наговестено дека некој ги измислил односно дека можат да ги измислат само оние кои што и во минатото земале провизии. Тезата е веќе, напорна и толку отрцана.

Меѓутоа, имаше овде обид и на друг пратеник кој што ја спомна провизијата да му се поттури дека измислува теза за провизија. Но Вие ќе се потсетите дека тезите за провизија ги слушнавме. И директорот за Агенцијата за обнова и развој прво ја одби можноста да постојат такви провизии, пошто, нели, Тајван не е таква земја. Меѓутоа, потоа, на отворените трибини во Штип и Кавадарци кажа дека се зборува за огромна злоупотреба на зделката со Тајван за некакви огромни провизии. Морам да кажам дека во бизнисот на развиенито свет провизијата е установена практика. Таква е и во Тајван. Настрана што доколку ова дојде со информација, или како информација дојде до некои светски организации како што е на пример "Транспирентинтернешел" која што токму се занимава со ова прашање, биде интересно како оваќе влијае на рејтингот, бидејки според излагањето на првите луѓе на оваа организација и нивните материјали таквата теза дека провизијата е редовна работа во бизнисот е само

оправдување на оние што даваат и земаат провизија, па тоа сега сакаат да го практикуваат и да го кажуваат. Меѓутоа тоа на страна.

Факт е дека актерот на оваа цела Тајванска афера и зделка кажа дека постои провизија. Затоа ве молам не ме враќајте назад. Или пак, можно е и тоа бидејќи слушавме дека неколку пратеници и членови на влада, заменици министри, министри, членови на извршни канцеларии или раководства на партиите имаат различно ниво на информации кои што им биле достапни и дека едните знаеле нешто, другите не знаеле, так ашто можеби ова што го кажува директорот за обнов аи развој е не-познато и прв пат го слуша министерот за надворешни работи, мегутоа дозволете дека сме го слушанле и сме го прочитале.

Што се однесува до одлуките и позицијата на САД, мислам дека тука не треба да се прави фама околу сето тоа. Постои резолуцијата која што беше спомената 2758 на ОН во поглед на единствената легитимна влада која што ја претставува Кина во ОН, тоа е Владата на Народна Република Кина. Постојат три аззеднички комуникеја меѓу Кина и САД кои што исто така ги регулираат овие односи и во кои Владата на Народна Република Кина е едитифицувана како единствена Валда на Кина која што ја покрива целата територија. И, постои фактот што никој овде не го оспори, и покрај тоа што се даваа некои квази, нафрлени оправдувања, а тоа е дека СДА не го признале Тајван за разлика до Република Македонија која ја откри волшебната формула и сега уште сака да каже дека не само што таа формула носи пари иако сега министерот сега успешно повторно го избегна прашањето на пари и договори во финансиска смисла туку и тоа е мудар и што би рекле првокласен политички чекор на Владата. Ако ова е првокласен чекор на Владата можам да замислам што ќе очекуваме понатаму од оваа Влада.

Ви благодарам на трпението. Пратениците на победничката коалиција очегледно веќе се чувствуваат толку паметни, толку моќни, толку силни, како впрочем и министерот, што нема потреба да не слушаат. Можеме да организираме дупли сесии едни каде што они ќе си го кажат своето мислење, едни каде што мие ќе го кажеме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам.

Во принцип министерот не реплицира.

Во оваа ситуација да не одиме сега од збор на збор и да не отвараме расправа. Во принцип рековме да не спомнуваме личности кои што не се тука. Трети пат ова го кажувам, и јас од сега натаму ќе одземам збор. Јас незнам веќе како да Ви укажам дека не смееме да говориме за лица кои не се присутни. За оние што се поканети, а не дошле може да се зборува. Но, за тие што не се присутни овде, Ве молам не смееме да зборуваме.

Јас незнам зошто инсистирате г-дине министре. Ке отвориме наново расправа.

Има збор министерот Димитров.

И ги молам сите пратеници да влезат во салата да видиме дали не има толку колку што треба да гласаме и да ја завршиме оваа точка.

**АЛЕКСАНДАР ДИМИТРОВ:**

Не барам збор, само една реченица сакам да кажам.

Еве, во рамките на позитивната енергија и благодарам на пратеничката Шекеринска што ме прогласи за нејзин министер за надворешни работи.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ајде Николче Поповски сега ... Навистина нема смисла.

Има збор пратеникот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ;**

Г-дине Савче Климовски дали ми дадовте збор или нешто се буневте.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ви дадов збор. Повелете.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Јас би сакал да укажам на две работи.

Прво од министерот видовме една инвенција и второ видовме една стара работа. Инвенцијата е дека се обрати на пратениците од опозицијата на начин на кој ниеден министер во изминатите осум години од самостојноста на Македонија вклучувајќи ја и експертската Влада на г-динот Кљусев од која беше разрешен од потсекретар во Министерството, се нема обратено на пратениците со толку уврдливи зборови и со толку навреди. Веројатно тоа е концептот на промените. И тоа е концептот на Европа за кој еве толку упорно не убедуваше дека е. Меѓутоа она во што не е воопшто оригинален се заканите до пратениците на СДСМ затоа што тие закани ги слушнавме од неговите колеги: Боби Спирковски, Владо Камбовски, Павле Трајанов и да Ви кажам веднаш не сте оригинален и нема ни да не заплашите со својата неоригиналност.

Видовме дека г-динот е многу досетлив за дискусиите на пратениците само од СДСМ . Меѓутоа, не знаевме дека е толку досетлив кога ќе доаѓаат колегите каде што требаше да ја заштити Македонија, како што беше кажано. Замислете како се чувствував јас како македонец чии корени се од Егејска Македонија ког нашиот министер не беше досетлив да му каже на дотичниот г-дин Пангалос дека тамошните македонци не се на пример сталинисти, славомакедонци и хомосексуалци. Кога не им кажа на бугарите во Македонија дека преведувачот не е излишен и дека не се нашите јазици исти и уште кој да знае колку работи. И сега конечно станува сосема јасно зошто сите преговарачи во Македонија си одат задоволни од Министерството за надворешни работи затоа што таму едноставно

постигнуваат се што сакаат. Едноставно се нема крај за ништо.

Мислам дека недостатокот на аргументација за дискусијата за која и јас бев овде прозван од министерот за надворешни работи се должи на две работи. Прво аргументацијата не постои за да биде контра аргументација на тоа што беше изнесено, а второ го нема ни крејаторот на надворешната политика на Министерството за надворешни работи во салава за да може да дошепне која е контра аргуемнтацијата. Ако е присутен веројатно ќе има.

И кога веќе толку многу постои во Европа тоа што го на-броивте, во Европа постојат уште некои работи, како што се: огласување на избор на обвинител кој не е разрешен, како што се поставуања на партиски луге во независните медии, како што се псотавувања на пратеници за директори на независни медии, како што се упат во новинарско издавачките куќи, како што се сменување на се и сешто и како што на крајот Европа е  и еден ваков министер за надворешни работи на Македонија, впрочем.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ве молам, бидејки со ова мислам дека е исцрпена расправата и никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Молам да се избројат пратениците да видиме дали имаме 61 пратеник присутен денеска за да можеме да пристапиме кон гласање.

Нека влезат пратениците што се надвор за да можеме да се преброиме.

Во салата се присутни 76 пратеници.

Го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија ја усвојува Информа-
цијата за воспоставување на диполматски односи меѓу Република Македо-
нија и Република Кина-Тајван.
2. Овој заклучок да се достави до Владата на Република Маке-
донија и Министерството за надворешни работи.

Кој е за овој заклучок, молам да крене рака? (65 пратеници се за усвојување на информацијата.

Кој е против? (7 пратеници)

Дали има воздржани? (2 пратеници)

Според тоа заклучувам дека Собранието ја усвои Информацијата Продолжението на седницата го закажувам за вторник во 11.

(Седницата азврши во 19,25 часот).